**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот од работењето и остварените резултати на ЈП „Градски гробишта“ - Охрид за периодот од 01.01.2024 до 31.12.2024 година, усвоен од Управниот одбор со Одлука бр.02-201/3 од 03.03.2025 година и Заклучок на Надзорниот одбор бр.02-195/4 од 03.03.2025 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3254/22** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2025 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ ОД РАБОТЕЊЕТО И ЗАВРШНАТА СМЕТКА НА ЈП „ГРАДСКИ ПАЗАР“ ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01 ДО 31.12.2024 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за остварените резултати од работењето и завршната сметка на ЈП „Градски Пазар“ Охрид за периодот од 01.01 до 31.12.2024 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2025 година.

**Број 09 – 3254/127** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2025 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2025 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ ОД РАБОТЕЊЕТО И ЗАВРШНАТА СМЕТКА НА ЈП „ГРАДСКИ ПАЗАР“ ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 31.12.2024 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за остварените резултати од работењето на ЈП „Градски Пазар“ Охрид за периодот од 01.01 до 31.12.2024 година, усвоен од Управниот одбор со Одлука бр.02-117/4 од 28.02.2025 година и Заклучок од Надзорниот одбор бр.02-

116/6 од 28.02.2025 година, како и Завршната сметка за 2024 година, усвоена од Управниот одбор на ЈП „Градски Пазар“- Охрид со Одлука бр.02-117/3 од 28.02.2025 година и Заклучок на Надзорен одбор бр.02-116/7 од 28.02.2025 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3254/23**
**14.03.2025 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈП„ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“ - ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01 ДО 31.12.2024 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за остварените резултати од работењето на ЈП„Охридски комуналец“ - Охрид за периодот од 01.01 до 31.12.2024 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2025 година.

**Број 09 – 3254/128**
**14.03.2025 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2025 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈП „ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ “ - ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 31.12.2024 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за остварените резултати од работењето на ЈП„Охридски комуналец“ - Охрид за периодот од 01.01 до 31.12.2024 година, усвоен од Управниот одбор со Одлука бр.02-293/4 од 06.05.2025 година и Заклучок на Надзорниот одбор бр.02-292/4 од 06.05.2025 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3254/24**
**14.03.2025 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА СМЕТКА И ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЈП„НИСКОГРАДБА ОХРИД“ - ОХРИД ЗА 2024 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2024 ДО 31.12.2024 ГОДИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на годишната сметка и Извештајот за работењето на ЈП„Нискоградба Охрид“ - Охрид за 2024 година за периодот од 01.01.2024 до 31.12.2024 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2025 година.

**Број 09 – 3254/129**
**14.03.2025 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2025 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А
### ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА СМЕТКА И ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЈП„НИСКОГРАДБА ОХРИД“ - ОХРИД ЗА 2024 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 31.12.2024 ГОДИНА

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Годишната сметка и Извештајот за работењето на ЈП„Нискоградба Охрид“ - Охрид за 2024 година за периодот од 01.01.2024 до 31.12.2024 година, усвоени од Управниот одбор со Одлука бр.02-225/3 од 04.03.2025 година и мислење на Надзорниот одбор бр.02-224/3 од 04.03.2025 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3254/25**
**14.03.2025 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ ВРЕДНОСТ НА БОДОТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ПЛАТИТЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈП „ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“ - ОХРИД

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување вредност на бодот за пресметување на платите на вработените во ЈП „Охридски комуналец“ - Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2025 година.

**Број 09 – 3254/130**
**14.03.2025 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96, 6/02 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/2014, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19, 275/19 и 89/2022), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2025 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А
### ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ ВРЕДНОСТ НА БОДОТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ПЛАТИТЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈП„ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“ - ОХРИД

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката за утврдување вредност на бодот за пресметување на платите на вработените во ЈП „Охридски комуналец“ - Охрид за 2025 година, донесена од Управниот одбор на ЈП„Охридски комуналец“ - Охрид бр.02-238/5 од 24.02.2025 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3254/26** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2025 год.** — **Претседател**
**О х р и д** — **Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 17 од Статутот на ЈП Охридски Комуналец Охрид, а во врска со член 166 од Колективниот договор на јавното претпријатие, Управниот Одбор на својата седница одржана на ден 24.02.2025 година, ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**За утврдување вредност на бодот за пресметување на платите на вработените во ЈП Охридски Комуналец Охрид**

**Член 1**

Се донесува Одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на административните службеници, која е и вредност за давателите на услуги и помошно- техничките лица во ЈП Охридски Комуналец Охрид.

Вредноста на бодот се утврдува на 74,25 денари во бруто вредност.

**Член 2**

Вредност на бодот се утврдува согласно Колективниот договор, Аналитичката процена на работни места, Правилникот за систематизација во ЈП Охридски Комуналец Охрид и Економско-финансиското вештачење, Финансиска анализа за пресметка на вредност на бод на ЈП Охридски Комуналец Охрид.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на добивање согласност од Советот на општина Охрид.

**УО на ЈП Охридски Комуналец Охрид**
**Претседател,**
**Александар Буџакоски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈП„ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“ - ОХРИД ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЦЕНИ ЗА ХОРТИКУЛТУРНИ УСЛУГИ НА ЈАВНИ ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ И ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНА ЧИСТОТА (ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ)**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈП„Охридски комуналец“ - Охрид за утврдување на цени за хортикултурни услуги на јавни зелени површини и одржување на јавна чистота (пречистен текст), што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2025 година.

**Број 09 – 3254/131**
**14.03.2025 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96, 6/02 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/2014, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19, 275/19 и 89/2022), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2025 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈП „ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“ - ОХРИД ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЦЕНИ ЗА ХОРТИКУЛТУРНИ УСЛУГИ НА ЈАВНИ ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ И ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНА ЧИСТОТА (ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ)**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката на Управниот одбор на ЈП„Охридски комуналец“ - Охрид за утврдување на цени за хортикултурни услуги на јавни зелени површини и одржување на јавна чистота (пречистен текст), донесена од Управниот одбор на ЈП„Охридски комуналец“ - Охрид бр.02-1748/6 од 02.11.2023 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3254/27**
**14.03.2025 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 19 од Законот за јавни претпријатија, член 17 од Статутот на ЈП “Охридски Комуналец” Охрид и Одлуката за изменување на одлуката за утврдување на цени за вршење на хортикултурно услуги на јавни зелени површини и одржување на јавна чистота број 02-1748/5 од 02.11.2023 година, Управниот Одбор на ЈП “Охридски Комуналец” Охрид на својата седница одржана на ден 02.11.2023 година ја донесе следната

# ОДЛУКА
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЦЕНИ ЗА ВРШЕЊЕ НА ХОРТИКУЛТУРНИ УСЛУГИ НА ЈАВНИ ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ И ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНА ЧИСТОТА

**(Пречистен текст)**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдуваат цените на услугите што ги извршуваат Секторот “Паркови и зеленило” и Секторот “Комунална хигиена”, Одделение “Јавна хигиена” при ЈП “Охридски Комуналец” Охрид, по работни операции, согласно Годишната програма за уредување и одржување на градско зеленило і Годишната рrограмата за одржување на јавна чистота.

***1. Надоместок за услугите што ги врши ЈП “Охридски Комуналец” Охрид во рамките на Сектор “Паркови и зеленило”***

**Член 2**

Надоместокот за извршените услуги е определен во зависност од извршената услуга и тоа:

1.Машинско косење трева......................................................................2,2о ден./м2
2.Собирање трева по машинско косење со изнесување трева................0,8о ден./м2
3.Поливање на трева, дрвја и грмушки .....................................................0,95 ден./м2
4.Чистење на трева од лист со изнесување .............................................3,9о ден./м2
5.Садење на сезонско цвеќе....................................................................40,оо ден./м2
6.Припрема на цветни леи, фрезирање и ѓубрење...................................5,5о ден./м2
7.Прашење на сезонско цвеќе..................................................................24,4о ден./м2
8.Полевање на сезонско цвеќе..................................................................0,6о ден./м2
9.Откопување на дрва и грмушки.............................................................19,9о ден./м2
10.Одржување на жардињери, Полевање .................................................0,6о ден./м2
11.Одржување на жардињери, Плевење..................................................19,9о ден./м2
12.Кроење-режење грмушки......................................................................18,75 ден./бр.
13.Кроење-режење трендафили...............................................................18,75 ден./бр.
14.Кроење дрвореди.................................................................................812,оо ден./бр.
15.Собирање хартија и отпадоци ...............................................................0,08 ден./м2
16.Косење на трева со грбна косачка.........................................................3,2о ден./бр.
17.Чистење на трња и грмушки ..............................................................350,оо ден./бр.
18. Машинско чистење на неуредна вегетација.................................1.000,оо ден./час
19.Косење со трактор со мулчер................................................................0,69 ден/м2
20. Постапување со оштетени дрвја..................................................1.000,оо ден./час
21.Постапување со оштетени дрвја со дигалка.................................3.500,оо ден./час
22.Одвоз на гранки.............................................................................1.600,оо ден/тура

***2. Надоместок за услугите што ги врши ЈП “Охридски Комуналец” Охрид во рамките на Сектор “Комунална хигиена” Одделение “Јавна хигиена“***

Одржувањето на јавната чистота го спроведува Одделението “Јавна хигиена” при Секторот “Комунална хигиена” а се однесува за годишно одржување на улиците, тротоарите и другите јавни површини на територијата на општина Охрид.

Одржувањето на јавната чистота подразбира чистење, метење и миење на јавни и сообраќајни површини, одржување на пешачки патеки, детски игралишта, кејови и други неуредени јавни површини, транспортирање и депонирање на собраниот смет.

**Член 3**

***Надоместокот за извршените услуги е определен во зависност од извршената услуга и тоа:***

## *2.1. Редовни активности*

*2.1.1 Вредност на работна рака по час*

1.Општ работник...................................................................350,оо ден./час
2.Општ КВ работник............................................................400,оо ден./час

*2.1.2.Вредност на работна рака по м2*

1. Метење .........................................................................0,103 ден./м2
2. Машинско миење……….…………........………………...…….0,120 ден./м2
3. Машинско метење ...........................................................0,120 ден./м2

*2.1.3.Вредност на основни средства по час / тура*

1, Цистерна........................................................................3.500,оо ден./час
2. МАН ФАП........................................................................3.500,оо ден./тура
3. Трактор...........................................................................2.000,оо ден./тура
4. Утоварувач RD-130.........................................................2.000,оо ден./час
5. Фиат Хитачи FB100.2.....................................................3.000,оо ден./час
6. Метачка............................................................................3.500,оо ден./час
7.Хидромак..........................................................................3.500,оо ден./час
8.Товарно возило Кесон, транспортер.............................1.600,оо ден./тура

## *2.1.2 Вонредни активности*

1. Чистење реса..................................................................350,оо ден./час
   -Подигање и транспорт .............................................2.000,оо ден./тура

2.Чистење езеро од муљ и багеровање на кеј…………......3.500,оо ден./час
3.Чистење лист......................................................................350,оо ден./час
   -Подигање и транспорт .................................................2.000,оо ден./тура
4.Одржување на плажи кои не се под концесија...............350,оо ден./час.
5.Собирање угинати животни...........................................1.000,оо ден./парче

**_Член 4_**

Во цените на услугите утврдени со оваа Одлука не е пресметан данокот на додадена вредност.

**_Член 5_**

Со стапување во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на цени за вршење на хортикултурни услуги на јавни зелени површини и одржување на јавна чистота број 02-1348/3 од 15.08.2018 година донесена од страна на Управниот Одбор на јавното претпријатие а усвоена со Одлука од Совет на општина Охрид број 08-16084/3 од 15.11.2018 година.

**_Член 6_**

Надлежните служби во ЈП Охридски Комуналец Охрид должни се да изготват пречистен текст на Одлуката за утврдување на цени за вршење на хортикултурни услуги на јавни зелени површини и одржување на јавна чистота број 02-1348/3 од 15,08,2018 година.

**_Член 7_**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на добивање согласност од Советот на општина Охрид.

**ЈП “Охридски Комуналец” Охрид**
**Претседател на Управен Одбор,**
**Александар Буџакоски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА ДОБИВКАТА ОСТВАРЕНА ВО РАБОТЕЊЕТО НА ЈП ВОДОВОД ОХРИД ЗА ПЕРИОД 01.01. - 31.12.2024 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за давање согласност на Одлуката за распределба на добивката остварена во работењето на ЈП Водовод Охрид за период 01.01. - 31.12.2024 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2025 година.

**Број 09 – 3254/132**
**14.03.2025 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96, 6/02 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/2014, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19, 275/19 и 89/2022), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2025 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА ДОБИВКАТА ОСТВАРЕНА ВО РАБОТЕЊЕТО НА ЈП ВОДОВОД ОХРИД ЗА ПЕРИОД 01.01. - 31.12.2024 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката за распределба на добивката остварена во работењето на ЈП Водовод Охрид за период 01.01. - 31.12.2024 година, донесена од Управниот одбор на ЈП Водовод Охрид бр.02-412/4 од 25.02.2025 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3254/28**
**14.03.2025 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 20 од Статутот, Управниот одбор на ЈП “Водовод” Охрид, на седницата одржана на ден 25.02.2025 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за распределба на добивката остварена во работењето на ЈП Водовод Охрид за период 01.01.2024-31.12.2024 година**

**Член 1**

СЕ ДОНЕСУВА одлука за распределба на добивката од работењето на ЈП Водовод Охрид за период 01.01.2024-31.12.2024 година, утврдена во Годишната сметка и Годишниот извештај за работењето на ЈП Водовод Охрид за период 01.01.2024-31.12.2024 година.

**Член 2**

Добивката во износ од 4.703.000,00 денари се распределува во акумулирана добивка.

**Член 3**

Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето.

**Управен одбор**
**Претседател**
**Славица Димоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2024 ДО 31.12.2024 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на годишниот извештај за реализација на Програмата за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид за периодот од 01.01.2024 до 31.12.2024 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2025 година.

**Број 09 – 3254/133** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2025 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20),

Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2025 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2024 ДО 31.12.2024 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Годишниот извештај за реализација на Програмата за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид за периодот од 01.01.2024 до 31.12.2024 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3254/29**
**14.03.2025 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски,с.р.**

Извештајот е изработен за период од една година и ги сумира активностите извршени од страна на администрацијата во Секторот за туризам и локален економски развој, Одделение за туризам во периодот од 01.01.2024 до 31.12.2024 год. за реализација на:

- **Г2 ПРОГРАМА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОД 01.01.2024 – 31.12.2024 ГОДИНА**

Во периодот 01.01.2024 – 31.12.2024 год. Одделението за туризам ги вршеше активностите неопходни за реализација на програмата за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид:

1. **Управување со туристички дејности за стимулирање на развој на туризмот**
2. **Развој и промоција на дестинацијата преку координација на клучните активности за развој на туризмот**
3. **Обезбедување на поцелосно застапување на конкретни локални/регионални интереси преку зајакнување на локални / регионални иницијативи**
4. **Подобрување на квалитетот на животот на граѓаните во заедницата и развивање на свеста за економската важност, социјалните и другите ефекти од туризмот**

Континуирано одделението за развој на туризмот го врши:

- Процесот на евиденција, регистрација и категоризација на станоиздавачи од мал обем (вкупно регистрирани 3549 станоиздавачи),
- Процес на продолжување на решенијата за категоризација на сместувачките капацитети од мал обем,

**Детални информации за активностите и резултатите се дадени во Анекс 1**

**АНЕКС 1**

I. Информација за реализираните активности согласно Програмата Г2, за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид за 2024 година.

1. Управување со туристички дејности за стимулирање на развој на туризмот
2. Туристичка промоција на Охрид
3. Стандардизација и развој на туристички услуги и производи
4. Развој на туристичка инфраструктура и производ

II. Информација за наплата на таксата за привремен престој

III. Извештај за туристички промет (споредбени податоци за бројот на ноќевања од основни објекти за 2024 год. во однос на 2023 год.), според записници од општински инспекторат.

**I. Информација за реализираните активности согласно Програмата Г2, за поттикнување на развојот на туризмот на Општина Охрид за периодот 01.01.2024 – 31.12.2024 год.**

## 1. УПРАВУВАЊЕ СО ТУРИСТИЧКИ ДЕЈНОСТИ ЗА СТИМУЛИРАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Реализирани финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.1 Управување со туристичките дејности од мал обем во надлежност на единицата на локална самоуправа Општина Охрид** | | | | | |
| **1.** | Јануари-Декември 2024 | Континуиран процес на извршување категоризација и регистрација на станоиздавачи | Активностите опфаќаат излегување на терен на Комисиите по однапред поднесено барање од страна на лицата кои вршат угостителска дејност и изведување на процесот на категоризација на објектите. | Регистрирани се вкупно 3549 станоиздавачи од кои за 2024 година регистрирани се 103 нови станоиздавачи | Не се потрошени финансиски средства. Активностите се реализирани како во рамки на секојденвнот работење на вработените. |
| **2.** | Јануари-Декември 2024 | Континуиран процес на продолжување на решенијата за категоризација на станоиздавачи | Постапката за продолжување на решенијата за категоризација се одвива по претходно утврдена процедура. | Во периодот од јануари до декември 2024г.поднесени се 183 барања за продолжување на решенијата за категоризација. Постапено е по однос на сите. | Не се реализирани финансиски средства |
| **3.** | Јануари-Декември 2024 | Заверка на нормативи за храна и пијалоци | Согласно законот за угостителска дејност угостителските објекти должни се да ги заверуваат нормативите за храната и пијалоците кои се делод менито достапно на гостите. | Во секторот за ТЛЕР при општина Охрид во текот на третиот квартал од 2024 година заверени се 125 нормативи за храна и пијалоци | Не се реализирани финансиски средства |
| **4.** | Јануари-Декември 2024 | Пријава за утврдување на работното време | Согласно законот за угостителска дејност угостителските објекти должни се да го пријават своето работно време | Во секторот за ТЛЕР при општина Охрид во текот на третиот квартал на 2024 година поднесени се вкупно 70 пријави за утврдување на работно време од кај угостителските објекти | Не се реализирани финансиски средства |
| **5.** | Јануари- | Пополнување на база на | Водење на регистар во пишана и електронска | Базата со податоци за вршители на | Не се реализирани |

| **Бр.** | **Период** | **Опис на активноста за реализација на програмските цели** | **Краток опис** | **Резултати** | **Реализирани финансиски средства** |
| --- | --- | --- | --- | --- | --- |
| | Декември 2024 | податоци на вршители на угостителска дејност од мал обем | форма на лицата кои вршат угостителска дејност од мал обем | угостителска дејност од мал обем се ажурира континуирано. | финансиски средства |
| **6.** | Јануари-Декември 2024 | Пополнување на база на податоци на вршители на туристичка дејност (туристички водичи, туристички агенции) | Водење на регистар во пишана и електронска форма на лицата кои вршат туристичка дејност (туристички водичи, туристички агенции) | Базата со податоци за вршители на туристичка дејност (туристички водичи, туристички агенции) се ажурира континуирано. | Не се реализирани финансиски средства |

## 2. РАЗВОЈ НА ТУРИСТИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА И ПРОИЗВОД

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Реализирани финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| **2.1 Изградба на адреналински парк “OHRID GO adventuristic”** | | | | | |
| **1.** | Јануари – Септември 2024 | Изградба на адреналински парк | Целта на изградбата на адреналинскиот парк е подобрување и проширување на туристичката и спортска понуда, со цел привлекување странски и домашни посетители и групи, нудејќи им единствено катче за спорт, рекреација и дружење. Паркот ќе биде нова туристичко – рекреативна содржина, привлечен за многу потенцијални сегменти на посетители. Паркот ќе биде направен според ЕУ стандарди. | Во текот на првото полугодие Адреналинскиот Парк е поставен и целосно монтиран, како и извршен е надзор над паркот. | Средствата се обезбедени од проектот “OHRID GO”. Реализирани финансиски средства од 9,227,950.00 ден. |
| **2.2 Изградба на PUMP TRACK полигон “OHRID GO dynamic”** | | | | | |
| **1.** | Јануари – Септември 2024 | Изградба на PUMP TRACK полигон | Полигонот Pump Track претставува кружна патека со кривини и заоблени контури, кој се користи во рекреативни цели за сите возрасни категории. На него може да возат велосипедисти и други корисници од сите возрасти и нивоа на вештини. Како прогресивна структура, тој е совршен како за учење основни трикови, така и за обука на елитните спортисти. Подобен е за користење од страна на за сите видови на велосипеди, скејтборди, ролери, тротинети и слично. | Избран е економски оператор за изведување на градежните работи. Извршени се градежните работи и технички прием на работите. | Средствата се обезбедени од проектот “OHRID GO”. Реализирани финансиски средства од 4,046,880.00 ден. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| **2.3 Набавка на мрежа на вежбалиште за голф терен и припремни активности** | | | | | |
| **1.** | Јануари – Септември 2024 | Поставување на мрежа на вежбалиште за голф терен. | Во насока на постигнување на повисок степен на безбедност на вежбалиштето на голф предвидена е набавка на мрежа и дополнителни материјали неопходни за поставување на мрежата. | Во текот на првата половина од 2024 година избран е економски оператор. Тендерската постапка е спроведена во 2 лота при што лот 1 предвидуваше набавка на мрежа потребна за оградување на вежбалиштето, додека за лот 2 предвидуваше набавка на 67 челични столбови.<br>Во текот на првата половина од 2024, мрежата е испорачана, додека од Лот 2 - челичните столбови се испорачани во втората половина. | Исплатени се финансиски средства во износ од 999.964,00 ден. |

## 3. ТУРИСТИЧКА ПРОМОЦИЈА НА ОХРИД

| **Бр.** | **Период** | **Опис на активноста за реализација на програмските цели** | **Краток опис** | **Резултати** | **Реализирани финансиски средства** |
|---|---|---|---|---|---|
| **3.1. Промоција на туристичкиот потенцијал на Охрид** | | | | | |
| **1.** | Јануари – Септември 2024 | Промоција на туристичкиот потенцијал | Промоција на туристичкиот потенцијал се реализира преку стандардните начини на промоција, но ќе бидат применети и нови, современи пристапи во промовирањето на туристичката понуда и потенцијалите на Охрид. Воедно, оваа активност предвидува директни или индиректни претставувања на Охрид на туристичките берзи и саеми, како и партиципација на промотивни настани во странство. | Општина Охрид редовно се претставува на саемите и промотивните настани во организација на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот. Изготвена е документација за објава на постапка за избор на економски оператор за изработка и печатење на рекламен материјал. Избран е економски оператор и примен е рекламниот материјал. | Не се потрошени финансиски средства. Исплатата ќе се изврши наредната година. |
| **3.2. Редизајн на ohrid.com во туристичко информативен портал** | | | | | |
| **1.** | Јануари – Септември 2024 | Редизајн на информативен портал | Оваа активност вклучува редизајнирање на веб страната со цел поширока промоција на културно-историското наследство на градот Охрид, како и споделување на информации од промотивен карактер кои ќе се од корист на туристите и посетителите на Охрид. На веб страната, покрај за културно-историските знаменитости ќе бидат содржани информации за сместувачките капацитети на градот, информации за настани како и останати содржани кои ќе бидат од корист на посетителите и туристите. | За реализаицја на оваа активност беше спроведена тендерска постапка при што е избран економски оператор. Склучен е договор за извршување на договорената услуга. Постапката за редизајн на туристичко-информативниот портал е завршена. Изработен е нов информативен портал за туристичка цел, https://visitohrid.com.mk/, и истиот тековно се ажурира со нови податоци. | Исплатени се финансиски средства во износ од 268.900,00 ден. |

## 4. СТАНДАРДИЗАЦИЈА И РАЗВОЈ НА ТУРИСТИЧКИ УСЛУГИ И ПРОИЗВОДИ

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Реализирани финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| **4.1. Финансирање на микропроекти за поддршка на развојот на туризмот согласно приоритетните цели за одржлив развој** | | | | | |
| **1.** | Јануари – Декември 2024 | Финансирање на микропроекти за поддршка на развојот на туризмот | Микропроектите претставуваат ефикасна форма на финансиска поддршка на микрозаедниците во партнерство со граѓанските здруженија за реализација на развојни идеи во областа на туризмот. Активноста ќе се реализира со објавување на јавен повик, по претходно утврден правилник за критериуми за учество. | Исплатени се следниве проекти од 2023 г:<br>1.1. Здружение Добротољубие 2014 при црквата Свети Георгиј – Охрид, - „Изработка на стасиди во длабока резба“<br>1.2. Здружение за истражување и заштита на пештери СПИРИДОН СПЕЛЕО - Охрид, - „Прелиминарка карстолошка евалуација на пештера Козја дупка“ - с. Куратица;<br>1.3. ЕДЕН - Туристички кластер на југозападен плански регион – „Вкуси го Охрид локално“<br>Горенаведените исплати се по однос на реализирани проекти во минатата 2023 година.<br><br>За проектите за 2024 г, изготвен е правилник и апликациона документација. Објавен е и повик за финансирање на 14.02.2024 и истиот траеше до 30.04.2024. Комисијата ги рангираше пристигнатите проектни предлози согласно критериумите за техничка евалуација, изготви ранг листа на најуспешни и најсоодветни | Во тековната 2024 година исплатени се средства во износ од 983.360,00 ден. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | проектни предлози.<br>Одобрени се следните проекти:<br>1. Заштита и спасување на боровата шума во Охрид – Здружение за интеграција и развој Арт пријатели Охрид 120.000,00 ден.<br>2. Изработка на рамка за плаштаница и целивална во длабока резба за црквата Успение на Пресвета Богородица Каменско – Здружњние на граѓани Добротољубие 2014 при црквата Св. Георгиј Охрид 152.000,00 ден.<br>3. Свето а наше – Здружение за организирање културни, спортски и хуманитарни активности Воведение 2014 180.000,00 ден.<br>4. Зачувување и историска промоција на колективната меморија-сеќавањето на луѓето од селото Куратица – Здружение на граѓани Св. Василиј, с.Куратица 168.000,00 ден.<br>5. Сенка – Здружение Спасовден 2012 Охрид 127.420,00 ден.<br>6. Подобрување на безбедноста на планината Галичица и стимулирање на туризмот преку инфраструктурни подобрувања – Здружение за спортови во природата Топ Адвенчрс Охрид 70.000,00 ден. | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | 7. Вкуси го Охрид локално – Здружение на Конвивиум СЛОУ Фуд Лихнидос Охрид 71.995,00 ден. | |
| **4.2.** | **Реализација на активности од Анализата на визуелното оптеретување на градот и правилникот за стандардизација и визуелна унификација - “OHRID GO authentic”** | | | | |
| **1** | Јануари – Декември 2024 | Анализа на визуелно оптеретување на градот и правилникот за стандардизација и визуелна унификација | Елементите на урбаната опрема претставуваат нишка која "ги спојува" деловите на градот како целина. По искуствата и принципите на туристичките метрополи со стари автентични градски јадра, таа треба да има униформен изглед (дизајн, материјали, бои), осмислено поставени - со јасни правила / принципи на распоред со одреден ритам и "геометриска логика". Само на овој начин “јавната опрема” може да придонесе за уредноста, просторниот и визуелен поредок на градот, (посебно најексклузивниот дел на градот), кој индиректно ќе влијае врз целокупното однесувањето на луѓето, гостите и туристите. | Во 2023г, поставени се 74 табли (на фирми) на потегот од плоштадот Св. Климент Охридски, долж улиците Цар Самоил, и Коста Абраш до плоштадот кај Црквата Св. Софија за кои се изврши исплата во 2024г.<br><br>Во 2024г изготвена е документацијата за спроведување на нова тендерска постапка за поставување на нови 40 огласни табли долж охридската чаршија. Избран е економски оператор и поставени се таблите. | Исплатени се средства во вкупен износ од 2.436.841,00 денари по однос на доспеани обврски од минатата година.<br><br>Согласно втората набавка се исплатени 2.062.640,00 ден |

| **5.1. Проектот Охрид ГО поставување на урбана опрема – мобилен бар во Касарна**. | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **1** | Јануари – Септември 2024 | Поставување на урбана опрема – мобилен бар во Касарна. | Целта на поставувањето на мобилниот бар е подобрување и проширување на туристичката и спортска понуда, со цел привлекување странски и домашни посетители и групи, нудејќи им единствено катче за рекреација и дружење. Барот ќе биде нова туристичко – рекреативна содржина, привлечен за многу потенцијални сегменти на посетители како млади парови, семејства со мали или големи деца, семејни собири, тим билдинзи, роденденски забави, странски посетители. | Мобилниот бар е поставен според сите правила и описи во согласност со техничката спецификација и локацијата е во близина на СМАРТ ХАБ и Адреналински парк. | Исплатени се средства во вкупен износ од 2.067.015,00 денари. |

**II.Информација за наплата на таксата за привремен престој**

Според податоците од одделението за финансии и буџет, целокупната наплата на ТПП за периодот **од 01.01.2024 до 31.12.2024** година е следна:

**Приход од такса за привремен престој по месеци**

| | **ВКУПНО** | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Р.Бр** | **Месец** | **Хотели** | **Приватни станоиздавачи** | **Вкупно** |
| **1** | **Јануари** | 355.712 | 89.958 | 445.670 |
| **2** | **Февруари** | 392.888 | 69.816 | 462.704 |
| **3** | **Март** | 214.192 | 27.248 | 241.440 |
| **4** | **Април** | 525.000 | 14.368 | 539.368 |
| **5** | **Мај** | 1.270.400 | 37.568 | 1.307.968 |
| **6** | **Јуни** | 1.492.760 | 59.856 | 1.552.616 |
| **7** | **Јули** | 3.801.964 | 21. 584 | 4.012.548 |
| **8** | **Август** | 3.795.429 | 378.512 | 4.173.941 |
| **9** | **Септември** | 3.264.026 | 508.457 | 3.772.483 |
| **10** | **Октомври** | 2.488.480 | 259.522 | 2.748.002 |
| **11** | **Ноември** | 1.237.915 | 139.296 | 1.377.211 |
| **12** | **Декември** | 661.764 | 208.264 | 870.028 |
| | **ВКУПНО** | 19.500.530 | 2.003.449 | 21.503.979 |

**Во периодот од 01.01.2024 до 31.12.2024 година, согласно податоците од одделението за финансии и буџет од такса за привремен престој собрани се вкупно 21.503.979,00 денари.**

**Споредба Јануари - Декември**

**За споредба, во 2023 година за истиот период од такса за привремен престој од основни сместувачки капацитети и од сместувачки капацитети од мал обем се собрани вкупно 20.221.832,00 денари при што може да се забележи дека наплатата за период од јануари до декември за 2024 година е зголемена за 6 % во споредба со наплатата по наведениот основ во истиот период во 2023 година.**

**III. Извештај за туристичкиот промет (споредбени податоци за бројот на ноќевања од основни објекти за 2024 год. во однос на 2023 год.)**

| | РЕГИОН НА ОПШТИНА ОХРИД - ТУРИСТИЧКИ ПРОМЕТ (НОЌЕВАЊА) | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Р.Б | Месец | Дом. Ноќевања | | Однос % | Стр.Ноќевања | | Однос% | ВкупноНоќевања | | Однос % |
| | | 2023 | 2024 | 2024/23 | 2023 | 2024 | 2024/23 | 2023 | 2024 | 2024/23 |
| 1 | Јануари | 6.518 | 7.690 | 118.0 | 5.914 | 5.561 | 94.0 | 12.432 | 13.251 | 106.6 |
| 2 | Февруари | 5.286 | 7.147 | 135.2 | 5.671 | 4.766 | 84.0 | 10.957 | 11.913 | 108.7 |
| 3 | Март | 5.603 | 7.412 | 132.3 | 7.012 | 13.097 | 186.8 | 12.615 | 20.509 | 162.6 |
| 4 | Април | 8.825 | 10.655 | 120.7 | 24.901 | 26.746 | 107.4 | 33.726 | 37.401 | 110.9 |
| 5 | Мај | 20.376 | 18.548 | 91.0 | 51.795 | 41.442 | 80.0 | 72.171 | 59.990 | 83.1 |
| 6 | Јуни | 24.327 | 25.546 | 105.0 | 58.052 | 59.249 | 102.1 | 82.379 | 84.795 | 102.9 |
| 7 | Јули | 254.349 | 274.228 | 107.8 | 81.647 | 83.096 | 101.8 | 335.996 | 357.324 | 106.3 |
| 8 | Август | 309.890 | 333.939 | 107.8 | 88.554 | 92.199 | 104.1 | 398.444 | 426.138 | 107.0 |
| 9 | Септември | 34.110 | 28.492 | 83.5 | 59.921 | 60.012 | 100.2 | 94.031 | 88.504 | 94.1 |
| 10 | Октомври | 21.883 | 17.643 | 80.6 | 28.549 | 34.561 | 121.1 | 50.432 | 52.204 | 103.5 |
| 11 | Ноември | 12.049 | 10.269 | 85.2 | 9.532 | 12.038 | 126.3 | 21.581 | 22.307 | 103.4 |
| 12 | Декември | 9.701 | 10.886 | 112.2 | 9.535 | 9.294 | 97.5 | 19.236 | 20.180 | 104.9 |
| ВКУПНО | | 712.917 | 752.455 | 105.5 | 431.083 | 442.061 | 102.5 | 1.144.000 | 1.194.516 | 104.4 |

**Согласно податоците од Државен завод за статистика, бројот на ноќевањата од основни сместувачки капацитети и од сместувачки капацитети од мал обем за период од 01.01.2024 – 31.12.2024 година, во однос на 01.01.2023 – 31.12.2023 година, е зголемен за 4.4% и тоа: кај домашните ноќевања има зголемување за 5.5%, а кај странските ноќевања има зголемување за 2.5%.**

**Број 08-3254/30**
**14.03.2025 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2024 ДО 31.12.2024 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за поддршка на локалниот економски развој на општина Охрид за периодот од 01.01.2024 до 31.12.2024 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2025 година.

**Број 09 – 3254/134** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2025 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2025 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А
### ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2024 ДО 31.12.2024 ГОДИНА

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за поддршка на локалниот економски развој на општина Охрид за периодот од 01.01.2024 до 31.12.2024 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3254/31** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2025 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Перчо Божиновски,с.р.**

**Извештај за реализација на програмата за поддршка на локалниот економски развој за период 01.01.2024 до 31.12.2024 година.**

Во текот на овој период одделението за ЛЕР ги вршеше задачите кои произлегуваат од Програмата за поддршка на локалниот економски развој на Општина Охрид.
Општина Охрид оваа програма ја реализира преку Секторот за ТЛЕР и одделението за локален економски развој, согласно своите надлежности и задолженија, во насока на подобрување на економската клима и условите за локален развој, според претходно усвоените дефинирани стратешки цели и приоритети, од стратегијата за одржлив локален економски развој. Овој период скоро сите мерки во програмата опфаќаат социјална инклузија на сите граѓани, се водеше сметка за социјалната димензија да биде инкорпорирана во повеќето мерки.

Активностите за реализација на годишната програма за 2024 се реализираат во следните области на делување:

1.Подобрување на економската конкурентност на Охрид и рационална употреба на ресурсите преку партиципативно учество на заедницата.
2.Охрид – Паметен и зелен град /SMART AND GREEN CITY

3.Развој на рурални средини.;
4. Подготовка на проекти и проектно управување;

**Посебен акцент во програмските активности од овој период од работењето на одделението за локален економски развој се даде на следните активности:**

- Изработка на Студија за технолошко-рекреативен развој на просторот на поранешната касарна;
- Активности за поддршка на женско претприемништво во општина Охрид
- Субвенционирање на занаетчиски дејности;
- Активни мерки за подобрување на конкурентноста на пазарот на труд. (Кузман Шапкарев);
- Финансирање на микропроекти согласно целите и приоритетите од Стратегија за рурален развој;
- Имплементација на проект „Roads Not Taken: Municipality of Ohrid Going Green, Smart, Innovative (OHRID GO)” од програмата EU for municipalities.

Детални информации за активностите и резултатите се дадени во Анекс 1

**АНЕКС 1**

**1. Реализација на програмата за подршка на локалниот економски развој за период 01.01.2024 – 31.12.2024 год.**

**1. ПОДОБРУВАЊЕ НА ЕКОНОМСКАТА КОНКУРЕНТНОСТ НА ОХРИД И РАЦИОНАЛНА УПОТРЕБА НА РЕСУРСИ ПРЕКУ ПАРТИЦИПАТИВНО УЧЕСТВО НА ЗАЕДНИЦАТА**

1.1. ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ЛИДЕР пристапот во општина Охрид
1.2. Изработка на Студија за технолошко-рекреативен развој на просторот на поранешната касарна
1.3 Активни мерки за подобрување на конкурентноста на пазарот на труд на Општина Охрид
1.4 Активности за поддршка на женско претприемништво во општина Охрид
1.5Субвенционирање на новорегистрирани и на веќе регистрирани занаетчии

**2. ОХРИД – ПАМЕТЕН И ЗЕЛЕН ГРАД / SMART AND GREEN CITY**
2.1 Smart City Bike System “Ohrid Go Mobile” – Градски систем за велосипеди
2.2 Воведување на смарт јавни услуги

**3. РАЗВОЈ НА РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ**

3.1. Финансирање на микропроекти согласно целите и приоритетите од Стратегија заруралрен развој
3.2 Тековни активности на мобилната канцеларија во рамките на локалната самоуправа за давање стручни совети на земјоделците.

**4. ПОДГОТОВКА НА ПРОЕКТИ И ПРОЕКТНО УПРАВУВАЊЕ**

4.1.Средства за сопствено учество во имплеметација на проекти.
4.2.Средства од аплицирани и одобрени проекти.
4.3 Проект на УСАИД за зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите.

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Потрошени финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.1. Имплементација на Лидер пристапот во општина Охрид** | | | | | |
| **1.** | Јануари – Декември 2024 | Имплементација на ЛИДЕР пристапот во општина Охрид и формирање на ЛАГ | LEADER/ЛИДЕР пристапот како метод за иницирање и мобилизирање на руралното население за спроведување на активности во локалните рурални заедници е нова тема LEADER/ЛИДЕР и е дел од 5-тата компонента на ИПА – програмата ИПАРД. | На територија на општина Охрид и општина Дебрца формално постои ЛАГ кој не е упишан во регистарот на Министерството за земјоделие и рурален развој. Во 2025 година ќе биде оформен нов ЛАГ и ќе запазат сите формално правни процедури за да биде упишан во ЦР на РСМ, со што истиот би бил функционален и ефикасен за привлекување на финансиски средства со цел имплементирање на неговите активности. | За оваа активност не се предвидени финансиски средства. |
| **1.2 Изработка на Студија за технолошко-рекреативен развој на просторот на поранешната касарна** | | | | | |
Во периодот од 01.01.2024 до 31.12.2024 година по службена должност изготвени се **696** решенија за данок на имот по припис за периодот 2020-2024 година, со задолжение во износ 4.740.073,00 денари.

Во буџетот на Општина Охрид за 2024 година по основа на данок на имот планирани се приходи во износ од 125.000.000,00 денари (100.000.000,00 денари од физички лица и 25.000.000,00 денари од правни лица). Во периодот од 01.01.2024 до 31.12.2024 година остварени се приходи во износ од **142.051.200,00** денари (114.927.353,00 денари од физички лица и 27.123.847,00 денари од правни лица) или буџетот е реализиран 113,64 %.

Од страна на даночните обврзници поведени се 11 управни спорови со тужби на решенија до Управен суд Скопје, од кои за 3 е запрена постапката, а другите се во постапка. Исто така поднесено е 441 барање по различни основи во врска со данокот на имот, од кои 423 се обработени со состојба 31.12.2024 година.

**ПРИСИЛНА НАПЛАТА**

Во периодот од 01.01.2024 до 31.12.2024 година изготвени **се 13.705** опомени за неплатен долг по основа на данок на имот и **25** опомени за неплатен долг по основа на данок на промет на недвижности и данок на наследство и подарок. Во истиот период изготвени се и **399** решенија за присилна наплата на данок на имот и **1** решение за присилна наплата на данок на промет и данок на наследство и подарок.

Во периодот од 01.01.2024 до 31.12.2024 година изготвени се и 15 решенија за целосно или делумно запирање на постапката за присилна наплата и 2 решенија за ништовност.

**ДАНОЧНО КНИГОВОДСТВО**

Во периодот од 01.01.2024 до 31.12.2024 година книжени се 245 изводи со 34.729 ставки, 369 задолженија по нетипични решенија за данок на промет на недвижности и данок на наследство и подарок, 643 приписи за данок на имот и 103 книговодствени спроведувања на решенија за пренасочување и поврат на парични средства.

Во периодот од 01.01.2024 до 31.12.2024 година за потребите на даночното книговодство и присилната наплата извршено е книговодствено затворање на 36.240 ставки.

Во истиот период донесени се и **76** решенија за пренасочување на погрешно уплатени средства како и **33** решенија за поврат на паричен износ.

**ПОДНЕСЕНИ БАРАЊА**

Во периодот од 01.01.2024 до 31.12.2024 година поднесени се вкупно **133** барања кои се однесуваат на: издавање потврди за даночни (не)обврзници на недвижен имот за комплетирање документи за аплицирање за социјални станови, социјална помош и закупнина, за комплетирање документи за виза за странство, за сместување во студентски дом, стипендија и постдипломски студии, за пред судови,

извршители, јавно обвинителство, државно правобранителство, УЈП и МВР и барања од институции, органи и физички лица за утврдување пазарна вредност на недвижен имот, барања од Управен суд и Виш управен суд за доставување списи и барања по други основи.

Сите поднесени барања се обработени и на истите се доставени одговори.

Во периодот од 01.01.2024 до 31.12.2024 година извршено е вреднување и ревреднување на 879 индивидуални станбени згради (куќи), 930 станови, 371 гаража, 247 помошни објекти, 85 деловни простории, 3 хотели, 15 административни згради и простори, 43 деловни згради ( производствени згради, магацини, хали и стоваришта) , 1 ресторан и 101 апартман. За потребите од вреднувањето и ревреднувањето изготвени се **2775** извештаи за проценка на недвижен имот на територијата на општина Охрид од кои 910 извештаи се однесуваат исклучително на земјиште (дворно место, градежно изградено и неизградено земјиште и земјоделско земјиште).

**ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ВО 2024 ВО ОДНОС НА 2023 ГОДИНА**

Во периодот од 01.01.2024 до 31.12.2024 година од данокот на наследство и подарок, данокот на промет на недвижности и данокот на имот остварени се вкупно 292.002.604,00 денари. Во буџетот по овие основи предвидени се приходи во износ од 218.000.000,00 денари односно буџетот е остварен 133,9 %.

Во 2024 година остварените приходи по основа на даноци изнесуваат 292.002.604,00 денари и се за 8.311.807,00 денари повеќе од 2023 година кога изнесувале 283.690.797,00 денари.

- Кај данокот на наследство и подарок има зголемување за 2.294.533,00 денари ;
- Кај данокот на промет на недвижности има зголемување за 28.910.475,00 денари;
- Кај данокот на имот на физички лица има намалување за 25.366.087,00 денари и
- Кај данокот на имот на правни лица има зголемување за 2.473.386,00 денари.

Причините за повеќе остварените приходи по основа на данокот на наследство и подарок и данокот на промет на недвижности произлегуваат од поголемото даночно задолжување по даночни пријави поднесени во 2024 година.

Причините за помалку остварените приходи по основа на данокот на имот произлегуваат од намалениот облог за 2024 година. (за 72.712.544,00 денари кај физичките лица и 7.158.357,00 денари кај правните лица) во споредба со 2023 година.

Со Одлука на Уставен суд на РСМ У.бр. 80/2023 од 27.03.2024 година објавена во Службен весник на РСМ бр. 118/2024 од 04.06.2024 **се укина** ставот 4 од членот 6, од Законот за даноците на имот, согласно кој стапките на данокот за недвижниот имот кој не се користеше од сопственикот или не се издаваше под закуп подолго од шест месеци во текот на една година беа зголемени 3 пати во

однос на пропишаните. Исто така со Одлука на Уставен суд на РСМ У.бр.75/2022 од 18.09.2024 година објавена во Службен весник на РСМ бр. 226/2024 од 07.11.2024 година **се укина** и ставот 3 од членот 6 од Законот за даноците на имот согласно кој стапката на данокот на имот за земјоделско земјиште кое не се користеше за земјоделско производство беше зголемема 3 пати во однос на пропишаната.

Разликата меѓу помалиот облог 2024 година кај данокот на имот во однос на 2023 година во вкупен износ од 79. 870.901,00 денари и помалку наплатените приходи од данокот на имот за 2024 година во однос на 2023 година во вкупен износ од 22.892.701,00 денар се должи на засилената присилна наплата. (изготвени и дистрибуирани 13.705,00 опомени за неплатен данок на имот за 2022 и 2023 година).

**Број 08-3254/35** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2025 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА КОМУНАЛНИ ТАКСИ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2024 ДО 31.12.2024 ГОДИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за работењето на Одделението за комунални такси за периодот од 01.01.2024 до 31.12.2024 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2025 година.

**Број 09 – 3254/138** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2025 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2025 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА КОМУНАЛНИ ТАКСИ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2023 ДО 31.12.2023 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за работењето на Одделението за комунални такси за периодот од 01.01.2024 до 31.12.2024 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3254/39** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2025 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Перчо Божиновски,с.р.**

**И З В Е Ш Т А Ј**
**За работењето на *Одделението за комунални такси* за периодот од 01.01.2024 до 31.12.2024 година.**

Во рамки на надлежностите на Локалната Самоуправа, Одделението за комунални такси ги имплементира обврските кои произлегуваат од Законот за комунални такси ("Службен Весник на Република Македонија" бр. 61/04, 64/05, 92/07, 123/12, 154/15 , 192/15 и 23/16. Со овој закон се уредуваат комуналните такси што се плаќаат за користење на определени права, предмети и услуги од јавен интерес од локално значење од страна на правните и физичките лица кои вршат дејност и од граѓаните.

Обврзник на комунална такса е физичко и правно лице и граѓанинот кои користат определени права, предмети и услуги за чие користење е пропишано плаќање на комунална такса.

Предмет на оданочување согласно чл.3 од овој закон односо Комуналните такси се плаќаат за:

1) секоја фирма, односно назив на деловна просторија;

2) користење на површини во кампови за подигање на шатори и друга слична привремена употреба;

3) користење на просторот пред деловните простории за вршење на дејност;

4) истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места;

5) користење на музика во јавните локали;

6) поставување на витрини за изложување на стоки надвор од деловните згради;

7) користење на плоштадите и друг простор во градовите и другите населени места со цел за изложување предмети, приредување изложби и други забавни приредби за вршење на дејност;

8) користење на простор за паркирање на патнички моторни возила, товарни моторни возила и нивните приколки и автобуси, што за таа цел ќе ги определи општината;

9) користење на улиците со патнички, товарни моторни возила, автобуси, специјални возила и моторцикли; и

10) користење и одржување на јавно осветлување.

**1. КОМУНАЛНА ТАКСА за фирма (назив)**

За 2024 година заклучно со 31.01.2024 год изготвени се и генерирани **3404 решенија** за комунална такса за фирма (за правни лица -комунална такса за фирма – назив 3085 решенија и комунална такса за фирма на трговци поединци – 319 решенија). Решенијата и оваа година се доставуваа по електронски пат. Покрај електронската достава воведена е и можност за елекронско плаќање на решнијата официјалната веб страна на општина Охрид.

Во текот на месец март и април се доставија сите решенија за фримарина. Изготвени и електронски се доставени и опомените за заостанати долгови на обврзниците по однос на комунална такса за фирма за заостанат долг од 2022 год вкупно – 1802 опомени. Во текот на втората половина на тековната 2024 година беа изработени и Решенијата за присилна наплата на заостанат долг за 2022 година истите се подговени и пуштени на реализација.

Одделението за комунални такси се соочува со проблеми во врска со доставата на решенијата, нивната наплата како и ненаплатливи акумулирани долгови поради несоодветни законски регулативи. Голем број од регистрираните фирми кои не работат повеќе од 5-6 години или подолго луѓето не ги затвораат ги оставаат во т.н.сатус во мирување што во законска форма го нема тој статус, се прават чести промени на името на фирмата, седиштето на фирмата исл. овие промени обврзницие не ги пријаувaат навреме во одделението за комунални такси, исто така сопствениците на фирмите доколку сакаат да ја избришат фирамата тоа можат да го направат без обврска да ги платат заостанатите долгови кон општината. Со електронската достава има некој степен на подобрување на доставата тоа се гледа и по подобрената наплата, но сепак треба сеуште да се работи на подобрување на доставата на решенијата за фирмарина. За Регистарот на фирми треба да се донесе соодветна законска регулатаива како да се прочисти, бидејќи моментално облогот е многу поголем од што реално е и реално може да се наплати, поради фирмите во миуривање (т.е. со стаус - неактивни). На фирмите во мирување нема законска можност да не им се пресметува фирмарина, а нема ни начин како да им се наплати долгот бидејќи најчесто имаат не-функционални (затворени) трансакциски сметки. Ова е долго-годишен проблем на централно ниво на одделенијата за комунални такси.

Во периодот од 01.01.2024 до 31.12.2024 година по основ комунална такса за фирма остварени се приходи во износ од **9.525.258,00** денари.

Како за втора година од воведување на електронска достава и наплата на фирмарината, земајќи ги во предвид и другите потешкотии од непрочистен регистар и сл. наплатата во споредба со претходната година (2023 год) во истиот квартал е приближно иста. Со воведувањето на електронската достава и наплата на решенијата за фирмаринаа се воспоставува некоја константа на наплата.

**2.КОМУНАЛНА ТАКСА за користење на просторот пред деловните простории за вршење на дејност.**

Во периодот од 01.01.2024 год до 31.12.2024 година по основ на комунална такса за користење на просторот пред деловните простории за вршење на дејност, врз основа на доставените договори за закуп од Секторот за урбанизам, изработени се 83 задолженија пред деловни простории и **задолженија** за пред хотели. Остварен е приход во вкупен износ од **5.854.675,00** денари. По склучувањето на договорите за закуп во Секторот за урбанизам и нивното проследување до Одделението за комунални такси, обврзниците се задолжуваат за

уплата на комуналната такса, која е еден од условите за добивање на одобрение за поставување урбана опрема.

**3.КОМУНАЛНА ТАКСА за користење на плоштади и друг простор во градот (ТЕНДЕРИ), со цел изложување предмети, изложби и забавни приредби**

Врз основа на тендерската документација од одделението за јавни набавки и по склучувањето на договорите за закуп, во времетраење од 90 дена, за доделените локации во Секторот за урбанизам, по нивното доставување во одделението за комунални такси издадени се **8** задолженија за сувенири и сладоледи, **9** задолженија за презентации на плоштади, **36** задолженија за куќарки и сувенири чиј закуп го дава ЈП Градски пазар, **12** задолженија за отворени и затворени шанкови. Остварен е приход во износ од **500.505,00 ден.**

**4. КОМУНАЛНА ТАКСА за користење на улици со патнички возила.**

Во периодот од 01.01.2024 до 31.12.2024 година, остварени се приходи во износ од **7.151.357,00 денари.**

**5.КОМУНАЛНА ТАКСА за користење на музика во јавните локали.**

Во периодот од 01.01.2024 до 31.12.2024 година изготвени се **80** **решенија** и **27** **опомени**. Остварен е приход од **298.650.400** ден.

**6. КОМУНАЛНА ТАКСА за користење и одржување на јавно осветлување.**

Во периодот од 01.01.2024 до 31.12.2024 година, остварени се приходи во износ од **94.252.779.00 ден.**

**7. КОМУНАЛНА ТАКСА за истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места**

Во периодот од 01.01.2024 до 31.12.2024 година остварен е приход по основ на оваа комунална такса од вкуоно **122.000** ден.

Приходите се остварни од напата на такса за користење на билборди вкупно 114.000 ден и реклами на автобуски постојки 8000 ден.

**8. КОМУНАЛНА ТАКСА за користење на површини во компови, подиг. шатори и др. сл употреба**

Во периодот од 01.01.2024 до 31.12.2024 година остварен е приход по основ на оваа комунална такса од вкуоно **99.200** ден.

**Број 08-3254/40**
**14.03.2025 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2024 ДО 31.12.2024 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за заштита на животната средина и природата за периодот од 01.01.2024 до 31.12.2024 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2025 година.

**Број 09 – 3254/139** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2025 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2025 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2024 ДО 31.12.2024 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за заштита на животната средина и природата за периодот од 01.01.2024 до 31.12.2024 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3254/41** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2025 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 64 од Законот за животна средина(„Сл. весник на РМ“ бр. 53/05 ,81/05,24/07 и 159/08 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/2012, 93/13,42/14,44/15, 129/15, 39/16 99/18 и 171/22), член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид ( „Сл. гласник на општина Охрид“ бр 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14,10/19 и 15/20), Секторот за заштита на животна средина и управување со отпад го доставува следниот извештај:

**ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА**
**П Р О Г Р А М А Р1**
**Заштита на животната средина и природата за 2024 година**
**за период од 01.01.2024год до 31.12.2024год**

Во актуелниот развоен момент на глобално ниво, постојат сериозни проблеми во управувањето со состојбите и можните ризици во животната средина. Повеќе медиуми и области на животната средина, како и комплементарните процеси, имаат нарушен квалитет, како во развиените, така и во земјите во развој, сè поголемите ефекти од климатските промени ја комплетираат сликата за исклучително сериозната закана за можноста за загрозување на сите медиуми на животната средина, а со тоа и неопходноста од тесна соработка на локално ниво и стратегиска, интерсекторска интервенција на сите нивоа во државата. Кон наведеното, несомнена е и потребата за унапредување на животните стилови и навики на населението во испреплетените сегменти на оваа област што бара системски и силни едукативни и промотивни активности и размена на информации, но и неизбежно вклучување на граѓанското општество во процесот за подобро здравје и почиста животна средина.

Со програмата за заштита на животната средина и природата за општина Охрид за 2024 година, планирани се активности врз основа на законските прописи и обврски, врз основа на анализите направени за можна реализација на плански документи/проекти од областа на комуналните дејности : сообраќај,улици и урбанизам во наредниот период како и подигање на јавната свест.

Анализирани се проблемите од аспект на заштита на животната средина и природата во општина Охрид, а кои се однесуваат на истите во сите медиуми: вода, воздух, почва и природата. Проблемот околу отстранувањето и пречистувањето на цврстиот и течниот отпад директно влијае врз квалитетот на животната средина, а индиректно и на здравјето на населението. Овие состојби и неизбежната експанзија на консумирачкото општество можат да ги доведат во опасност не само безбедноста и квалитетот на водата за пиење, туку и безбедноста на храната.

Главна цел на програмата во која се предвидени активности од областа на заштитата на животната средина и природата на подрачјето на општина Охрид е преку систем на мерки и активности за долгорочно планирање, заокружени со временска и финансиска рамка, постигнување на повисок степен на разрешување на состојбите во сферата на животната средина и заштита и зачувување на квалитетот на сите

медиуми на животната средина, во рамките на законските надлежности, а со тоа и заштита на здравјето и подобрување на квалитетот на животот на граѓаните.

## СОДРЖИНА НА ПРОГРАМАТА

Со оваа програма опфатени се следните сегменти и тоа :

- Проценка на состојбите со животната средина на локално ниво;
- Дефинирање, проценка и поставување на проблемите од областа на животната средина, базирани на ризикот за човечкото здравје, еко - системите и квалитетот на животот;
- Развивање стратегии и активности за намалување на ризиците по животната средина во општината и
- Зголемување на јавната свест и одговорност за заштита на животната средина и зголемување на поддршката од јавноста за инвестициите од областа на животната средина во општината.

Изготвената програма за заштита на животната средина и природата за 2024 год. содржи мерки и активности за заштита на животната средина и здравјето на луѓето, од интерес и во надлежност на општината, а особено за :

- Заштита на водите од загадување, пречистување на отпадните води, прогресивно намалување на штетните испуштања и постепено елиминирање на емисиите на опасни супстанци во водите и за ублажување на последиците од штетното дејство на водите и од недостигот на вода ;
- Управување со отпад;
- Заштита на биодиверзитетот;
- Управување и користење на природните ресурси и
- Подигање на јавната свест и развој на образованието за заштита и унапредување на животната средина и намалување на последиците од економскиот развој .

## ИЗВОРИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Програмата за заштита на животната средина и природата за општина Охрид за 2024 година се финансира од извори на средства утврдени со закон, преку планирање во буџетот за 2024 година. Исто така се финансира и преку средства од разни домашни и меѓународни институции –донации .

## проекти:

Оваа програма се однесува на проекти кои директно ќе бидат реализирани преку Секторот за заштита на животната средина и управување со отпад, а се дел од поголем корпус на активности од делот на заштитата на животната средина и природата кои заради специфичноста и начинот на реализирање се имплементирани во програмите на други сектори и одделенија во рамки на локалната самоуправа на Општина Охрид. Дел од тие проекти се: Изградба на системи за водоснабдување, изградба на системи за одведување и прочистување на отпадни води, чистење на речни корита и диви депонии, јавна чистота, изработка и одржување на парковско и јавно зеленило и др.

I. **Табела на активности предвидени за реализација за заштита на животната средина и природата за 2024год.**

| Ред.бр. | Назив на проектот | Реализација | Забелешки |
|---|---|---|---|
| 1. | **Услуги за изработка на стратегиска оцена на влијанието врз животната средина на плански документи** | За реализација на проектот беа предвидени средства во висина од 900.000, 00ден | Завршена е тендерска постапка и избран е најповолен понудувач **Завршен проект** |
| 2. | **План за управување со заштитеното подрачје Студенчишко Блато во категорија IV– парк на природата** | За реализација на проектот беа предвидени средства во висина од 900.000,00 ден | Проектот не се реализираше до крај на годината, бидејќи не е донесен Законот за прогласување на Студенчишко блато за парк на природата |
| 3. | **Интегрирана имплементација на предлог мерките предвидени со техничката документација за санација и ревитализација на предлог мерките на локалитетот Дувало -Сулфатарата во с.Косел по негово прогласување за заштитено подрачје** | За реализација на проектот предвидени беа средства во висина од 1.0000.000, 00ден | **Проектот не е реализиран** |
| 4. | **Стратегија за развој на зеленилото на Општина Охрид** | За реализација на проектот предвидени беа средства во висина од 600.000, 00ден | Документот е изработен<br><br>**Завршен проект** |
| 5. | **Изработка, поставување и одржување на интерактивна веб базирана апликација за Зелен катастар** | За реализација на проектот предвидени беа средства во висина од 650.000, 00ден | Проектот не е реализиран, ќе се реализира во 2025 година |
| 6. | **Паметно управување со отпад од пакување** | За реализација на проектот предвидени беа средства во висина од 300.000, 00ден | **Завршен проект** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 7. | **Цветни балкони- цветен Охрид** | За реализација на проектот беа предвидени средства во висина од 100.000,00ден. | Пректот беше реализиран во почетокот на месец јуни, по повод одбележувањето на 5-ти јуни Светскиот ден на животната средина<br>**Завршен проект** |
| 8. | **Чистење на Охридско Езеро од цврст отпад** | За реализација на проектот беа предвидени средства во висина од 400.000,00ден | За извршена услуга Чистење на Охридското Езеро од цврст отпад за 2023година поради технички причини не е извршено плаќање на фактура во износ од 169.400,00 денари. Плаќањето е извршено на почеток од 2024година од предвидените 400.000,00 денари. Проектот за 2024 година во износ од 200.000,00 ден. се реализираше во текот на месец ноември<br>**Завршен проект** |
| 9 | **Одбележување на „Светскиот ден на животната средина“ - 5 јуни (организирање на едукативни предавања во основните училишта со овластени постапувачи со различни видови на отпад за потребата за селектирање на отпадот)** | За реализација на проектот не се потребни финансиски средства | Пректот е реализиран во текот на месец јуни<br>**Завршен проект** |
| 10. | **Есенска рамноденица - почеток на есента 23 септември(ликовен и литературен конкурс во** | За реализација на проектот беа предвидени | Пректот беше реализиран во текот на месец септември |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **соработка со охридските училишта)** | средства во висина од 30.000, 00ден | **Завршен проект** |

II – Финансиски дел за активности за период 01.01.до 31.12.2024 година
Согласно финансиската евиденција во опфатениот период од оваа програма се реализирани финансиски средства во висина од 1.374.287,00 денари.

**Број 08-3254/42** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2025 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2024 ДО 31.12.2024 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за културни манифестации и творештво за периодот од 01.01.2024 до 31.12.2024 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2025 година.

**Број 09 – 3254/140** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2025 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2025 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2024 ДО 31.12.2024 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за културни манифестации и творештво за периодот од 01.01.2024 до 31.12.2024 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3254/43**
**14.03.2025 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски,с.р.**

## ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 31.12.2024 ГОДИНА

Согласно Програмата за работа на Одделението за култура и Програмата за одбележување значајни годишнини и јубилеи, Програмата за споменици и спомен-обележја на личности и настани од значење за Охрид, усвоени од страна на Советот на Општина Охрид, покрај секојдневните тековни работни задачи во перманентна комуникација со надлежното министерство, локалните институции од областа на културата, средбите и контактите со организации, здруженија и поединци од оваа дејност, Одделението за култура, во периодот од 01.01.2024 – 30.12.2024 г. ги реализира следните позначајни работни активности :
Во соработка со Македонската православна црква и Здружението за грижи и воспитување на децата на Охрид, братството и сестринството од Бигорскиот манастир и Организациониот одбор на Бадниковите поворки, а под покровителство на градоначалникот на Општина Охрид успешно, со масовно присуство на граѓани, беше реализирана верската манифестација **„Бадникова поворка за навестување на Христовото раѓање“.**

Со ѕвезди во рацете и пеење на коледарската песна Вечниот Бог, повеќе од 800 деца од Охрид беа дел од годинешната Бадникова литија и предвесници на Христовото раѓање.

- Во организација на Општина Охрид и МЗ Куратица во с. Куратица се одржа традиционалниот “**Василичарски карневал”.**

  Василичарскиот карневал кој годинава се одржа по 25 –ти јубилеен пат и годинава беше вистински театар под отворено небо.

  Карневалот има посебен, уникатен и несекојденевен дух кој успешно беше пренесена на многубројните гости од Охрид и околината.

- Под целосно покровителство на Општина Охрид, а во соработка со МПЦ Охридска архиепископија, во духот на верата и традицијата се реализираа најзначајната и најголемата верска манифестација во Македонија и во целоклупниот православен свет **“Богојавление – Водици“;**

По завршувањето на Богојавленскиот водосвет, точно на пладне на градскиот плоштад се одржа концерт македонската група Некст тајм, кои во духот на празникот ги веселеа бројните туристи од Р.Македонија и регионот, а на Сараиште беше одржано свето крштение кое со години наназад претставува интересна специфика за Охрид како Ерусалим на Балканот.

- Во соработка со НУ Центар за култура „Григор Прличев“, Градската библиотека „Григор Прличев“ и ОУ „ Григор Прличев“ се одбележа годишнината од смртта на ловороносецот Григор Прличев, во рамките на традиционалната културна манифестација “Прличеви беседи”.

Во чест на Прличев, беше организирано и реализирано дводневното чествување.

Со доделувањето на наградата за најдобра поема на лауреатот Славе Ѓорѓо Димоски и преставување на поемата „Денес“ на малата сцена во НУЦК „Григор Прличев“ започнаа свеченостите на годинешните „Прличеви беседи“.

На вечното почивалиште на ловороносецот, во дворот на црквата Света Богородица Перивлепта беше одржана панихида во чест на Григор и Кирил Прличеви.

Во спомен- куќата на Григор Прличев беше одржана традиционалната манифестација „Стихови и звуци за Прличев.

На свеченоста беше промовирана книгата Охридските поети од проф.д-р Димитар Пандев и Славе Ѓорѓо Димоски во издание на Општина Охрид како дел од едицијата Охридско книжевно наследство. Исто така во рамките на манифестацијата доделени и пофалниците за првонаградените ученици на литературниот конкурс што традиционално го распишува Основното училиште „Григор Прличев“ во чест на својот Патрон.

Како дел од чествувањата во библиотеката „Григор Прличев“ се одржа и традиционалната „Прличева визита“ на која беше прогласена најдобрата беседа за 2024 година на тема:„Прличев и ние“.

- Во чест на ликот и делото на Кирил Прличев и по повод 80 години од неговата смрт, денеска во Спомен куќата на Христо Узунов се одржа пригодна свеченост, организирана од страна на Општина Охрид во соработка со Националната установа Завод и музеј. **Општина Охрид и НУ Завод и музеј – Охрид, по втор пат ја одржуваат оваа манифестација, со која се одбележува 80 годишнината од смртта на големиот револуционер. Се**

**надевам дека денес и најмладите ќе имаат можност да спознааат нови моменти од животот и делото на овој наш славен охриѓанец, а преку изложбата „Лица на револуцијата“ визуелно и со нивната фантазија да допрат до историските моменти од нашето минато.**

На настанот присуствуваше внуката на Кирил Прличев, Олга Прличева која на претставниците на Завод и музеј им подари портрет од својот дедо. Портретот ќе биде дел од музејската поставка во Спомен куќата на Григор Прличев

- Во соработка со Завод и музеј од Охрид, п.е на Историскиот архив и основните училишта, со полагање цвеќе пред родната куќа на гемиџијата,одбележана е 116**годишнината од смртта на охридскиот гемиџија – Марко Бошњаков.**

- Во НУ Библиотека „Григор Прличев“, во организација на здружението на граѓани „Креативна верига“ , а со поддршна на Општина Охрид, по втор пат беше организирана манифестација на еминентниот поет и писател за деца,охриѓанецот Тоде Илиевски.

  За ликот и делото на поетот зборуваше Славе Ѓорго Димоски, а избрани песни за деца од творештвото на Илиевски прочитаа учениците од ООУ „Свети Климент Охридски“.

  Во негова чест беа доделени наградите од распишаниот конкурс за најдобра необјавена песна за деца.

- По повод 8 март- Меѓународниот ден на жената, Општина Охрид на 07.03 2024 г. ( четврток) во концертната сала на Општинското основно музичко училиште „МетодиПатчев” со почеток во 19.00 часот, беше организиран музички рецитал на Билјана Буџакоска во пијано придружба на Ивона Базглаоска .

Пред рециталот бешеотворена изложбата “Жени во фокусот “ во чии рамки беа изложени 12 фотографи сликани од објективот на Нина Ангелоска.

Фотографиите се всушност 12 приказни на жени охриѓанки кои со својата работа се синоним за се она што значи ЖЕНА.

Секоја, посебна, инспиративна и секоја на свој начин преставува пример дека постои само сакам и не сакам , а нема не можам.

Најчестиот начин на кој луѓето се откажуваат од својата моќ е со размислување дека не можат“ – Алис Вокер.

Реализацијата на овие два настани е во соработка со Комисијата за еднакви можности помеѓу мажите и жените.

- Во организација на општина Охрид и Исламската верска заедница – муфтиство од Охрид се одржа традиционалната манифестација **Ифтарска вечер.**

- Со полагање свежо цвеќе пред спомен- обележјето на илинденците во градскиот парк беше обеежана **годишнината од смртта на охридскиот револуционер Методи Патчев.**

- Одбележана годишнината од загинувањето на македонскиот бранител Благојче Крстаноски.

По повод 25 годишнината од загинувањето на македонскиот бранител Благојче Крстаноски, делегација на Општина Охрид, предводена од заменик градоначалникот Перчо Божиновски, денеска положи свежо цвеќе на неговото спомен обележје во селото Ливоишта.

Благојче Крстаноски бил македонски бранител и професионален војник во АРМ. Загинал на 7 април 1999 на самата граница од снајперски оган од косовска страна. Тој бил првата жртва на вооружените сили во независна Македонија, чесно и пожртвувано извршувајќи ја својата должност во одбрана на својата татковина.

Благојче Крстаноски е посмртно одликуван со медалот за храброста од претседателите Борис Трајковски и Ѓорге Иваноски.

- Со полагање цвеќе беше одбележана годишнината од смртта на војводата, учителот и револуционерот **Христо Узунов.**

  **ООУ „Христо Узунов“** достојно го прослави својот патронен празник а во спомен- куќата на Узунов беше организирана и пргодна свеченост.

- Под покровителство на Општина Охрид на 19-ти мај во НУЦК „Григор Прличев“ се одржа 25-то јубилејно издание на **традиционалниот детски – музички фестивал Распеано рибарче.**

Општина Охрид во соработка со ЈП Градски пазар на 30.04.2024 година го организира традиционалниот Велигденски базар проследен со концер и музичко сценски перформанс на охридските културно – уметнички друштва.
На базарот зедоа учество сите заинтересирани фирми, занаетчии, слаткари, пекари, уметници, производители на охридски и македонски традиционални јадења и дру.
Во забавниот дел од настанот настапија КУД „Ѓердан од бисери“, КУД„Ѓердан“, КУД „Отекс“, КУД „Фаланга“, КУД „Филиграни“, КУД „Илинден“, учесниците на детскиот музички фестивал „ Распеано рибарче“, малите ѕвездички со КА - Двојче, најмладите од детската градинка „Јасна Ристеска“ и учениците од општинските основни и средни училишта.
Велигденскиот концерт и велигденскиот базр беа од хуманитарен карактер а дел од собраните средства од продажба на производите беа донирани онаму каде што е најпотребно, токму во духот на големиот христијански празник Воскресение Христово – Велигден.

- Во рамки на свечената програма за одбележување на 24. Мај Денот на сесловенските просветители Кирил и Методиј вчеравечер во УИНТ „Св. Апостол Павле“ се одржаа два културни настани организирани од страна на Општина Охрид и Амбасадата на Република Словачка во Македонија. Беше отворена изложбата на фотографии „По трагите на Свети Кирил и Методиј“ и беше прикажан документарниот филм „Тајниот код на Константин“.

На настаните во името на Локалната самоуправа присуствуваше заменик градоначалникот Перчо Божиновски и советници од Советот на Општина Охрид. Проекцијата на филмот ја проследија и Словачкиот амбасадор во Република Македонија, Хенрик Маркуш, Архиепископот Охридски и Македонски г.г. Стефан, високи претставници на Македонската Православна црква-Охридска Архепископија, пратеници, функционери, професори и граѓани.

По повод 24. Мај, денот на сесловенските просветители Кирил и Методиј, делегација на Општина Охрид, предводена од градоначалникот Кирил Пецаков, денеска положи свежо цвеќе на нивното спомен обележје на Охридскиот кеј.

Свежо цвеќе положија претставници на амбасади и конзуларни претставништва во Македонија, пратеници, претставници на охридските основни и средни училишта, претставници на културни институции, здруженија на граѓани и претставници на политички партии.

- Во големата сала на Општина Охрид се одржа промоција на книгата „Охридски писатели за деца и младинци“ од авторите проф. д-р Димитар Пандев и Славе Ѓорѓо – Димоски.

Станува збор за деветтата по ред книга којашто е дел од едицијата „Охридско книжевно наследство“ што ја издава градоначалникот Кирил Пецаков и Општина Охрид.

За значењето на овој труд зборуваше заменик градоначалникот на Охрид, Перчо Божиноски.

Промотор на книгата беше м-р Ирена Бачиќ. Пред присутните се обрати и поетот Смиле Наумоски – Брсјак кој со свои творби е застапен во делото. Беше прочитано и излагањето од претседателот на Балканско детскиот младински камп „Поетски искри од огништето на Ванчо Николески“, Веле Митаноски. Уредник на книгата е Митре Велјановски.

Трудот е објавен во тираж од 300 примероци.

- Под покровителство на Општина Охрид во предворјето на НУЦК Григор Прличев со почеток во 20.00 часот, на 20.06.2024 година, ќе се одржи културната манифестација Чалгиски звуци во чест на познатиот охридски виолинист Климе Садило.

На манифестацијата ќе настапат музичката група „Фросина“ и Камерен оркестар Охрид.

- Општина Охрид преку Програмата за култура започна да го реализира проектот –„**Да ги овековечиме вредностите“.** Целта на проектот е сликање мурали на истакнати охридски дејци, кои оставиле трага во охридската и македонската меморија.

Согласно предвидениот буџет, проектот започна со цртање на ликот на Григор С. Прличев – симболот на македонската гордост, истрајност и непокор, поетот кој со своите вонвременски дела Сердарот и Скендербег ја извиши Македонија во врвот на светската литературра, покажувајќи и докажувајќи дека за пишаниот збор нема граници.

Муралот е нацртан на западниот ѕид на НУ Библиотека Григор Прличев во непосредна близина на НУЦК Григор Прличев – двете институции кои го носат неговото име.

Муралот е дело на академскиот уметник Горан Ристоски.

- Под мотото „Културата расте со децата“ , овој петок – 28.06 2024г ., со почеток во 20:00 часот на бината кај ТЦ Амам ќе настапи модерниот детски, светски бренд „Веселите ѕвончиња“.

Настанот е дел од Програмата за деца на Општина Охрид.

- Богата музичка програма и неповторлива забава за охриѓани и туристите донесе третото издание на Ohrid Wine Festival се одржува од 27-ми до 29-ти јуни во Охрид, на Кеј Македонија, пред хотел „Палас“.

На отворањето на фестивалот на 27.06.2024 (четврток) на сцената настапија Backdoor band, Миле Кузманоски и „Куку леле“. Вториот фестивалски ден на 28.06.2024 (петок) е резервиран за Urban planet, Next time и Brass brothers. Во рамки на третиот фестивалски ден на 29.06.2024 (сабота) за забавата ќе бидат задолжени „Балканико“, „Ареа“ и Влатко Лозановски.
Концертите на македонските музички артисти беа надополнети со дегустацијата на македонски вина и вкусна храна.
Покровител на овој тридневен фестивал е Општина Охрид, а истиот е организиран од „Крафт Продукција“.

Со концерт на ансамблот „Танец“ синоќа во Центарот за култура „Григор Прличев“, почна 63. издание на Балканскиот фестивал на народни песни и игри, Со финансисска и логистичка поддршка на општина Охрид. Традиционално, се одржа и балканското дефиле, а љубителите на фолклорот уживаа во настапите на ансамблите и културно-уметничките друштва од Р. Македонија, Бугарија и Австралија.

- На плажата „Славија“ во Охрид со финансиска и логистичка поддршка на 18.07., започна седмото издание на Фестивалот на европски филм **BEACH FILM FESTIVAL.**

Овогодинешното издание на фестивалот кое ќе трае до 21 јули се одржа на четири локации во Охрид и тоа на плажата Славија, бродот Армада, плажата Сараиште и Младинскиот Центар. Фестивалот на филмови под ѕвездите и годинава понуди богата програма со филмски проекции, едукативни работилници и музички перформанси.

Фестивалот беше отворен со проекцијата на филмот „Forever hold your peace“, а во главната програма беа прикажани уште шест долгометражни европски филмови: „Rodeo“, „Summer to come“, „Afire“, „Milk“, „Some birds“ и „Pelican“.

Покрај главната програма, на фестивалот беа прикажани и 14 краткометражни филмови. Од домашната продукција пак, беа прикажани филмовите на Ана Јакимска, Елеонора Венинова, Јане Спасиќ и Димитар Банов. За музичкиот и забавен дел на програмата задолжени се бендовите „Sioto Jazz“ и „Xarakiri“, диџејот „MarTian“, диџејките „Baila“ и музичкото дуо „SIZ“. Ова фестивалско издание предвидеи филмови за најмалите посетители што ќе беа прикажувани на градската плажа „Сараиште“ .

- Во организација на ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков“ од Скопје, вчеравечер во „Куќата на Робевци“ во Охрид беше отворена изложбата „Охрид 1900 година“ низ фотографиите од експедицијата на Н.П. Кондаков во Македонија, со финансиска поддршка на општина Охрид.
- Со пригодна свеченост, започна тринаесетото издание на културно – забавната манифестација „На Зајдисонце“ во Трпејца.

  Овогодинешната програма стартуваше со Мини изложба на дела од Меѓународната колонија одржана во Трпејца во 2023 година и концерт на Влатко Броз и Диџеј Марама.Во девете дена, публиката проследи низа од културни и музички настани, работилници и други интересни активности.

  Манифестацијата „На зајдисонце “ ја организира Здружението за развој и промоција „За Трпејца со љубов“ со поддршка Општина Охрид.

- Со богата културно-уметничка програма во охридското село Велгошти започнаа чествувањата по повод 121 година од Илинденското востание и 80 години од Првото заседание на АСНОМ

Манифестациијата НОЌ СПОРТИ ИЛИНДЕН беше збогатена со настап на учениците од ООУ Живко Чинго од Велгошти, членвите на КУД Илинден од Велгошти како и познатата македонска виолинистка Сања Зјделар.

- **Со концерот насловен како Штом љубов немаш-ништо не си од младата македонска оперска пејачка Илина Митреска во пијано придружба на Андреј Наунов, во црквата Света Софија, се одржа Концерт во чест на Свети Климент Охридски летен.**

- Во куќата на Уранија во Охрид, во присуство на претседателката на Република Македонија Гордана Силјановска Давкова, претседателот на МАНУ академик Живко Попов и бројни дипломатски претставници, свечено беше врачена Светската награда на хуманизмот на Никола Петровиќ Његош, Принц на Црна Гора. Неговата екселенција е претседател на Фондацијата Његош, која е во тесна соработка со Обединетите нации и УНЕСКО во реализација на значајни меѓународни проекти од областа на хуманизмот и го организира Интернационалното биенале на уметноста во Кралскиот дворец во Цетиње.Беседа за лауереатот одржа претседателот на Охридската академија на хуманизмот, Јордан Плевнеш.
  Настанот на оваа висококултурна манифестација е со финансиска поддршка на Општина Охрид, а во организација на Здружението на граѓани Охридска академија на хуманизмот.
- **Одржана манифестацијата Вечер на Живко Чинго**
  Во атарот на манастирот Света Петка во Велгошти, се одржа традиционалната културна манифестација „Вечер на Живко Чинго“, посветена на овој значаен литературен деец.
  Во рамки на свечената програма беше доделена наградата за најдобар расказ на авторката за **Дијана Петрова** за расказот **„Јоанес Даубманус“**.

Годинешен беседник за ликот, делото и живото на Живко Чинго беше еминентниот македонски поет, литературен критичар, преведувач и новинар, Бранко Цветкоски.

Манифестацијата беше збогатена со културно уметничката програма, а публиката имаше можност да го проследи настапот на квартетот „Струни“ во кој членуваат талентираните музучари Олгица Шундиќ, Сандра Крстевска, Иван Петровски и Љупка Каевиќ. Свој настап во рамки на свеченоста имаа и членовите на КУД „Филиграни“ од Велгошти.

Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура при Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“ оваа година на Општина Охрид, на градоначалникот Кирил Пецаков и на претседателот на Советот на Општина Охрид, Перчо Божиновски им додели благодарници „Синергии“, како лична и

институционална благодарност за драгоцената поддршка и афирмација на македонистиката.

Во рамки на свеченото отворање на овогодинешната летна школа се обратија претседателката на Република Македонија, Гордана Сиљановска-Давкова, министарката за образование и наука, Весна Јаневска, министерот за култура и туризам, Зоран Љутков, министерот за надворешни работи и трговија, Тимчо Муцински, ректорот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, проф. д-р Биљана Ангелова и директорката на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, проф. д-р Кристина Николовска.

Годинава, на 57. Летна школа учествуваат 65 странски македонисти, од 17 земји.

Во рамки на летната школа на 30-ти август 2024 година ќе започне 51. Меѓународна научна конференција на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура при УКИМ. Оваа година конференцијата ќе одбележи три јубилеи: „150 години од раѓањето на Крсте Мисирков“, „95 години од раѓањето на Гане Тодороски“ и „90 години од раѓањето на Петре М. Андреевски“.

- **КУЛТУРНАТА ДЕЈНОСТ НА ОПШТИНА ОХРИД ПРЕТСТАВЕНА ПРЕД УЧЕСНИЦИТЕ НА СЕМИНАРОТ ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК, ЛИТЕРАТУРА И КУЛТУРА**

Целокупната дејност, тековните активности и континуираните проекти на Општина Охрид во повеќе области од културата, беа претставени вчеравечер пред учесниците на 57-та Летна школа на Семинарот за Македонски јазик, литература и култура, што се одржува во Охрид.

- **Балкански поетски камп Од огништето на Ванчо Николески**

Кампот од Охрид и родното место на Николески, Црвена Вода се пресели во Мала Преспа- Албанија кадешто живеат етнички Македонци. Учесниците беа гости на своите врсници, ученици во училиштето во Поградец.

Централниот прекуграничен настан е организиран во селото Глобочани, родното место на Стерјо Спасе, познат литературен деец од Албанија.

Во рамки на настанот младите поети посетија спомен обележјето на холандскиот писател А. Ден Долард, а поетските работилници ги водеше поетот проф.д-р Христо Петрески.

Манифестацијата е во организација на Здружението „Мацково“, а под покровителство на Светската академија на поезијата при Унеско со седиште во Верона Италија, со финансиска поддршка на Општина Охрид.

Балканскиот поетски камп за млади „Ванчо Николески“ се одржува по шести пат.

- **Второ издание на Охридскиот џез фестивал**

Во монументален амбиент во предворјето на вековитиот храм Св. Софија, започна Охридскиот џез фестивал.
Со прекрасните звици на Драган и Ратко Даутовски го отвораме Џез фестивалот што се одржува втора година.
Втората вечер беше резервирана за Македонската џез уметница Наташа Миха која ја воодушеви публиката со својот исклучителен концертен настап во рамки на втората вечер од овогодинешното издание на „Охрид џез фестивал“.
Придружувана од врвните музичари Дамир Имери и Иван Бејков, Наташа Миха, ја пренесе својата емоција и креативност на сцената, создавајќи незаборавно музичко искуство.

**ОДБЕЛЕЖАНИ 15 ГОДИНИ ОД НЕСРЕЌАТА НА БРОДОТ „ИЛИНДЕН“**

Делегација на Општина Охрид денеска положи свежо цвеќе на спомен обележјето „Солза на Роза“, по повод 15 години од несреќата на бродот „Илинден“ во која загинаа 15 бугарски туристи.
Свежо цвеќе на меморијалниот споменик положија и делегација на Бугарската амбасада во Скопје, претставници на Бугарскиот конзулат во Битола, Капетанијата на пристаништата и граѓански здруженија.
**Општина Охрид, за прв пат го спроведе проектот наменет за намјмладите охриѓанчиња, посетителите и туристите од 6 до 12 години под мотото Културата расте со децата.**
Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид" бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2024 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за безбедност и здравје при работа на општина Охрид за 2024 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2025 година.

**Број 09 – 3254/150**
**14.03.2025 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид" бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2025 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2024 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за безбедност и здравје при работа на општина Охрид за 2024 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид".

**Број 08-3254/63**
**14.03.2025 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски,с.р.**

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ ОД ПРОГРАМАТА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2024 ГОДИНА**

Согласно Програмата за безбедност и здравје при работа на општина Охрид за 2024 година бр. 08-18774/26 од 27.12.2023 година, усвоена од страна на Советот на Општина Охрид, во текот на 2024 година се извршуваа тековни работни задачи од областа на безбедност и здравје при работа и спроведување на активности и мерки за чување и унапредување на здравјето и безбедноста на вработените во општина Охрид, вклучувајќи заштита од професионални ризици, унапредување на условите за работа, прилагодување на работниот процес кон способноста на вработените, при што работната средина и средствата за работа мора да бидат безбедни и безопасни по здравјето, замајќи ја во предвид природата на работата. Сите активности од областа на безбедност и здравје при работа се превземаа со цел да се овозможи безбедна средина и здравје при работа на вработените во општина Охрид, подобрување на мерките за безбедност и здравје при работа, процена на секој вид на ризик за сите работни места, безбедносни мерки за контрола на ризици и елиминирање на штетни последици, превентивни мерки за намалување на повреди на работно место, позитивна работна култура, подобро здравје на работа и подобар квалитет на живот на вработените во општина Охрид.

## 1. Реализирани програмски активности

Одделението за заштита и спасување, управување со кризи при Секторот за општи работи на општина Охрид, во периодот од 01.01.2024–31.12.2024 година согласно Програмата за безбедност и здравје при работа на општина Охрид за 2024 година, ги реализираше следните активности:

### 1.1 Стручни работи од областа на безбедност и здравје при работа;

За реализирање на оваа активност, во тендерска постапка беше избран економскиот оператор ДООЕЛ „Техничка Сигурност БМВ Мирко’’-Скопје и беше склучен Договор бр.09-10314/1 од 07.08.2024 година.

Оваа програмска активност е во целост реализирана и ги опфати следните стручни работи од областа на безбедност и здравје при работа:

| Бр. | Опис |
|---|---|
| 1 | Изработка на проценка на ризик на работно место (по работно место) |
| 2 | Изработка на Концептот на изјава за безбедност (по работно место). |
| 3 | Обука на вработените за безбедност и здравје при работа - на 25 и повеќе вработени. |
| 4 | Мерење на микроклиматски услови температура, влажност, стуење на воздух (по мерно место – моментгално – летно или зимски ) - над 25 мерни места. |
| 5 | Мерење на Осветленост (по мерно место – моментално) - над 25 мерни места. |
| 6 | Мерење на Бучава (по мерно место - Моментално) - над 25 мерни места. |
| 7 | Редовно тестирање и контрола на работната опрема :<br>(Машина). Парен котел |

**1.2 Ангажирање на надворешно лице за вршење на стручни работи за безбедност и здравје при работа;**

За реализирање на оваа услуга, во тендерска постапка беше избран економскиот оператор ДОО „Технички Институт Македонија”-Неготино и е склучен Договор бр. 09-10367/1 од 08.08.2024 година:

| Бр. | Опис |
|---|---|
| 1. | Ангажирање на надворешно правно лице за извршување на стручни работи согласно Законот за безбедност и здравје при работа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 92/2007, 136/2011, 23/2013, 25/2013, 137/2013, 164/2013, 158/2014, 15/2015, 129/2015,192/2015 и 30/2016). |

Оваа програмска активност се спроведува на месечно ниво и по склучување на договорот реализирани се активности за 5 месеци во текот на 2024 година (август-декември), а услугите ќе се извршуваат и во наредната календарска година, односно до јули 2025 година, согласно склучениот договор.

**1.3 Технички преглед и испитување на нисконапонска електрична инсталација;**

За реализрање на оваа услуга беше избран економскиот оператор ДОО „Технички Институт Македонија”-Неготино и е склучен Договор бр.09-10345/1 од 08.08.2024 година.

Оваа програмска активност е во целост реализирана.

| I | **Нисконапонски електрични инсталации :** |
|---|---|
| 1. | Испитување на отпорност на струен круг (јамка). |

**1.4 Испитување, одржување и сервисирање на опрема за противпожарна заштита (ПП апарати, хидранти и хидрантски црева, противпожарна централа);**

За реализација на оваа програмска активност, во тендерска постапка беше избран економскиот оператор Друштво за производство, трговија и услуги „Сигурност-ДП ДООЕЛ’’-Скопје и беше склучен Договор бр.09-11841/1 од 19.09.2024 година, при што во 2024 година беа реализирани следните активности:

| Бр | Опис на услуга |
|---|---|
| 1. | **Сервисен преглед и контролно испитување на ПП апарати**: |
| | Противпожарен апарат S -9 |
| | Противпожарен апарат S – 50 |
| | Противпожарен апарат Цо2 5 Лит. |
| | Противпожарен апарат S -6 |
| | Противпожарен апарат S – 2 |
| 2. | **Испитување на Хидранти**: |

| | |
|---|---|
| 2.1 | Мерење на статички, динамички притисок и проток на вода |
| 2.2 | Испитување на Хидрантски противпожарни црева. |
| 3. | **Испитување на ПРОТИВПОЖАРНА Централа** |

**1.5 Технички преглед и периодично испитување на лифт и хидраулична платформа;**

За реализирање на оваа програмска активност, во тендерска постапка е избран економскиот оператор Стјуарт Инспект ДООЕЛ Скопје и е склучен Договор бр.09-8161/1 од 13.06.2024 година. Услугата е во целост реализирана.

| Бр. | Опис |
|---|---|
| 1. | Технички преглед и периодично испитување на лифт за превоз на лица и хидраулична платформа |
| | **Оцена на сообразност на лифтови:** |
| | Поединечна верификација (модул “G”). |
| | Испитување на тип (модул “B”). |
| | Завршна инспекција. |

**1.6 Обука на вработени за безбедност и здравје при работа**

| | |
|---|---|
| 1 | Едукација преку семинари, обуки и работилници за безбедност и здравје при работа за вработени кои во делокруг на работа извршуваат работни задачи од областа на безбедност и здравје при работа |

Вработените кои во делокруг на работа извршуваат работни задачи од областа на безбедност и здравје при работа, како и лицата за БЗР од редот на вработените во текот на 2024 година посетуваа обуки за БЗР организирани од Конфедерацијата на Слободни Синдикати.

## 2. Нереализирани програмски активности

Од Програмата за безбедност и здравје при работа за 2024 година, програмските активности скоро во целост се реализирани, само програмската содржина-Ангажирање на надворешно лице за вршење на стручни работи за безбедност и здравје при работа, продолжува да се извршува и во текот на 2025 година до месец јули;

Нереализрани програмски активности од Програмата за безбедност и здравје при работа за 2024 година е:

### 2.1. Полнење на противпожарни апарати:

| | |
|---|---|
| **1.** | **Полнење на противпожарни апарати:** |
| | Полнење на ППА со прашок АБЦ – 40<br>Противпожарен апарат S-9 |
| | Полнење на ППА со прашок АБЦ – 40<br>Противпожарен апарат S-50 |
| | Полнење на ППА со Цо2 5 Лит |

Услугата не е извршена, бидејќи ПП апаратите не се употребени. Полнењето се врши при користење на ПП апаратите и трошење на АБЦ прашок.

## 3. Финансиски дел од извештајот

За реализација на програмските содржини од Програмата за безбедност и здравје при работа на општина Охрид за 2024 година, Програма Q0 потрошени се вкупно 341.590 ден.

| Бр. | Опис на програмски активности | Вкупно предвидени за 2024 во ден. | Вкупно реализирани во 2024 во ден. |
|---|---|---|---|
| 1 | **Стручни работи од областа на безбедност и здравје при работа** | **276.592** | **276.592** |
| 2 | **Овластено надворешно лице за вршење стручни работи од област на БЗР** | **35.400** | **7.080** |
| 3 | **Испитување, одржување и сервисирање на опрема за противпожарна заштита** | **37.594** | **23.698** |
| 4 | **Технички преглед периодично испитување на нисконапонска електрична инсталација** | **35.400** | **17.700** |
| 5 | **Технички преглед и периодично испитување на лифт** | **17.820** | **16.520** |
| 6 | **Обука на вработени за безбедност и здравје при работа** | **20.000** | **/** |
| | **Вкупно** | **422.806 ден.** | **341.590 ден.** |

За 2024 година за реализација на програмските активности од Програмата за безбедност и здравје при работа на општина Охрид беа предвидени 422.806,00 ден., а вкупно потрошени средства од Програмата за безбедност и здравје при работа на општина Охрид за 2024 година, Програма Q0, за периодот 01.01.2024–31.12.2024 година се 341.590,00 денари.

**Број 08-3254/64** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2025 год.** — **Претседател**
**О х р и д** — **Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ОХРИД ОД ОБЛАСТА НА ЗАШТИТАТА И СПАСУВАЊЕТО, УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ И РЕВИТАЛИЗАЦИЈА ПО ЕЛИМИНИРАЊЕ НА КРИЗИ ЗА 2024 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката заусвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на општина Охрид од областа на заштитата и спасувањето, управување со кризи и ревитализација по елиминирање на кризи за 2024 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2025 година.

**Број 09 – 3254/151**
**14.03.2025 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2025 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ОХРИД ОД ОБЛАСТА НА ЗАШТИТАТА И СПАСУВАЊЕТО, УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ И РЕВИТАЛИЗАЦИЈА ПО ЕЛИМИНИРАЊЕ НА КРИЗИ ЗА 2024 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за активностите на општина Охрид од областа на заштитата и спасувањето, управување со кризи и ревитализација по елиминирање на кризи за 2024 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3254/65**
**14.03.2025 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски,с.р.**

***ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОГРАМАТА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ОХРИД ОД ОБЛАСТА НА ЗАШТИТАТА И СПАСУВАЊЕ, УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ И РЕВИТАЛИЗАЦИЈА ПО ЕЛИМИНИРАЊЕ НА КРИЗИ ЗА 2024 ГОДИНА***

Согласно Програмата за реализација на активностите на општина Охрид од областа на заштита и спасување, управување со кризи и ревитализација по елиминирање на кризи за 2024 година бр.08-8747/21 од 05.07.2024 година, усвоена од страна на Советот на Општина Охрид, покрај секојдневните тековни работни задачи од областа на заштита и спасување (следење и примена на законските и подзаконските акти од областа на заштита и спасување, управувањето со кризи и одбраната, спроведување на мерки заради заштита и спасување на луѓе и добра од природни непогоди, координирање на активности

во спроведување на мерките за заштита и спасување, ажурирање на проценката на загрозеност, ризици и опасности и ажурирање на планот за заштита и спасување од природни непогоди и др.несреќи, подготовка на просторните сили за заштита и спасување и др.активности), континуирана соработка со надлежните органи: Центар за управување со кризи, Дирекција за заштита и спасување, подрачните одделенија на сите ресорни министерства, Црвен крст и сите јавни претпријатија на подрачјето на општина Охрид, Одделението за заштита и спасување, управување со кризи при Секторот за општи работи во периодот од 01.01.2024–31.12.2024 година реализира значајни програмски активности.

1. **Реализирани програмски активности**

| **Ред. бр.** | **Програмски активности** |
|---|---|
| 1 | Ажурирање на Проценката на загрозеност на територијата на Општина Охрид од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епитофии и други несреќи |
| 2. | Ажурирање на Планот за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи на општина Охрид |
| 3. | Обуки, работилници, семинари на членови на Штабот за заштита и спасување и Просторните сили за заштита и спасување на општина Охрид на Штабот за заштита и спасување |
| 4. | Ангажирање на Планинска Спасителна Служба на Црвен крст Охрид |
| 5. | Чистење на оџаци, димоводни уреди, системи за воздух, системи за воздушно и водно греење, огништа-котли за парно греење (2 оџаци, канали и 2 парни котли) |
| 6. | Организирање на предавања во училиштата и градинките на тема превентива и заштита од пожари и други природни катастрофи |

-Проценката на загрозеност на територијата на Општина Охрид од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епитофии и други несреќи и Планот за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи на општина Охрид во процесот на ажурирање не претрпеа значајни измени за 2024 година.

-Во однос на точка бр.3 дел од вработените на општина Охрид, кои се и членови на Штабот за заштита и спасување на општина Охрид присуствуваа на работилницата „Да ги направиме градовите отпорни 2030” (Making Cities Resilient 2030 (MCR2030) која претставува иницијатива за подобрување на локалната отпорност преку активности и мерки за споделување на знаења и искуства, воспоставување на мрежи за соработка, обезбедување на техничка и експертска поддршка, поврзување на релевантните служби од централната и локалната власт, градење на партнерства за соработка, како и други активности за намалување на ризиците од катастрофи кои имаат негативни влијанија за животот и здравјето на граѓаните, материјалните добра, инфраструктурата и економскиот развој на општините. Препознавајќи ги овие можности и придобивки, општина Охрид е една од првите три општини од Република Македонија која во соработка со Центарот за управување со кризи ги превзема конкретни чекори за приклучување на оваа иницијатива. За таа цел на 9 јуни 2024 година, со поддршка на УНДРР (Канцеларијата на Обиденетите нации за намалување на ризици од катастрофи за Европа и Централна Азија) беше одржана наменска работилница за проценка на отпорноста на општина Охрид

со цел да се согледа капацитетот и моменталните состојби на општината за исполнување на кретириумите и очекувањата од оваа Иницијатива. На работилницата присуствуваат претставници од соодветните служби во рамките на општина Охрид, претставници од Центарот за управување со кризи и тематски експерт од УНДРР. За време на работилницата беше одговорен сеопфатен Прашалник врз основа на кој се определува моменталната состојба, односно се мери нивото на отпорност на општината и се доделува соодветна фаза на достигнување, како појдовна основа за понатамошните активности. Исто така, од страна на тематскиот експерт е изготвен Извештај кој ги опфаќа сите тематски области кои беа предмет на анализа и евалуација. Со извештајот се дадени соодветни препораки кои во наредниот период треба да се претворат во конкретни активности и да се постигнат видливи резултати. Со реализација на овие активности, општина Охрид заедно со општините Гази Баба и општина Ѓорче Петров, кои исто така изразија подготвеност да се приклучат кон оваа иницијатива практично се првите општини од Републиката кои официјално се пруклучија на оваа глобална акција и со тоа заслужено се најдоа на објавените вести на Веб страната на УНДРР (North Macedonia take steps to enter the 2030s with greater resilience | UNDRR).

Во периодот од 05-08.11.2024 година се оддржа Регионална платформа на Европа и Централна Азија за намалување на ризици од катастрофи 2024 во Будва-Црна Гора на која Општина Охрид беше промовирана како дел од Иницијативата за отпорни градови Making Cities Resilient 2030 (MCR2030). Во рамки на тридневниот настан на кој учествуваа лидерите за цивилна заштита и над 700 учесници од 55 замји-членки на ОН, на претставниците на Општина Охрид им беше доделен сертификат за официјално учеството во иницијативата MCR 2030. Покрај министерската тркалезна маса и сесиите на високо ниво, учесниците на платформата беа вклучени во лаборатории за учење и сесии предводени од експерти се фокусираа на теми како што се ангажманот на приватниот сектор, отпорноста на инфраструктурата и системите за рано предупредување за повеќе опасности. Making Cities Resilient 2030 (MCR2030) е уникатна иницијатива меѓу засегнатите страни за подобрување на локалната отпорност преку застапување, споделување знаења и искуства, воспоставување и зајакнување на меѓуопштински мрежи за учење, техничка експертиза, поврзување со владини институции и градење партнерства. MCR2030 во рамки на Канцеларијата на Обединети Нации има за цел да обезбеди градовите да станат инклузивни, безбедни, еластични и одржливи до 2030 година. Организатор на гореспоменатиот настан на кој учествуваа и претставници од оштина Охрид беа Обединети Нации. Патните трошоци, сместувањето и храната за време на настанот беа на товар на организаторот.

-Согласно Програмата за реализација на активностите на општина Охрид од областа на заштита и спасување, управување со кризи и ревитализација по елиминирање на кризи за 2024 година и потребите на граѓаните на општина Охрид е ангажирана Планинската спасителна служба на Црвен крст-Охрид како специјализирана единица за планинско спасување и заштита и спасување на вода во рамки на Просторните сили за заштита и спасување на општина Охрид. Во текот на 2024 година Планинската спасителна служба на Црвен крст-Охрид има реализирано низа активности и интервенции за пребарување и спасување на сограѓани и туристи во тешко пристапни терени и планински предели. Во летниот период Планинската спасителна служба на Црвен крст-Охрид со целокупниот капацитет беше активно вклучена во гаснењето на пожарите околу

Охрид, а особено на пожарот кој ја зафати Галичица, каде беше опожарен голем дел од високопланинските предели од зоната со строга заштита на паркот.

-За реализирање на услугата Чистење на оџаци, димноводни уреди, системи за воздух, системи за воздушно и водно греење, огништа-котли за парно греење (2 оџаци, канали и 2 парни котли) во тендерска постапка беше избран економскиот оператор ДООЕЛ Шики-Битола и согласно Договор бр.09-6086/1 од 22.05.2024 година услугата- Чистење на оџаци, димноводни уреди, системи за воздух, системи за воздушно и водно греење, огништа-котли за парно греење се извршува еднаш вон сезона и секој месец (7 месеци) во сезона на греење, при што услугата ќе се извршува до април 2025 година, согласно договорот.

-Програмската активност-Организирање на предавања во училиштата и градинките на тема превентива и заштита од пожари и други природни катастрофи е реализирана од страна на ТППЕ Охрид и Единицата за противпожарна заштита во рамки на Просторните сили на заштита и спасување на општина Охрид.

**2. Нереализирни програмски активности**

| | |
|---|---|
| 1. | Набавка на заштитна опрема и средства за Универзална единица за заштита и спасување; |
| 2. | Набавка на заштитна опрема на Просторна специјализирана единица за противпожарна заштита<br>Јакна за шумски пожари<br>Пантолони за шумски пожари<br>Ракавици за шумски пожари<br>Шлем за шумски пожари.<br>Чизми за чумски пожари<br>Подкапа |
| 3. | Надоместок на граѓаните за извршување на правата и должностите во заштита и спасување (во зависност од потребите за ангажирање на граѓаните, општинскиот кризен штаб и просторните сили за заштита и спасување) |
| 4. | Специјализирани обуки на просторните сили за заштита и спасување (универзална, за противпожарна заштита, за справување со поплави, земјотреси итн.) |
| 5. | Ажурирање на персоналниот состав на Штабот за заштита и спасување на општина Охрид и просторните сили за заштита и спасување на општина Охрид |

За програмски активности од точките 1, 2, 3 и 4 не беа предвидени финансиски средства за реализија во Програмата за 2024 година, ниту беше обезбедена донација.

Ажурирање на персоналниот состав на Штабот за заштита и спасување на општина Охрид и просторните сили за заштита и спасување на општина Охрид не е направено, бидејќи не постојат промени во персоналниот состав на Штабот за заштита и спасување на општина Охрид и Просторните сили за заштита и спасување на општина Охрид.

## 3.Финансиски дел од извештајот

За реализација на програмските содржини од областа на заштита и спасување на Одделението за заштита, спасување и управување со кризи при Секторот за општи работи, реализирани во периодот од 01.01.2024 година до 31.12.2024 година, од Програмата $Q_1$, потрошени се 2.340.940,00 денари:

-За ангажирање на Планинската спасителна служба, огласно Програмата за реализација на активностите на општина Охрид од областа на заштита и спасување, управување со кризи и ревитализација по елиминирање на кризи за 2024 година предвидени и реализирани се 2.184.000,оо денари, од кои 324.000 денари за испалата на долг од 2023 година и 1.860.000 денари за 2024 година.

- За извршување на услугите за чистење оџаци, канали и огништа-котли за парно греење (2 парни котли и 2 оџаци) за потребите на општина Охрид потрошени се вкупно 156.940,00 денари, од кои 50.740,00 денари за долг од 2023 година, 59.000,00 денари за чистење оџаци, канали и огништа-котли за парно греење вон сезона (летна сезона) и 47.200 денари во грејна сезона (октомври и ноември), односно 2 месеци по 23.6000 денари, а за декември 2024 година активноста е реализирана, но фактурата е платена во 2025 година и активноста ќе продолжи да се реализира заклучно со април 2025 година.

| **Ред. бр.** | **Програмски активности** | **Предвидени финансиски средства** | **Реализирани финансиски средства** |
|---|---|---|---|
| 1. | Обуки, работилници, семинари на членови на Штабот за заштита и спасување и Просторните сили за заштита и спасување на општина Охрид | 40.000 денари | / |
| 2. | Ангажирање на Планинска Спасителна Служба на Црвен крст Охрид | 2.184.000 денари | 2.184.000 денари |
| 3. | Чистење на оџаци, димноводни уреди, системи за воздух, системи за воздушно и водно греење, огништа-котли за парно греење (2 оџаци, канали и 2 парни котли) | 277.000 денари | 156.940 денари |
| | **Вкупно** | **2.501.000 денари** | **2.340.940 денари** |

Согласно Програмата за реализација на активностите на општина Охрид од областа на заштита и спасување, управување со кризи и ревитализација по елиминирање на кризи за 2024 година беа предвидени 2.501.000,00 денари, од кои реализирани се сите програмски активности за кои беа предвидени финансиски средства во износ од 2.340.940,00 денари, а одредени програмски активности ќе продолжат да се реализираат и во текот на 2025 година.

**Број 08-3254/66** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2025 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТА НА ОПШТИНСКИОТ СОВЕТ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА НА ДЕТСКО ПРЕСТАПНИШТВО НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2024 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за работа на општинскиот совет за превенција на детско престапништво на општина Охрид за 2024 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2025 година.

**Број 09 – 3254/152** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2025 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2025 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТА НА ОПШТИНСКИОТ СОВЕТ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА НА ДЕТСКО ПРЕСТАПНИШТВО НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2024 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за работа на општинскиот совет за превенција на детско престапништво на општина Охрид за 2024 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3254/67** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2025 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Перчо Божиновски,с.р.**

**ИЗВЕШТАЈ**

**ЗА РАБОТА НА ОПШТИНСКИ СОВЕТ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА НА ДЕТСКО ПРЕСТАПНИШТВО НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2024 ГОДИНА**

## I. ВОВЕД

**Општинскиот совет за превенција на детско престапништво на општина Охрид**

Општинскиот совет за превенција на малолетничко претстапништво на општина Охрид е формиран на 29.08.2023 година со Одлука на Совет на општина Охрид бр. 08-12881/114 од 29.08.2023 година и брои 11 членови:

1. Билјана Богданова-Смилевска–Совет на родители „ОУ Христо Узунов’’Охрид-претседател;
2. Кети Росиќ – општина Охрид-секретар;
3. Билјана Неделкоска – Началник на Оддел за превенција-СВР Охрид
4. Кристина Илиеска Атанасова – Основно јавно обвинителство Охрид;
5. Игор Јосифоски – Локален младински совет Охрид;
6. Христијан Спироски – Адвокатска комора Охрид;
7. Јулијана Настоска Петреска – НВО ,,Опција’’ Охрид;
8. Вахид Мехмед – НВО ,,Инклузија’’ Охрид;
9. Михаил Пероски – НВО ,,ВОПС Поддршка’’ Охрид;
10. Милчо Клишески-Основен суд-Охрид
11. Илче Миштакоски -Центар за социјални работи

Деловникот за работа на општинскиот совет на детско престапништво на општина Охрид е донесен на 15.12.2023 година под архивски број 29-18593/2 од 15.12.2023 година и е објавен во Службен гласник на општина Охрид бр.14 од 28.12.2023 година.

Годишна програма за работа на Општинскиот совет за превенција на детско престапништво и Акциски план за реализацијата на Годишната програма се донесени на 14.03.2024 година со архивски број 08-2953/97 од 14.03.2024 година.

Општинскиот совет за превенција на малолетничко претстапништво на општина Охрид во текот на 2024 година има оддржано 3 формални седници и повеќе состаноци и координативни средби во тековната 2024 година.

## II. РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИ ОД ГОДИШНАТА ПРОГРАМА И АКЦИСКИОТ ПЛАН

**Активности кои ОСПДП ги реализираше во 2024 година се:**

***<u>Овој дел ги содржи податоците за реализирани активности на ОСПДП:</u>***

1. **Учество на трибини**
   **Извештај бр.03-4924/1 od 18.04.2024 година**

На ден 15.04.2024 година од 11.45 до 14.30 часот во Младински Центар Охрид се оддржа завршен настан за промоција на Локалниот Младински совет и вмрежување со млади охриѓани во организација на Локалниот Младински Совет на Општина Охрид.

Членови на Општински совет за превенција на малолетничко престапништво на општина Охрид зедоа активно учество на завршниот настан за промоција на Локалниот Младински совет и вмрежување со млади охриѓани. Оваа активност се имплементира во рамките на проектот „Млади за инклузија, еднаквост и доверба”, финансиран од страна на Фондот за мир на Обиденетите нации, имплементиран од страна на УНДП, УНФПА, УНЕСКО и UN Women.

Претседателот на ОСПМП, д-р Билјана Богданова-Смилевска и секретарот на ОСПМП, Ќети Росиќ учествуваа како панелисти на трибината на тема „Дискусија за облиците на насилство, штетните последици од насилството и превенција на насилство,” и дадоа свое видување за феноменолошките и етиолошките карактеристики на насилството кај младите, последици, начин на постапување, превенција од сите облици на насилство, улогата на ОСПМП во превенцијата на насилството кај младите и тн. Исто така, претставниците на ОСПМП активно одговараа на сите прашања поставени од присутните.

**2.** Одржани работилници, состаноци и посета на училишта

Извештај бр.03-14689/1од 02.12.2024
Извештај бр.03-14689/2 од 13.12.2024

На ден 25.11.2024 година во ООУ ,,Ванчо Николески”-Лескоец-Охрид, Советот за превенција на малолетничко престапништво на општина Охрид одржа работилница на тема ,,Емоции во бои” наменета за учениците од второ одделение. Работилницата ја реализираше лиценциран психолог Кети Маркоска. Во II одделение присутни беа два класа, односно 25 ученици. На работилницата се оддржа презентација за основните емоции: тага, страв, лутина и радост. Учениците ги препознаа основните емоции и научија дека е нормално да имаат и изразуваат различни емоции. Се охрабрија да ги споделуваат своите емоции со учителите и родителите.

Преку практична активност, учениците визуелно ги поврзаа емоциите со бои, каде се поттикна креативност и развој на емотивната свест. Идентификуваа ситуации во кои се чувствуваат радосни, тажни, лути или исплашени и им помогна во самопознавањето и разбирањето на сопствените емоции

Во ООУ ,,Ванчо Николески”-Лескоец-Охрид се оствари и работна средба со службата во училиштето, односно со Весна Терзиоска-педагог, Александра Трпеска-психолог и директорот на училиштето Сашо Климоски.

На средбата се дискутираше за актуелните случувања во училиштето во текот на 2024 година,при што надлежните од уличиштето истакнаа дека не се соочуваат со посериозни проблеми и службите преку разговори со децата ги решаваат проблемите.

Службата побара да се организираат обуки за наставниците од областа на зависностите и врсничкото насилство за да можат да препознаат било каков облик на зависности или било какво однесување кое укажува на врсничко насилство.

На ден 05.12.2024 година во ООУ „Христо Узунов”- Охрид, Советот за превенција на малолетничко престапништво на општина Охрид оддржа работилница на тема „Емоции во бои” наменета за учениците од второ одделение. Работилницата ја реализираше лиценциран психолог Кети Маркоска. Во II-5 одделение присутни 24 ученици, а II-1 присутни беа 19 ученици.

На ден 12.12.2024 година во ООУ „Христо Узунов”- Охрид се оддржа истата работилница во останатите класови од второ одделение II-2-(присутни 23 ученици), II-3-(присутни 15 ученици), II-4-(присутни 18 ученици).

На работилницата се оддржа презентација за основните емоции: тага, страв, лутина и радост. Учениците ги препознаа основните емоции и научија дека е нормално да имаат и изразуваат различни емоции. Се охрабрија да ги споделуваат своите емоции со учителите и родителите. Преку практична активност, учениците визуелно ги поврзаа емоциите со бои, каде се поттикна креативност и развој на емотивната свест. Идентификуваа ситуации во кои се чувствуваат радосни, тажни, лути или исплашени и им помогна во самопознавањето и разбирањето на сопствените емоции.

Во ООУ „Христо Узунов”- Охрид се оствари и работна средба со службата во училиштето, односно со психологот Ивана Ѓероска-Трпеска.
На средбата се дискутираше за актуелните случувања во училиштето во текот на 2024 година,при што надлежните од уличиштето истакнаа дека се соочуваат со посериозни проблеми, особено во второ одделение. Евидентиран е посериозен случај во второ одделение (носење ножеви во училиште) за кој е известен и СВР-Охрид. Најчесто службата преку разговори со децата, односно советување ги решава проблемите. Советувањата се најчесто за намалено поведение или проблематично однесување. Психологот како посебен проблем го потенцира падот на самодоверба и изгубениот интерес и внимание од страна на учениците и алудира на работилници кои ќе ја опфатат оваа тема.

**3. Број на одржани работилници, предавања и обуки во периодот од 01.01.2024 до 18.12.2024 година во координација со СВР-Охрид;**

- 5 работилници на тема „Заштита и превенција од злоупотреба на мопеди од страна на деца“ со родители од одборот на родители на ученици од шесто до деветто одделение во ОУ„Кочо Рацин“, ОУ„Григор Прличев“, ОУ„Христо Узунов“ и ОУ„Св.Климент Охридски“, ОУ„Св.Наум Охридски“ од с.Пештани;

- 7 работилници на тема „Мојот пријател полицаец“ во просториите и на паркингот од БПС Охрид, како и одделно во детските градинки на подрачјето на Општина Охрид, преку активности и средства прилагодени за деца од предшколска возраст односно на возраст од 05-06 години, со цел приближување на полицијата до најмалата категорија на граѓани-децата, развивање на чувство на припадност и бестрашност од нивна страна кон полицијата и прифаќање на полицијата како нивен пријател;

- Учество на трибина во УИНТ„Св.Апостол Павле“ насловена како "Адикции/зависности кај младите во Охрид", организирана од страна на младите од ОЕМУЦ„Св.Наум Охридски“, кое подразбира вклучување на заедницата со сите негови чинители во активностите на полицијата за намалување, спречување и откривање на криминалот;

- 3 едукативни предавања во врска со матурските вечери со ученици од четвртта година-матуранти од ЕМУЦ„Св.Наум Охридски“, СОСУ„Св.Кирил и Методиј“ и Гимназија „Св.Климент Охридски“, со цел подигнување на личната одговорност и свест кај матурантите и нивните родители за личната и општата безбедност.

- 1 едукативно предавање на тема „Правила во сообраќајот за велосипедисти“ како и спроведен планираниот настан под наслов „Со велосипед уживај и профитирај“, во СОСУ„Св.Кирил и Методиј“, а по барање на Здружението за едукација, култура и младински активизам „Граѓански интегритет“ од Охрид, со цел потсетување на децата за правилата во сообраќајот при управување на велосипеди;

- 1 превентивна активност „Вози велосипед“ по повод Европска недела на мобилност, со ученици од ОУ„Кочо Рацин“ од VI до IX одделение, и ученици од СОУ „Св.Климент Охридски“ од I до IV година, на начин со организирана велосипедска тура низ улиците на подрачјето на Охрид, со цел формирање на здрави навики кај децата, побезбеден сообраќај и поддршка на алтернативни форми на мобилност;

- 2 показни вежби за дејствување и евакуација по случен земјотрес и пожар во СОСУ„Св.Кирил и Методиј“ и СОСУ„Св.Климент Охридски“, по предходно утврдено разработено сценарио со кое беа запознати учениците, со цел подигнување на степенот на безбедносни мерки и подготвеност на учениците и наставниците при вакви кризни состојби;

- 7 едукативни предавања на тема „Булинг и сајбер булинг“ со ученици од VI до IX одделение во ОУ„Кочо Рацин“ во Охрид и истото ОУ во с.Лакочереј, ОУ„Григор Прличев“, ОУ„Св.Наум Охридски“-с.Пештани, ОУ„Живко Чинго“-с.Велгошти, ОУ„Св.Ванчо Николески“-с.Лескоец, со цел запознавање на децата со овој современ вид на насилство кој освен во виртуелниот свет може да се случи и надвор од него и начин на реагирање доколку тие се жртва на булинг и сајбер булинг;

- 6 едукативни предавања на тема „Кажи НЕ на дрогата, ДА на животот“ во ОУ„Братство Единство“, ОУ„Христо Узунов“, СОУ„Св.Климент Охридски-гимназија“, СОСУ„Св.Кирил и Методиј“, СОУ„Наум Охридски“, и ОУ„Дебрца“ во с.Белчишта;

- 3 едукативни работилници на тема „Да се заштитиме од петарди“ со сите ученици од VI до IX одделение во ОУ„Григор Прличев“, ОУ„Христо Узунов“ и ОУ„Кочо Рацин“, со цел подигање на свеста кај децата за употреба на петардите и нивните штетни последици.

**Заклучоци и препораки од реализираните активности во 2024 година:**

1.Во основните училишта како посебен проблем е идентификуван падот на самодоверба и изгубениот интерес и внимание од страна на учениците до 4 одделение што имплицира потреба од работилници кои ќе ја опфатат оваа тема.
2. Евидентирана е потребата во основните училишта да се организираат обуки за наставниците од областа на зависностите и врсничкото насилство за да можат

да препознаат било каков облик на зависности или било какво однесување кое укажува на врсничко насилство.
3. Во основните училишта е намалена возрасната граница на случаите на врсничко насилство и постојат веќе регистрирани случаи на врсничко насилство во второ одделение.
4.Од спроведените активности во континуитет се работи за будење на свеста на учениците во основните и средните училишта за личната одговорност за лична и колективна безбедност, се запознаени со сите форми на врсничко и сајбер насилство и негативните последици и се дава можност активно да се вклучат во сите дискусии и да се слушне гласот на најмладите како категорија која може да биде потенцијална жртва, но и потенцијален извршител.
5. Потреба од едукација на родителите за врсничко насилство, сајбер насилство и зависности заради рана детекција и идентификација на било каков облик на насилство.

## III. ПОДАТОЦИ ОД ИНСТИТУЦИИ

Заради реализацијата на Годишната програма за работа на ОСПДП и Акцискиот план, а со цел да се идентификуваат состојбите на ниво на општина од детско престапништво, идентификување на клучните ризични фактори за настанати локални состојби и правење на анализи за мерки и активности за планирање за спречување на општествено неприфатливи облици на однесување на децата, се побарани и добиени податоци за детското престапништво на територијата на општина Охрид од следните институции:

1. **Министерство за внатрешни работи - СВР Охрид**
2. **ЈУ Центар за социјална работа Охрид**
3. **Основен суд Охрид**
4. **Основни училишта на територијата на општина Охрид**
5. **Средни училишта на територијата на општина Охрид**

### 1. Податоци од ЈУ Центар за социјална работа Охрид

| **Индикатор 1:** | **Деца во ризик упатени во Центар за социјална работа** |
|---|---|
| Вкупен број на деца во ризик кои се упатени во ЦСР во текот на 12 месечен период од страна на други институции или поединци. | |
| Машки пол: **7** | |
| Женски пол: **3** | |
| В к у п но: **10** | |
| Број на известувања добиени од: | |
| 7. МВР-**82** | |
| 8. ЈО-**5** | |
| 9. Училиште-**5** | |
| 10. Родител/старател | |

| |
|---|
| 11. Дете |
| 12. Оштетен |
| 13. Здраствена установа |
| 14. НВО |
| 15. И други институции **Основен суд Охрид-18** |
| В к у п н о : **110** |

| **Индикатор 2:** | **Деца жртви на кривични дела евидентирани во Центар за социјална работа** |
|---|---|
| Вкупен број на деца жртви на кривични дела евидентирани во ЦСР во текот на12 месечен период. | |
| Машки пол | / |
| Женски пол | / |
| В к у п н о : | / |

| **Индикатор 3:** | **Деца во ризик кон кои се применети мерки на помош и заштита во Центар за социјална работа** |
|---|---|
| Вкупен број на деца во ризик кон кои ЦСР применил мерки за помош и заштита во период од 12 месеци. | |
| Машки пол | **23** |
| Женски пол | **6** |
| В к у п н о : | **29** |
| | |
| **Индикатор 4:** | **Применети мерки на помош и заштита на деца во ризик во ЦСР** |
| Вкупен број на мерки за помош и заштита применети на деца во ризик од страна на ЦСР во период од 12 месеци. | |
| Машки пол | **403** |
| Женски пол | **26** |
| В к у п н о : | **429** |

| | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 5:** | **Деца кои оствариле право на бесплатна правна помош во ЦСР за присуство на адвокат** | |
| Број на деца кои во ЦСР оствариле право на присуство на адвокат во период од 12 месеци. | | |
| Број на деца во ризик до 14 години. | Машки пол | Женски пол |
| | / | / |
| Број на деца во ризик над 14 години. (чл.25 ст.4 од ЗПД) | / | / |
| В к у п н о : | / | |
| Број на деца кои во ЦСР оствариле право на бесплатна правна помош за присуство на адвокат во период од 12 месеци. | | |
| Број на деца во ризик до 14 години. | Машки пол | Женски пол |
| | / | / |
| Број на деца во ризик над 14 години. | / | / |
| В к у п н о : | / | |

| | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 6:** | **Деца во ризик вклучени во постапка за посредување во Центар за социјална работа** | |
| Вкупен број на деца во ризик спрема кои ЦСР спровел постапка на посредување во период од 12 месеци. | | |
| | Машки пол | Женски пол |
| Број на деца за кои е постигната спогодба за посредување. | / | / |
| Број на деца за кои не е постигната спогодба за посредување. | **33** | **1** |
| В к у п н о : | **34** | |
| | | |

| **Индикатор 7:** | **Помош на деца од страна на ЦСР по излегување од установа** | |
|---|---|---|
| Број на деца на кои им е запрено извршувањето на заводската мерка - Упатување во воспитна установа /Воспитно - поправен дом и деца на кои им престанала казната - Затвор за деца, во период од 12 месеци. | Машки пол | Женски пол |
| | / | / |
| В к у п н о: | / | |
| Број на деца кои добиле помош од ЦСР по излегување од: | Машки пол | Женски пол |
| - Воспитна установа | / | |
| - ВПД – Тетово | / | |
| - Затвор за деца | / | |
| В к у п н о | / | |
| | | |

| **Индикатор 8:** | **Деца за кои се води прекршочна постапка** |
|---|---|
| Вкупен број на деца за кои се води прекршочна постапка од страна на судот и е побарано мислење од ЦСР во период од 12 месеци. | |
| Машки пол | **13** |
| Женски пол | **2** |
| В к у п н о : | **15** |

**2. Податоци од Министерство за внатрешни работи – СВР Охрид**

| **Индикатор 1:** | **Деца во ризик** |
|---|---|
| Број на деца за кои е доставено писмено известување до ЦСР во текот на 12 месечен период | |
| Машки пол | 10 |
| Женски пол | 4 |
| В к у п н о : | 14 |

| **Индикатор 2:** | **Деца во судир со законот** | |
|---|---|---|
| Вкупен број на деца кои биле повикани во полициска станица заради собирање на информации од страна на МВР во период од 12 месеци | | |
| Број на повикани деца по основ на : | Машки пол | Женски пол |
| Сведок | 7 | 1 |
| Оштетен | 1 | / |
| Пријавен | 30 | 3 |
| В к у п н о : | 42 | |
| | | |

| **Индикатор 3:** | **Остварено право на детето на бранител за време на водење на разговор во полициска станица** |
|---|---|
| Вкупен број на деца кои оствариле право на бранител во полициска станица при водење на разговор со дете во период од 12 месеци | |
| Машки пол | 8 |
| Женски пол | 4 |
| В к у п н о : | 12 |

| **Индикатор 4:** | **Задржани деца во полициска станица** |
|---|---|
| Вкупен број на деца кои се задржани во полициска станица во период од 12 месеци | |
| Машки пол | 2 |
| Женски пол | / |
| В к у п н о : | 2 |

| **Индикатор 5:** | **Деца жртви на кривични дела** |
|---|---|
| Вкупен број на деца жртви на кривични дела идентификувани од МВР во период од 12 месеци | |
| Машки пол | 1 |
| Женски пол | 4 |

| | |
|---|---|
| В к у п н о : | 5 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Индикатор 6:** | **Посебни простории за водење на разговор со дете** | | |
| Вкупен број на деца со кои е воден разговор во посебни простории во период од 12 месеци | | | |
| | | Машки пол | Женски пол |
| Број на деца во судир со законот | | / | / |
| Број на деца жртви | | / | / |
| В к у п н о : | | Во ПС ОН Охрид нема вакви простории | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Индикатор 7:** | **Деца за кои е поднесено барање за поведување на прекршочна постапка** | | |
| Број на деца за кои се поднесени барања за поведување на прекршочна постапка во период од 12 месеци. | | | |
| Пол | | Машки пол | Женски пол |
| Број на деца до 16 години за кои е спроведена успешна постапка на посредување | | / | / |
| Број на деца до 16 години за кои е поднесено барање за поведување на прекршочна постапка | | / | / |
| Број на деца од 16-18 години за кои е спроведена успешна постапка на посредување | | / | / |
| Број на деца од16-18 години за кои е поднесено барање за поведување на прекршочна постапка | | 3 | / |
| Вкупно: | | 3 | |

## 3. Податоци од Основен суд Охрид

1. Податоци за водени прекршочни постапки спрема деца (примени предмети, решени предмети, нерешени предмети)

**Според евиденцијата на Основен суд Охрид за 2024 година за водени прекршочни постапки спрема деца примени се вкупно 13 кои не се решени.**

2. Податоци за водени кривични постапки спрема деца (примени предмети, решени предмети, нерешени предмети)

**Според евиденцијата на Основен суд Охрид за 2024 година за водени кривични постапки спрема деца заведени се вкупно 39 од кои 11 се решени, а 28 не се решени.**

## 4. Податоци од основните и средните училишта

### 1.ООУ Христо Узунов-Охрид

Број на одржани советувања во периодот од јануари-декември 2024 година:
- Намален успех, негативни оцени 3 или повеќе – 32
- Нередовно посетување настава – 3
- Несоодветно однесување – 109

Број на изречени педагошки мерки во период од јануари-декември 2024 година:
- Усна опомена – 19
- Писмена опомена – 11
- Укор – 3

Број на одржани работилници и обуки во период од јануари-декември 2024 година:
I одд. ( Јас сум јас, ти си ти; Кој е во мојата група; Ја сакам мојата група; Другарчињата се важни; Како се чувствувате денес)
II одд (Моите прсти ме прават посебен/на; Мојата рака на квалитети; Мојата среќна и тажна страница; Моите чувства-твоите чувства; Ова е член на моето семејство;
III одд (Моите прсти ме прават посебен/на; Мојата среќна и тажна страница; Моите чувства-твоите чувства;
IV одд (Моите прсти ме прават посебен/на; Мојата рака на квалитети; Како се чувствувам кога; Моите чувства-твоите чувства; Надминување на стравот;
V одд (Цвет на силата; Ова сум јас; Во што сум добар/добра? Моите омилени места; Јас сум животно;
VI одд (Цвет на силата; Донесување одлики; Биди смирен и работи напорно; Моите вештини имаат корени; Се е во ред! Навистина?
VII одд (Моите компетенции; Внимавајте на овие реченици! Моите чувства и емоции – како се справувам со нив; Како се гледам себеси? Како ме гледаат другите?
VIII одд (Неуспех! Неуспех? Различни ситуации, различни постапки и чувства; Пет стратегии за решавање на конфликти;
IX одд (Различни, но еднакви; Кои се нашите вредности? Како се решава конфликт? Желби за подобар свет доколку бев волшебник; Желби и потреби
VI, V и VII одделение( работилници за врсничко насилство, вкупно 15) На тема Што е враничко насилство, видови врсничко насилство , разлика меѓу конфликт и врсничко насилство, карактеристики, последици од врсничко насилство, улоги во врсничко насилство и превенција од врсничко насилство.

### 2. ООУ “ Григор Прличев “ Охрид за 2024 година

1. Во соработка со МВР- Сектор за превенција и Црвен Крст – Охрид реализирани се три работилници:

➢ “Превенција од зависности од дрога, алкохол и цигари“ со учениците од VIII и IX одделение (вкупно 12 одделенија ) ( МВР и Црвен Крст);

➢ “Булинг и сајбер булинг“ со учениците од VI, VII,VIII и IX одделение (вкупно 24 одделенија ) ( МВР и Црвен Крст);

- Превенција за “ Не користи пиротехнички средства – петарди“ со учениците од VI, VII,VIII и IX одделение (вкупно 24 одделенија ) ( МВР);

2. Одделенските раководители во соработка со стручната служба реализираа работилници за зачувување на менталното здравје , вклучувајќи и теми поврзани со превенција од девијантно и насилничко однесување како и малолетничко престапништво.

- Тема “ Другарство “ со учениците од I одделение (вкупно 6 одделенија );
- Тема “ Моите чувстав“ со учениците од I одделение (вкупно 6 одделенија);
- Тема “ Не ми е убаво кога ...“ со учениците од I одделение (вкупно 6 одделенија);
- Тема “ Мојот бес“ со учениците од I одделение (вкупно 6 одделенија);
- Тема “ Тажен сум кога ...“ со учениците од I одделение (вкупно 6 одделенија);
- Тема “ Моите другари “ со учениците од I одделение (вкупно 6 одделенија);
- Тема “ Тажен сум кога ...“ со учениците од I одделение (вкупно 6 одделенија);
- Тема “ Зборување зад грб “ со учениците од I одделение (вкупно 6 одделенија);
- Тема “ Кога грешам “ со учениците од I одделение (вкупно 6 одделенија);
- Тема “ Насилство СТОП “ со учениците од I одделение (вкупно 6 одделенија);
- Тема “ Мојот Херој “ со учениците од II одделение (вкупно 6 одделенија );
- Тема “Моќта на зборовите “ со учениците од II одделение (вкупно 6 одделенија
- Тема “Внимателни моменти – вежбање смиреност“ со учениците од II одделение (вкупно 6 одделенија
- Тема “ Тажен сум кога ....“ со учениците од II одделение (вкупно 6 одделенија
- Тема “ Боите на емоциите “ со учениците од III одделение (вкупно 6 одделенија );
- Тема “ На местото на другиот“ со учениците од III одделение (вкупно 6 одделенија );
- Тема “ Препознавање на чувствата“ со учениците од III одделение (вкупно 6 одделенија );
- Тема “ Чувство на благодарност “ со учениците од IV одделение (вкупно 6 одделенија );
- Тема “ Надминување на мојот страв “ со учениците од IV одделение (вкупно 6 одделенија );
- Тема “ Причини за скарување и смирување“ со учениците од IV одделение (вкупно 6 одделенија );
- Тема “ Донесување одлуки во група – Да се спртиставам или не ? “ со учениците од IV одделение (вкупно 6 одделенија );
- Тема “ Причини за скарување и смирување“ со учениците од IV одделение (вкупно 6 одделенија );

- Тема “ Препознавање и искажување на сопствените емоции“ со учениците од IV одделение (вкупно 6 одделенија );
- Тема “ Препознавање и искажување на сопствените емоции“ со учениците од IV одделение (вкупно 6 одделенија );
- Тема “ Справување со насилно однесување – Насмеаната Леа“ со учениците од IV одделение (вкупно 6 одделенија );
- Тема “ Контрола на сопствената лутина“ со учениците од IV одделение (вкупно 6 одделенија );
- Тема “ Градење на позитивен однос во училницата“ со учениците од IV одделение (вкупно 6 одделенија );
- Тема “ Влијанието на медиумите врз емоциите на корисниците“ со учениците од IV одделение (вкупно 6 одделенија );
- Тема “ Исто гледаме друго гледаме“ со учениците од IV одделение (вкупно 6 одделенија );
- Тема “ Лутина“ со учениците од V одделение (вкупно 6 одделенија );
- Тема “ Што е конфликт“ со учениците од V одделение (вкупно 6 одделенија );
- Тема “ Соодветно и не соодветно однесувањеа“ со учениците од V одделение (вкупно 6 одделенија );
- Тема “ Конфликтите се скалила“ со учениците од V одделение (вкупно 6 одделенија );
- Тема “ Позитивен и негативен приод кон конфликтите“ со учениците од V одделение (вкупно 6 одделенија );
- Тема “ Извори на конфликт“ со учениците од V одделение (вкупно 6 одделенија );
- Тема “ Изразување на емоции“ со учениците од V одделение (вкупно 6 одделенија );
- Тема “ Врсничко насилство “ со учениците од VI одделение (вкупно 6 одделенија );
- Тема “ Спротиставување, избегнување или ... “ со учениците од VI одделение (вкупно 6 одделенија );
- Тема “ Насилство – поими и видови “ со учениците од VI одделение (вкупно 6 одделенија );
- Тема “ Контрола на сопствената лутина “ со учениците од VI одделение (вкупно 6 одделенија );
- Тема “ Напаѓачко однесување “ со учениците од VI одделение (вкупно 6 одделенија );
- Тема “ Реагирање на насилство “ со учениците од VI одделение (вкупно 6 одделенија );
- Тема “ И слични и различни “ со учениците од VII одделение (вкупно 6 одделенија );
- Тема “ Што може да те испровоцира “ со учениците од VII одделение (вкупно 6 одделенија );
- Тема “ Справување со насилничко однесување“ со учениците од VII одделение (вкупно 6 одделенија );
- Тема “ Ненасилно решавање на конфликти “ со учениците од VII одделение (вкупно 6 одделенија );
- Тема “ На местото на другиот “ со учениците од VIII одделение (вкупно 6 одделенија );

- Тема “ Реакции на омаловажување “ со учениците од VIII одделение (вкупно 6 одделенија );
- Тема “ Црна овца “ со учениците од VIII одделение (вкупно 6 одделенија );
- Тема “ Одолевање на социјални предизвици “ со учениците од VIII одделение (вкупно 6 одделенија );
- Тема “ Однесување во лутина “ со учениците од VIII одделение (вкупно 6 одделенија );
- Тема “ Булинг“ со учениците од IX одделение (вкупно 6 одделенија );

3. Број на оддржани советувања (причина за советувања) во периодот јануари-декември 2024 година;

Вкупно беа реализирани 51 советување. Од нив:

- Намален успех во учењето (негатини оценки по три и повеќе предмети) – 21 ученик
- Нередовно посетување настава – 4 ученици
- Несоодветно однесување во училиштето – 26 ученици

4. Во периодот од јануари до декември 2024 година во училиштето се изречени следните педагошки мерки:

- Усна опомена од одделенскиот раководител – 18 ученици
- Писмена опомена од одделенскиот раководител - 31 ученик
- Писмена опомена од одделенски совет – 5 ученици
- Укор од одделенски раководител – 9 ученици
- Укор од одделенски совет – 16 ученици
- Намалено поведение Добар – 3 ученици

5. Во периодот од јануари до декември 2024 година во училиштето не се регистрирани пријави на врсничко насилство;

**3.ООУ “Братство Единство” Охрид**

Оддржани работилници и советувања и изречени педагошки мерки во период од јануари 2024 до декември 2024:

| | |
|---|---|
| 1. Број на оддржани работилници и обуки (на која тема и во кои одделенија/класови) во периодот јануари-декември 2024 година; | Одделенските наставници во текот на целата учебна година реализираат работилници согласно наставниот план и програма од БРО на своите одделенски часови.<br>Од октомври 2024 година согласно насоките од БРО се реализираат работилници за подобрување на менталното здравје на учениците.<br><br>Работилници реализирани во месец Октомври:<br>I- Погоди како се чувствувам<br>II- Да ги поминеме препреките<br>III- Погоди како се чувствувам<br>IV- Програма за фитнес на чувствата<br>V- Програма за фитнес на чувствата<br>VI- Нашиот договор на правила<br>VII- Како се справувам со тепачка |

| | |
|---|---|
| | VIII- Приказни за скарување и смирување<br>IX- Кој одговара за задачата?<br><br>Работилници реализирани во месец Ноември:<br>I- Цртање на мојата омилена храна, Му се заблагодарувам на моето тело<br>II-Мојата среќна и тажна страница, Што видовте денес?<br>III-Како се чувствувам кога..., Ѕвезда со моите вештини<br>IV-Моите чувства-твоите чувства, Можам да направам многу... со парче коноп<br>V- Се е во ред! Навистина?, Моето другарче е посебно<br>VI- Како се справувам со тепачка, Што можам да направам со и за другарчињата?<br>VII- Приказни за скарување и смирување, Кој одговара за задачата?<br>VIII-Моите другари, Подобро е да...<br>IX- Кога ми е тешко, Посебни потреби<br><br>Работилници реализирани во месец Декември:<br>I- Јас сум јас-ти си ти, Ова не смее<br>II- Ја сакам мојата група, Сите сме различни-сите сме исти<br>III-Тоа сум јас, Од грешките се учи<br>IV- Љубов, Од што се плашиме<br>V- Насилство-стоп! Не ми е убаво кога<br>VI- Како доаѓам до информации, Напаѓачко однесување<br>VII- Момчињата не плачат, Сакам да бидам<br>VIII- Притисок, бранители на човековите права<br>IX- Сексуално вознемирување, Збогум пријателство<br><br>Одржани предавања од страна на Црвен крст Охрид и СВР Охрид-одделение за превенција:<br>- Едукативно предавање на тема „Крени глас против врсничко насилство“ организирано од Општина Охрид<br>-Едукативно предавање од СВР Охрид за зависности<br>Едукативно предавање од Црвен Крст за давање прва помош |

| | |
|---|---|
| 2. Број на одржани советувања (причина за советувања) во периодот јануари-декември 2024 година; | 1. Несоодветно однесување- 5<br>2. Намален училишен успех-37<br>3. Нередовно посетување на настава – 20<br>Извршени се низа консултативно-советодавни разговори со родители и ученици за несоодветно однесување, нередовно посетување настава и за одредени ученици известен е и Центарот за социјална работа |
| 3. Број на изречени педагошки мерки и видот на педагошките мерки во периодот јануари-декември 2024 година; | 1. Усни педагошки мерки- 42<br>2. Писмени педагошки мерки- 14<br>3. Укор- 9<br>4. Намалено поведение на добро- 2<br>Педагошките мерки се однесуваат на нередовно посетување настава, несоодветно однесување кон соучениците и непочитување на кодексот на однесување во училиштето. |
| 4. Број на регистрирани случаи на врсничко насилство во периодот јануари-декември 2024 година; | Во периодот од јануари до декември 2024 година согласно Упатството за пријавување на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување немаме регистрирано ни еден случај. |
| 5. Доколку имате иницијатива за законска измена или потребни обуки за учениците или наставниот кадар Ве молиме да ги наведете. | Како училиште немаме потреба од обуки на наставниот кадар и на учениците (реализираме обуки интерно), но сметаме дека е потребно да се одржат што повеќе предавања за родителите/старателите. |

**4. ООУ „Ванчо Николески“ – Лескоец, Охрид**

**1. Број на одржани работилници и обуки (на која тема и во кои одделенија/класови) во периодот јануари-декември 2024 година.**

Во ООУ „Ванчо Николески“ – Лескоец одржани се вкупно 112 работилници во периодот од Јануари до Декември 2024 година, опфатени се сите ученици од I – IX одделение, а темите на кои се реализирани работилниците се: „Ненасилно решавање конфликти“, „Комуникација – вербална и невербална комуникација“, „Другарство“, „Емоции и справување со емоции“, „Правилно користење на слободното време“, „Ментално здравје и ментална хигиена“, „Јакнење на сабодовербата“, „Биди смирен и работи

напорно“, „Психо – физичко здравје“, „Безбедно користење интернет“, „Соработка или натпревар“ „Права на децата“, „Создавање сопствени вредности нивно прикажување“, „Врски -пријатели и како се однесуваме со нив“, „Чување тајни“, „Самопочитување – свест за себе“.

**2. Број на оддржани советувања (причина за советувања) во периодот јануари-декември 2024 година.**

**Советувања со ученици:**

Во периодот јануари – декември 2024 во ООУ „Ванчо Николески“ – Лескоец се оддржани вкупно 63 советувања со ученици од кои: 18 за насилно однесување, 2 за булинг, 4 за конзумирање енергетски пијалоци и цигари, 1 за уништување на училишен инвентар, 8 за навреда, непочитување на личноста на ученик/наставник, 2 за нередовност, 4 за попречување на наставата, 2 за булинг, 1 за неисполнување на училишни обрвски, 16 за намален успех и 5 за несоодветно однесување.

**Советувања со родители:**

Реализирани се 19 советувања со родители заради: недисциплинирано однесување на нивните деца, попречување на настава, нередовност, насилно однесување и непочитување на личноста на наставникот или соучениците.

Исто така реализирани се 15 советувања со родители за намален успех и 2 разговори за несоодветно однесување на нивните деца.

**3. Број на изречени педагошки мерки и видот на педагошките мерки во периодот јануари-декември 2024 година.**

Во наведениот период од јануари – декември 2024 изречени се вкупно 21 педагошка мерка, и тоа

- 18 Писмени опомени
- 2 Намалено поведение
- 1 Усна опомена

**4. Број на регистрирани случаи на врсничко насилство во периодот јануари-декември 2024 година.**

Немаме регистрирани случаи на врснично насилство во наведениот период.

**5. Доколку имате иницијатива за законска измена или потребни обуки за учениците или наставниот кадар Ве молиме да ги наведете.**

Би сакале да имаме обука за наставниот кадар и стручните соработници за правилно реагирање во случај на насилно однесување во училиштето, процедури, ингеренции, справување со специфични ситуации, кога треба да се вклучат и други институции за целосно решавање на ситуацијата.

5. **ООУ „Живко Чинго“- с.Велгошти**

1. Број на оддржани работилници и обуки (на која тема и во кои одделенија/класови) во периодот јануари-декември 2024 година;
    - 2 работилници за учениците од VIII и IX одделение на тема„Булинг-врсничко насилство„ и „Сајбер насилство“реализирани од страна на вработени во МВР,
    - 1 работилница за учениците од IX одделение на тема „Болести на зависност„ реализирана од страна на волонтери на Црвен крст Охрид
    - 1 работилница за учениците од V одделение на тема „Ненасилно разрешување на конфликти“ –реализирана од страна на училишниот психолог

- Поголем број работилници со учениците од I-IX одделение реализирани на одделенските часови од страна на одделенските раководители во текот на учебната година ,а се однесуваат на унапредување на менталното здравје кај учениците и превенција од насилничко однесување во училиште и надвор од него.

2. Број на одржани советувања (причина за советувања) во периодот јануари-декември 2024 година;
   - Вкупно 20 советувања заради нередовно посетување на настава, несоодветно однесување во училиште и немарен однос кон учењето.
3. Број на изречени педагошки мерки и видот на педагошките мерки во периодот јануари-декември 2024 година;
   - 23 писмени опомени
   - 1 педагошка мерка намалено поведение Добро
   - 3 педагошки мерки намалено поведение Незадоволително.
4. Број на регистрирани случаи на врсничко насилство во периодот јануари-декември 2024 година;
   - Пријавени 5 случаи на врсничко насилство (вербално, физичко и сајбер)
5. Доколку имате иницијатива за законска измена или потребни обуки за учениците или наставниот кадар Ве молиме да ги наведете.
   - Обуки за наставници и ученици секако треба да има и во иднина, но да има обуки и за родителите.

**6. ООУ „Кочо Рацин“-Охрид**

| | |
|---|---|
| 1. Број на оддржани работилници и обуки (на која тема и во кои одделенија/класови) во периодот јануари-декември 2024 година; | Одделенските наставници во текот на целата учебна година реализираат работилници согласно наставниот план и програма од БРО на своите одделенски часови.<br>Од октомври 2024 година согласно насоките од БРО се реализираат работилници за подобрување на менталното здравје на учениците.<br>Октомври:<br>I- Мојот бес<br>II- Зборување зад грб, Моите чувства<br>III- Заедно решаваме проблеми<br>IV- Конфликтите се скалила, Дел по дел сложувалка<br>V- Различни семејства-иста љубов<br>VI- Позитивни мисли, СПРАВУВАЊЕ СО ЕМОЦИИ МОИ ЧУВСТВА, ТВОИ ЧУВСТВА<br>VII- Јас сум!, На местото на другиот<br>VIII- Ѕид на моите позитивни и негативни мисли, Стрес, БЕЛИ БУБАМАРИ СО ЗЕЛЕНИ ТОЧКИ<br>IX- Негативните мисли/негативниот самоговор во мојата глава, Бура на идеи за разрешување конфликти<br>Ноември:<br>I- Малата локомотива можеше се, Се за мене<br>II- Насилство Стоп, Конфликт лево-конфликт десно<br>III- Справување со успех, неуспех; Запознавање и комуникација во |

| | |
|---|---|
| | група<br>IV- Грешење и простување; Конфликтите се скалила<br>V- Цвеќе на пријателството; Напаѓачко однесување<br>VI- Справување со конфликти- изнаоѓање различни<br>Стратегии; Интегритет, норми ивреднсоти - тоа е важноза мене<br>VII- Што може да те испровоцира; Ненасилно решавање на конфликти<br>VIII- Како да бидам самоуверен?; Неуспех? Неуспех ?<br>IX- Врсничко насилство; Мојот велосипед, мојата кацига, мојот живот<br>Одржани предавања од страна на Црвениот крст Охрид и СВР Охрид одделение за превенција:<br>-Интернет-Сајбер насилство (СВР Охрид)<br>-Сајбер булинг насилство (СВР Охрид)<br>-Сексуално преносливи болести, Зависности и Сида (за учениците од деветто одделение) Црвен крст Охрид |
| 2. Број на оддржани советувања (причина за советувања) во периодот јануари-декември 2024 година; | 1. Несоодветно однесување-15<br>2. Намален училишен успех-26<br>3. Нередовно посетување на настава -5 |
| 3. Број на изречени педагошки мерки и видот на педагошките мерки во периодот јануари-декември 2024 година; | 1. Усни педагошка мерка -11<br>2. Писмени педагошка мерки-7 |
| 4. Број на регистрирани случаи на врсничко насилство во периодот јануари-декември 2024 година; | Во периодот од јануари до декември 2024 година согласно Упатството за пријавување на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување немаме регистрирано ни еден случај.<br>Имаме ситуации на сајбер насилство 5 случаи, и по истите веднаш постапуваме заедно со одделенските/класните раководители, родителите, сите инволвирани во ситуацијата. |
| 5. Доколку имате иницијатива за законска измена | Како училиште немаме потреба од никакви обуки на наставниот кадар ни на учениците (реализираме интерно обуки), но сметаме дека е потребно да се одржат што повеќе предавања за |

| | |
|---|---|
| или потребни обуки за учениците или наставниот кадар Ве молиме да ги наведете. | родителите/старателите. |

**7. ООУ „Св. Климент Охридски”- Охрид**

1.Број на одржани работилници и обуки (на која тема и во кои одделенија/класови) во периодот јануари-декември 2024 година

| **Тема на работилница** | **Одделение** |
|---|---|
| „Другарство” | I-V одд. |
| „Стоп за насилство” | I-V одд. |
| „Прифаќање на различностите” | IV, V одд. |
| „Не ми е убаво кога...” | I-V одд. |
| „Запознавање и прифаќање на ретките болести” | IX одд. |
| Работилница за зачувување на менталното здравје „Емпатија и препознавање на емоциите” | VI-IX одд. |

| **Обуки** |
|---|
| Крени глас против врсничко насилство |
| Обука за ментално здравје |
| Препознавање и соодветна реакција на сите видови насилство- примери и добри пракси |

2. Советувања

| **Број на советувања** | **Причина** |
|---|---|
| 2 | неоправдано отсуствување од училиште |
| 1 | непочитување на Кодексот на однесување на |

| | |
|---|---|
| | училиштето, нарушување на правилата на однесување спрема други ученици, вербално и физичко насилство кон ученик и попречување на воспитно образовната работа во паралелката |
| 1 | Оштетување на инвентар во училиштето и непочитување на Кодексот на однесување на училиштето |
| 1 | Кибер-насилство, непочитување на Кодексот на однесување во училиштето и повреда на угледот на училиштето |
| 1 | Физичка повреда на ученик |
| Вкупно 6 | |

3. Педагошки мерки

| **Број на педагошки мерки** | **Вид на педагошка мерка** |
|---|---|
| 1 | Усна опомена |
| 1 | Писмена опомена |
| 1 | Укор |
| 1 | Намалено поведение на добро |
| 2 | Намалено поведение на незадоволително |
| Вкупно 6 | |

4. Во периодот јануари-декември 2024 година во нашето училиште регистрирани се **три** случаи на врсничко насилство.
5. Сметаме дека се потребни задолжителни обуки за наставниот кадар за препознавање, превенција и соодветно справување со меѓуврсничко насилство.

**8.ООУ „Св.Наум Охридски”-Пештани, Охрид**

1. Одржани работилници:

Булинг и сајбер насилство од страна на СВР Охрид од (VI – IX) ,
Разрешување конфликти ( IV- V) одд.
Крени глас подржано од Макпетрол VIII- IX,
Одговорна употреба на мобилните тел. и социјални медиуми VI – IX одд.
Сајбер безбедност VII одд.
Ученикот во незавидна ситуација VII,VIII,IX.
Мисли чувства и однесувања VIII- IX одд.
Справување со насилничко однесување IX одд.
Користење на институциите за заштита и безбедност VII- VIII одд.

2. Во периодот од јануари- декември одржани се 7 советувања ( 1 советување за нередовно посетување на настава и 6 за несоодветно однесување).
3. Во периодот од јануари- декември нема изречени педагошки мерки.
4. Регистрирани се два случаи на врсничко насилство психолошко и социјално насилство.
5. Потребни се обуки и работилници за ученици, наставници и родители од страна на компететни стручни лица.

## СРЕДНИ УЧИЛИШТА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ОХРИД

### 1.ОЕМУЦ „Св.Наум Охридски”-Охрид

**I Во периодот од јануари–декември 2024 година одржани се следните работилници:**

Работилница-„Ајде да зборуваме за видливото и невидливото насилство” со ученици, претставници од повеќе класови .

Работилница-„Страв од Школски неуспех” со ученици, претставници од повеќе класови.

Во рамките на Програмата за ментално здравје и подобрување на благосостојбата на учениците се одржаа следните работилници:

Работилница-Развивање на свесноста за сопствените емоции-со учениците од Iс и Iк клас.

Работилница-Справување со емоции -со учениците од II3 и II4 клас.

Работилница-Справување со тешки искуства со учениците од IIIс и III2 клас.

Работилница–Саморегулација и поврзување III5, IV 5.

**II Во периодот од јануари до декември 2024 година извршени се советувања со ученици и родители по следните основи:**

По однос на неоправдани изостаноци и тоа над 10 неоправдани и над 100 оправдани изостаноци советувани се 64 ученици како и разговарано е и со нивниите родители;

По однос на слаб успех и тоа за над 3 недоволни оцени, советувани се 23 ученици како и разговарано е и со нивните родители.

За несоодветно однесување, недисциплина на часовите, советувани се 51 ученик, а за дел од нив во зависност од природата и однесувањето повикани се и родители на разговор.

**III Во периодот од јануари до декември 2024 година, се следните Педагошки мерки:**

Писмена опомена од класен раководител на 98 ученици од кои на 92 се изречени за од 10 до 13 неоправдани изостаноци, а на 6 ученици за несоодветно однесување.

Писмена опомена од Наставнички совет на паралелката на 62 ученици, од кои на 58 ученици за неоправдани изостаноци и тоа од 14 до 19 неоправдани изостаноци и на 4 ученици за несоодветно однесување.

Писмена опомена од Наставнички совет на Центарот на 11 ученици од кои на 9 ученици за неоправдано изостанување од 20 до 25 изостаноци и на 2 за однесување.

Педагошките мерки кои се изречени за несоодветно однесување според Правилникот за изрекување педагошки мерки, доколку ја постигнат својата цел

и ученикот во текот на годината го подобри однесувањето, може да бидат укинати и тоа од органот кој ги изрекол.

Во нашиот Центар беа повлечени повеќето педагошки мерки кои беа изречени за однесување.

**IV** Во однос на врсничкото насилство тоа најмногу е изразено низ вербална форма-навреди, исмејување или преку социјалните мрежи. Она што кај нас како служба е пријавено е за 8 ученици. Во таков случај Тимот за поддршка (класен раководител, помошник директор и психолог/педагог) разговара со двете страни (двајцата ученици) и ги повикува и родителите од учениците. До сега овие ситуации не биле од големи размери и успешно сме се справувале со ваквите ситуации. Во училиштето имаме и чуварска служба и обезбедување.

**2. ОСУ „Св. Климент Охридски“ - Охрид**

**Број на оддржани работилници и обуки (на која тема и во кои одделенија/класови) во периодот јануари-декември 2024 година;**

**Февруари 2024** - Ученици од нашата Гимназија, од втора и трета година се вклучија во **проектот „Превенција од насилен екстремизам и радикализам кај млади“** на невладината организација „Жртва“ и Европскиот Универзитет поддржан од UNDP, чија цел е зајакнување на капацитети за сузбивање и превенција од насилен екстремизам и радикализам кај млади од општина Охрид. Проектот опфаќа неколку фази: теоретски работилници за превенција од насилство, работилница во Скопје со посета на Владата и националниот координатор, како и невладина организација специјализирана за областа.
Воспоставување на институционална соработка со училиштата и останатите општествени чинители е неопходна за продлабочување на заедничките заложби во броба против насилен екстремизам и радикализација на млади лица.

**Март 2024** - Како дел од проектот „Превенција од насилен екстремизам и радикализам кај млади“ на невладината организација „Жртва“ и Европски Универзитет поддржан од UNDP (чија цел е зајакнување на капацитети за сузбивање и превенција од насилен екстремизам и радикализам кај млади од општина Охрид) група гимназијалци на 7 март беа во **работна посета на Владата**. Тие беа примени од националниот координатор за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам Златко Апостолоски, кој ги запозна со безбедносните активности на неговиот сектор. Следуваше посета на невладината организација Иницијатива за европска перспектива – ИЕП, како дел од граѓанскиот сектор, која се занимава со истата проблематика и често соработува со спомнатиот тим од Владата.

**Ноември - Младинската заедница на нашата Гимназија** реализираше: **Едукативна работилница поврзана со болестите на зависност**, со цел одбележување на ноември - месец на превенција од болести на зависност под мотото АДИКЦИЈАТА Е БОЛЕСТ, НЕ Е ИЗБОР Работилницата беше склоп на едукативни прашања и одговори (Што е адикција? Како започнува? Дали се лечи? Превенција и помош) кои го привлекоа вниманието на гимназијалците и се вклучија во темите врзани со зависноста и пороците како дрогата, цигарите, алкохолот и технологијата. На овој начин започна кампањата : Заедно кон здрав живост без зависности!
Вакви работилници често се реализираат и во соработка со **Црвен крст.**

**Мај 2024**

**Младинската заедница на нашата Гимназија** започна:

**Кампања за Сајбер булинг „Помисли пред да постираш“-** Запознавање на учениците со сајбер булингот и последиците од користење на технологија за малтретирање, вознемирување засрамување или таргетирање на друго лице.

**Декември 2024**

Во сите паралелки на класен час, класното раководство имаше презентација за Ризични групи, ризично однесување и врсничко насилство. А во текот на целата година на секој класен час се реализираат содржини од програмата за Животни вештини.

**Соработка со СВР Охрид**

Предавање за учениците од четврта година за превенција од возење под дејство на алкохол, непосредно пред матурските прослави.

Во текот на годината постојано имаме посета од претставници од СВР Охрид превентивно доаѓаат за да проверат дали имаме проблематични ученици, дали има тепачки, несогласувања, дали некој ученик носи оружје...

**Институт за јавно здравје Скопје**

Спроведени анкети за дрога, алкохол, интернет, цигари

**Педагошко-психолошката служба два пати месечно одржува работилници како дел од проектот за Унапредување на менталното здравје на средношколци** на теми како Развивање на свесноста за сопствените емоции, справување со емоции, самодоверба, справување со стрес и разрешување проблеми, саморегулација и справување со лутина.

**Како училиште сме дел од Еразмус проект МУДИ**

**Поддршка и решенија за врсничкото насилство – Здружени за нашите деца!**

Во рамки на Еразмус + проектот „MUltiDIsciplinary design of parent and teacher training to prevent peer bullying – MUDI“, нашето училиште, заедно со партнерите од Италија, Холандија, Полска, Турција, Франција и Романија, веќе го направи првиот чекор. Во воведниот состанок со родители на учениците од прва и втора година, го претставивме проектот, целите и задачите. Оваа месечна соработка има за цел заеднички да го спречиме булингот и да создадеме безбедна средина за нашите деца. Според проектот, предвидено е да се одржат психолошко-педагошки работилници и во неколку основни училишта, каде што оваа тема најчесто започнува и продолжува понатаму во средното образование. Наша задача е да изградиме здрава, сигурна средина, во која секој ученик може да се чувствува заштитен, разбран и прифатен.

**Како родителите и наставниците можат да препознаат знаци на булинг?**

- **Промени во однесувањето** – Избегнување на училиште, изолација, тага или анксиозност.
- **Намалена училишна активност** – Влошување на оценки, губење интерес за учење.
- **Нерасположение или агресивно однесување** – Понекогаш и агресорите се деца кои носат сопствени болки.

**Можеме ли заедно да направиме промена?** Да, заедно како родители и наставници. Кога емоционалната достапност од страна на родителите и посветеноста на наставниците се здружуваат, децата ќе се чувствуваат сигурни, прифатени и поддржани. Ќе изработиме Прирачник за превенција од врсничко насилство кој ќе ни помогне да го препознаеме и спречиме насилството.

**Апелираме до сите родители:**

- Секогаш бидете отворени за комуникација со вашите деца.
- Не игнорирајте го секој знак на промена – тие се нивен повик за помош.

- Остварувајте блиска соработка со наставниците и училиштето, заеднички можеме да се бориме против овој проблем.

Секое дете заслужува да учи во средина без насилство. Затоа, да работиме заедно, за да ги воспоставиме темелите на училиште каде владеат разбирање, толеранција и емпатија.

Да бидеме пример за идните генерации – не само со зборови, туку со дела. Заедно можеме да создадеме подобро утре за нашите деца.

26.12.2024 Работилница за булинг во ОУ "Кочо Рацин" со ученици од V-IX одд. (како дел од проектот)

**2. Број на оддржани советувања (причина за советувања) во периодот јануари-декември 2024 година;**

Во текот на учебната година се реализираат групни советувања од страна на психологот, со родители и со ученици, по основ на направени над 100 изостаноци или над 11 неоправдани изостаноци или 3 слаби оцени. 19 советувања за намален успех во учењето, 9 поради нередовно посетување на настава, 11 поради несоодветно однесување на училиште. Во меѓувреме континуирано се вршат индивидуални советодавни разговори и со ученици и со родители.

**3. Број на изречени педагошки мерки и видот на педагошките мерки во периодот јануари-декември 2024 година;**

Во 2024 година изречени се 9 педагошки мерки писмена опомена од класен раководител, по основ на неоправдани изостаноци и непримерно однесување.

**4. Број на регистрирани случаи на врсничко насилство во периодот јануари-декември 2024 година;**

Немаме регистрирани случаи на врсничко насилство.

**3.РЦСОО„Ванчо Питошески“-Охрид**

**1.Број на оддржани работилници и обуки (на која тема и во кои одделенија/класови) во периодот јануари-декември 2024 година;**

**Предавање и работилници на теми:**

-„Штетност и последици од пушење цигари“-(во сите класови)

-„Булинг“ ( I 1, 2, 3, 4, 5, 6 )

-„Штетност и последици од користење на психоактивни супстанци“- ( сите класови).

**2.Број на оддржани советувања (причина за советувања) во периодот јануари-декември 2024 година**

Во учебната 2023/2024 година остварени се следниве советувања на ученици:

- Во I полугодие остварени се:
- 3 индивидуални советувања на учениците со Намален успех во учењето.
- 1 групни советувања на ученици во кој се опфатени 5 ученици за Нередовност во настава

- 15 советувања на ученици во Соработка со родителите и класните раководители за:

- 13 средби за намален успех во учењето,
- 2 средби за намален успех и нередеовност.

Во II полугодие остварени се :

-2 индивидуални советувања на учениците :

- Намален успех во учењето и Нередовност остварена е 1 средба
- Нередовност во настава остварена е 1 средба

- 11 советувања на ученици во Соработка со родителите и класните раководители за:

- 1 средба за нередовно посетување на настава.
- 3 средби за намален успех во учењето,
- 7 средби за намален успех и нередеовност.

Во учебната 2024/2025 година остварени се следниве советувања со ученици во прво полугодие:

19 Индивидуални советувања на ученици по следните основи :

- Несоодветно однесување во настава 6 советувања,
- Намален успех 4 советувања,
- Нередовност 2 советувања,
- Вербална навреда кон соученици и недисциплина на час 7 советувања,
- Конфликт со наставник 1 советувања. Ученици кои се опфатени по програмата од педагошката служба за советување, консултации, разговори.

**3.Број на изречени педагошки мерки и видот на педагошките мерки во периодот јануари-декември 2024 година;**

*Изречени педагошки мерки во учебната 2023/2024 година:*

-Педагошка мерка Писмена опомена од класен раководител вкупно 36

-Опомена пред отстранување од Наставнички совет вкупно 2

-Отстранување од училиште , вкупно 1.

*Изречени педагошки мерки во учебната 2024/2025 година:*

-Опомена пред отстранување од Наставнички совет вкупно 1

**4.Број на регистрирани случаи на врсничко насилство во периодот јануари-декември 2024 година;**

Во учебната 2024/2025 год.

-Вербална навреда кон соученици 7 советувања

**5.Доколку имате иницијатива за законска измена или потребни обуки за учениците или наставниот кадар Ве молиме да ги наведете**

Потребни обуки за учениците/наставници во учебната 2024/2025:

„Запознавање на учениците со правата на малолетниците и правата на здраво семејство“

„Заштита на малолетници од наркоманија, алкохолизам и други болести на зависност“

„Врсничко насилство - Булинг“

„Штетност од користење на психоактивни супстанци“

„Штетност од пушење на цигари“

„Штетност од ширење на лажни вести по социјалните мрежи“

„Препознавање и превенција од семејно насилство“

**4.ОСУ „ Св.Кирил и Методиј”-Охрид**

1.**Број на одржани работилници и обуки (на која тема и во кои одделенија/класови) во периодот јануари-декември 2024 година;**

Реализирани работилници во однос на менталното здравје на учениците:

-Работилница „Ментално здравје што е и зошто е важно” (реализирани се четири работилници во прва и втора година-реализатор дефектолог и психолог).

-Работилница ,,Развивање на свесност на сопствените емоции’’ (со ученици од прва година)

-Работилница ,,Развивање на свесност на сопствените емоции и справување со емоции’’(психолог, дефектолог).

-Работилница ,,Справување со емоции’’ (психолог,дефектолог).
-Работилница за (реализирани се две работилници во прва и втора година-реализатор дефектолог и психолог).
-Работилница ,,2 Април Светски ден на свесноста за аутизмот’’ (реализатор дефектолог)
- Изготвен видео запис по Повод „2 Април Светски ден на свесноста за аутизмот’’ (реализатор дефектолог, психолог)
-Работилница „Кажи стоп на насилство врз жена’’- (реализатори стручна служба).
-Работилница ,,Меѓународен ден на лицата со попреченост’’(реализатори стручна служба).
-Работилница ,,Жртви на предрасуди’’-(реализатоти психолог, дефектолог)
-Работилница „16 Декември Меѓународен ден на толеранција’’-(реализатори стручна служба).
-Дебата со ученици и родители „Меѓу училишна соработка со основно училиште „Григор Прличев’’ по повод Меѓународен ден на толеранцијата,(реализатор- психолог)
-Работилница ,,18 Октоври Европски ден на борба против трговија со луѓе’’ (реализатор педагог).
-Работилница ,,За подигнување на еко свест на Студенчишко блато’’-снимен и филм на оваа тема со наши ученици под менторство на педагог.
-Работилница за „Иселување на младите’’,снимен и филм на оваа тема со наши ученици под менторство на педагог.
-Работилница за булинг,социометриска постапка и снимен филм со наши ученици по менторство на педагог.
-Работилница „Унапредување на менталното здравје’’(реализатор педагог).
-Работилница „Работилница за професионална ориентација’’ (реализатори педагог, психолог).
-Работилница ,,Мојот идентитет’’ (реализатор педагог).
-Работилница „Расна дискриминација’’ (реализатор психолог).
-Работилница „Безбедно на интернет’’ (реализатор психолог, дефектолог)
-Работилница„Конфликти’’ (реализатор психолог)
-Работилница „За препознавање на предрасуди и стереотипи’’-(реализатор психолог).
-Работилница „Тимско лидерство’’ психолог.
-Работилница „Булинг, вознемирување“, анкети и социометриски постапки во паралелки каде е забележано такво однесување. ( реализатор психолог)
ПРОФЕСИОНАЛНА ОРИЕНТАЦИЈА НА УЧЕНИЦИТЕ
-Анкетирање на ученици
-Дебата,предавање на класен час
-Работилница за професионална ориентација
Реализатори (стручна служба);
ЕДУКАТИВНА КИНОТЕКА
-Презентација на филмови од екукативен карактер.реализатори (психолог Весна Спасеска и проф.Наташа Трајкоска);
АНТИКОРУПЦИСКА ЕДУКАЦИЈА НА МЛАДИТЕ

-Дебати, анкетирање на ученици, презентации (реализатори психолог, проф.Надица Речкоска, проф.Билјана Мартиноска)

1. **Број на одржани советувања (причина за советувања) во периодот јануари-декември 2024 година;**

- 50 советувања за намален успех
- 62 советувања за нередовно посетување на настава,
- 5 советувања за несоодветно однесување,
- 5 групни советувања
- 4 советување со поддршка на родител/старател и кл.раководители.

2. **Број на изречени педагошки мерки и видот на педагошките мерки во периодот јануари-декември 2024 година;**

| **Назив на педагошка мерка** | **Прва година-** | **Втора година** | **Трета Година** | **Четврта Година** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|
| Писмена опомена од класен раководител | | 1 | 6 | 8 | 15 |
| Писмена опомена пред отстранување од училиштето | | | 1 | | 1 |
| Отстранување од училиштето | | | | | |
| **Вкупно** | | 1 | 7 | 8 | 16 |

3. Број на регистрирани случаи на врсничко насилство во периодот јануари-декември 2024 година;
   1 настан
4. Доколку имате иницијатива за законска измена или потребни обуки за учениците или наставниот кадар Ве молиме да ги наведете.

Иницијатива за законска измена:
-за полагање и управување на моторни возила автомобили на 21 год.
-мотори на 18 год.
-електрични тротинети на 18 год.

## IV. АНАЛИЗА:

Врз основа на спроведената анализа од добиените податоци од надлежните институции и основните и средните училишта за 2024 година треба да се потенцира следното:

- Споредбено со предходните години бројот на деца во ризик кои се упатени во ЦСР е убедливо најголем и бројката достигна до 110 деца за 2024 година, од кои најмногу од известувања се добиени од МВР.

- Спрема 29 деца во ризик во Центарот за социјални работи се применети вкупно 429 мерки на помош и заштита, а спрема 34 деца е спроведена постапка за посредување.
- Во 2024 година во полициска станица заради собирање информации биле повикани 42 деца, од кои 12 деца оствариле право на бранител во полициска станица, а 2 деца од машки пол се задржани.
- За 3 деца од машки пол на возраст од 16-18 години е поднесено Барање за поведување на прекршочна постапка.
- Во ПС ОН Охрид нема посебни простории за водење разговор со дете;
- Според евиденцијата на Основен суд Охрид примени се 13 предмети за прекршочни постапки, кои не се решени, а во однос на кривичните постапки спрема деца, за 2024 година заведени се 39, од кои 11 се решени, а 28 не се решени.
- Во основните училишта на подрачјето на општина Охрид најчесто се оддржани советувања заради несовесно однесување, намален успех и нередовно посетување на настава, а од педагошките мерки, најчесто е изречена усната опомена и писмената опомена на одделенски раководител.
- Во основните училишта нотирани се мал број случаи на врсничко насилство, но загрижувачки е фактот што одредени форми на врсничко насилство се забележани во второ одделение.
- Во средните училишта советувањата и со учениците и со родителите најчесто се оддржуваат заради големиот број на изостаноци (оправдани и неоправдани), а помалку заради слаб успех, несоодветно однесување. Во средните училишта забележителни се групните советувања. Во однос на изречените педагошки мерки, во средните училишта најчесто изречена мерка е писмена опомена од класен раководител, како и писмена опомена од наставнички совет;
- Во основните и средните училишта во текот на 2024 година реализирани се многубројни работилници и обуки кои опфаќаат различни тематики: менталното здравје на учениците, превенција од врсничко насилство, сајбер насилство, зависности и штетни последици од зависностите, личен развој и негување на физичкото и менталното здравје и др.

## V. ЗАКЛУЧОЦИ:

Општинскиот совет за превенција на детско престапништво, согласно реализираните активности во текот на претходната година, како и согласно направената анализа на состојбите во општина Охрид, ги донесе следните заклучоци и препораки:

-Центарот за социјална работа-Охрид се соочува со недостиг на кадар и неопходни се нови вработувања, бидејќи обемот на работа е сè поголем и се губи ефектот во процесот на работење.

-Во ПС ОН Охрид нема посебни простории за водење разговор со дете, неопходно е да се приспособи посебна просторија за водење разговор со дете;

- Оддржаните работилници и обуки во основните и средните училишта во текот на 2024 година да продолжат во континуитет и наредната година, посебно се неопходна работилници и обуки за секаков вид на врсничко насилство, како и за препознавање и превенција на семејно насилство;

-Неопходна е потребата за едукација на службите и наставниот кадар за постапување и справување со случаеви на врсничко насилство, како и препознавање на семејно насилство;

-Нотирана е потребата за едукација на родителите во врска со зависности, врсничко насилство и сајбер криминал;

- Потребна е дополнителна едукација за правата и одговорноста на децата;

-Потребно е измена и заострување на педагошки мерки во основните училишта, бидејќи службите се осеќаат немоќни, бидејќи ги исцрпуваат сите педагошки мерки, а не вродуваат педагошки ефект;

- На подрачјето на општина Охрид постои солидна соработка помеѓу надлежните институции и брзо и навремено се реагира при секаков случај на престап сторен од малолетник, но најголемата тежина паѓа на Центарот за социјални работи, кој се соочува со недостиг на кадар и неможност истовремено да се справи со повеќе случаи.

Иницијативи покренати од основните и средните училишта:

- измени и заострување на казнената политика за малолетните престапници и намалување на возрасната граница при изрекување на мерки;

- измена на Правилниците за изрекување на педагошки мерки;

- законска измена за полагање и управување на моторни возила автомобили на 21 год, мотори на 18 год. и електрични тротинети на 18 год.

Општинскиот совет за превенција на малолетничко престапништво врз основа на изготвената анализа, заклучоци и препораки во наредниот период своите активности ќе ги фокусира на следните цели:

1. Проценка на состојбата со малолетничкото престапништво на подрачјето на општина Охрид за 2025 година;
2. Сензибилизирање и подигање на свеста на заедницата за постоечкиот и растечки проблем со малолетничката делинквенција;
3. Воспоставување и јакнење на координираната соработка на ОСПМП со институциите кои го третираат проблемот со малолетничкото престапништво на национално, регионално и локално ниво.

Програмските активности во наредниот период ќе се однесуваат на следново:

- континуирано собирање на податоци и анализа на документи за проценка на состојбата малолетничкото престапништво;
- Работилница на тема „Свесно родителство”
- Трибина со стручен тим во општинските основни и средни училишта за прерано стапување во сексуални односи
- Капања против зависности
- Кампања за спречување булинг и сајбер насилство
- Соработка и средби со претставници на ДСПМП и ОСПМП од другите градови во РМ
- Кампања ,,Крени глас против врсничкото насилство’’
- Обуки за превенција од семејно насилство
- Редовни работни средби со основци и средношколци
- Редовни работни средби со стручен кадар од основните и средните училишта
- Реализирање на проектни активности (електронска платформа-форум за млади, активности на социјални мрежи и продолжување на активноста за поставување на кутии во училиштата за поплаки, пофалби и сл. активности)
- Соработка со спортски здруженија и клубови на подрачјето на општина Охрид
- Вклучување во сите активности кои не се предвидени во програмата, но се поврзани со превенција на малолетничко претстапништво.

-Работилница ,,Емоционална интелигенција,,
- Социјални мрежи-Платформа за анонимна поддршка
- Работилница за комуникациски вештини и решавање конфликти
- Работилница „Боите на емоциите”
- Обука за техники на релаксација и други алатки за психолошка поддршка
- Едукација за справување со стрес, анксиозност и депресија
- Психолошка поддршка индивидуални и групни сесии.

Програмските активности согласно Програмата за превенција на малолетничко престапништво за 2024 година беа реализирани без финансиски импликации.

**Број 08-3254/68**
**14.03.2025 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2024 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2024 ДО 31.12.2024 ГОДИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за работа на Советот на општина Охрид за 2024 година за периодот од 01.01.2024 до 31.12.2024 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2025 година.

**Број 09 – 3254/153**
**14.03.2025 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2025 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А
### ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2024 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2024 ДО 31.12.2024 ГОДИНА

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за работа на Советот на општина Охрид за 2024 година за периодот од 01.01.2024 до 31.12.2024 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3254/69** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2025 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Перчо Божиновски,с.р.**

**И З В Е Ш Т А Ј**

**ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01 – 31.12.2024 ГОДИНА**

Советот на општина Охрид на ден 27.12.2023 година донесе Програма за работа на Советот на општина Охрид за 2024 година. Во Програмата за работа, активностите на Совеот на општина Охрид за 2024 година се планирани во четири тромесечија и тоа:

**ПРВО ТРОМЕСЕЧИЕ** (јануари, февруари и март)
**ВТОРО ТРОМЕСЕЧИЕ** (април, мај и јуни)
**ТРЕТО ТРОМЕСЕЧИЕ** (јули, август и септември)
**ЧЕТВРТО ТРОМЕСЕЧИЕ** (октомври, ноември и декември)

Во првото тромесечие беа одржани:

**ТРИЕСЕТ И СЕДМАТА СЕДНИЦА се одржа на ден 30.01.2024 година. За работа на оваа седница беа предложени 10 точки на дневен ред. Дневниот ред беше дополнет со 1 точка. Советот усвои 11 Одлуки.**

Комисија за урбанизам – Беа предложени 2 точки, но седница на комисија не се одржа бидејќи немаше кворум.

Комисија за финансии и буџет – Беа предложени 6 точки. Бидејќи немаше кворум, седница на Комисија не се одржа.

Комисија за јавни и комуинални дејности – Беа предложени 4 точки. Седница на комисијата не се одржа бидејќи немаше кворум.

Комисија за заштита на животна средина – Беше предложена 1 точка на дневен ред и истата беше усвоена.

**ТРИЕСЕТ И ОСМАТА СЕДНИЦА се одржа на ден 13.02.2024 година. За работа на оваа седница беше предложена 37 точки. Советот усвои 1 Програма и 36 Одлуки**.

Комисија за урбанизам – Беа предложени 35 точки на дневен ред и сите беа усвоени.

Комисија за општествени дејности – Беа предложени 2 точки. Бидејќи немаше кворум за работа седницата на Комисијата не се одржа.

Комисија за финансии и буџет - Беше предложена 1 точка на дневен ред. Бидејќи немаше кворум за работа седницата на Комисијата не се одржа.

**ТРИЕСЕТ И ДЕВЕТТАТА СЕДНИЦА се одржа на ден 14.03.2024 година. За работа на оваа седница беа предложени 86 точки. Дневниот ред беше дополнет со 1 точка – 1 Предлог Програма. Советот усвои 86 точки и тоа 82 Одлуки и 4 Програми, а не усвои 1 Предлог Одлука.**

Комиисија за јавни и комунални дејности – Беа предложена 20 точки. Беа усвоени 18 точки, а две не се разгледуваа бидејќи немаше претставници.

Комиисја за урбанизам – Беа предложени 21 точка и сите беа усвоени.

Комисија за финансии и буџет – Беа предложени 64 точки. Бидејќи немаше кворум за работа седницата на Комисијата не се одржа.

Комисија за општествени дејности – Беа предложени 25 точки, но седница на Комисијата не се одржа.

Комисија за туризам и локален економски развој – Беа предложени 2 точки на дневен ред. Бидејќи немаше кворум, седница на Комисијата не се одржа.

Комисија за заштита на животна средина – Беа предложена 2 точка на дневен ред и истите не беа усвоени.

Комисија за еднакви можности – Беше предложена 1 точка на дневен ред.

Комисија за млади и спорт – Беа предложени 3 точки на дневен ред и истите беа усвоени.

**Во периодот од 01.01.до 31.03.2024 година Советот одржа 3 седници.**
**За работа на сите седници беа предложени вкупно 133 точки.**
**Дневниот ред беше дополнет со 2 точки.**
**Советот не усвои 1 Предлог Одлука.**
**Советот усвои вкупно 134 точки и тоа 129 Одлуки, и 5 Програми.**

ВТОРО ТРОМЕСЕЧИЕ

**ЧЕТИРИЕСЕТТАТА СЕДНИЦА се одржа на ден 16.04.2024 година.За работа на оваа седница беа предложени 16 точки. Советот усвои 14 Одлуки, 1 Програма и 1 Заклучок.**

**Комисија за јавни и комунални дејности-** Беа предложени 6 точки.Членовите на Комисијата усвоија 2 Предлог Одлуки и 1 Предлог Заклучок.

**Комисија за урбанизам** –Беа предложени 9 точки на дневен ред. Бидејќи немаше кворум, седница на Комисијата за урбанизам не се одржа.

**Комисија за финансии и буџет -** Беа предложени 9 точки на дневен ред
Бидејќи немаше кворум за работа седницата на Комисијата не се одржа.

**ЧЕТИРИЕСЕТ И ПРВАТА СЕДНИЦА се одржа на ден 23.05.2024 година.За работа на оваа седница беа предложени 47 точки. Советот усвои 42 Одлуки и 5 Програми**.

Комисија за заштита на животна средина – Беа предложени 3 точки на дневен ред и истите беа усвоени од членовите на комисијата.

Комисија за јавни и комунални дејности- Беа предложени 20 тпчки на дневен ред. Членовите на комисијата усвоија 17 точки од дневниот ред, а 3 не беа разгледувани бидејќи немаше претставници.

Комисија за млади и спорт - Бидејќи немаше кворум, седница на комисијата за млади и спорт не се одржа.

Комисија за општествени дејности – Беа предложени 15 точки.Членовите на Комисијата усвоија 12 точки, а 3 не се разгледуваа бидејќи немаше претставници. .

Комисија за туризам и локален економски развој – Беа предложени 2 точки на дневен ред. Бидејќи немаше кворум за работа седницата на Комисијата не се одржа.

**Комисија за урбанизам** – Беа предложени 5 точки на дневен ред.

Комисија за финансии и буџет- Беа предложени 41 точка на дневен ред- Беа усвоени 22 точки од дневниот ред.14 точки не се усвоија, а 5 точки не се разгледуваа.

**ЧЕТИРИЕСЕТ И ВТОРАТА СЕДНИЦА се одржа на ден 18.06.2024 година. За работа на оваа седница беа предложени 3 точки. На оваа седница беа усвоени 2 Одлуки.**

Комисија за верификација, избори и именување- Беа предложени 2 точки на дневен ред и истите беа усвоени.

Поради неспоивост на функцијата член во Советот на општина Охрид со функцијата пратеник во Собранието на Република Северна Македонија, беше констатиран престанок на мандат на Сашо Донев од член на Советот на општина Охрид.

За Претседател на Советот на општина Охрид беше избран **ПЕРЧО БОЖИНОВСКИ**.

**Во периодот од 01.04.до 30.06.2024 година Советот одржа 3 седници.**

**За работа на сите седници беа предложени вкупно 66 точки.**

**Советот усвои вкупно 66 точки и тоа 58 Одлуки, 6 Програми.и 1 Заклучок.**

**ТРЕТО ТРОМЕСЕЧИЕ**

**ЧЕТИРИЕСЕТ И ТРЕТА СЕДНИЦА се одржа на ден 05.07.2024 година. За работа на оваа седница беа предложени 45 точки на дневен ред. Од дневниот ред беше повлечена 1 точка, а беше дополнет со 1 точка. Советот усвои 28 Одлуки и 17 Програми.**

Комисија за заштита на животна средина – Беше предложена 1 точка на дневен ред. Бидејќи немаше кворум, седница на комисијата не се одржа.

Комисија за јавни и комунални дејности- Беа предложени 12 тпчки на дневен ред. Членовите на комисијата ги усвоија сите точки од дневниот ред

Комисија за млади и спорт – Беше предложена една точка на дневен ред и истата беше усвоена.

Комисија за општествени дејности – Беа предложени 18 точки на дневен ред. Бидејќи немаше кворум за работа седницата на Комисијата не се одржа.

Комисија за туризам и локален економски развој – Беа предложени 2 точки на дневен ред. Бидејќи немаше кворум, седница на Комисијата не се одржа.

Комиисја за урбанизам – Беа предложени 9 точки на дневен ред. Бидејќи немаше кворум за работа седницата на Комиисијата не се одржа.

Комисија за финансии и буџет – Беа предложени 38 точки на дневен ред. Членовите на Комисијата усвоија 22 точки, а 16 точки не беа усвоени.

**ЧЕТИРИЕСЕТ И ЧЕТВРТАТА СЕДНИЦА се одржа на ден 29.08.2024 година. За работа на оваа седница беа предложени 99 точки на дневен ред. Советот усвои 96 Одлуки, 1 Заклучок и 1 Програма. Совтот не усвои 1 Предлог Одлука**

Комисија за верификација, избори и именување – Беа предложени 2точки на дневен ред и истите беа усвоени од членовите на Комисијата.

Комисија за јавни и комунални дејности – Беа предложени 16 точки на дневен ред. . Бидејќи немаше кворум за работа, Комисијата не се одржа.

Комисија за општествени дејности – Беа предложени 35 точки на дневен ред..Бидејќи немаше кворум за работа, Комисијата не се одржа.

Комисија за урбанизам – Беа предложени 6 точки на дневен ред. Бидејќи немаше кворум за работа, Комисијата не се одржа.

Комисија за финансии и буџет - Беа предложени 57 точки наднеевен ред. Бидејќи немаше кворум за работа седницата на Комисијата не се одржа.

**ЧЕТИРИЕСЕТ И ПЕТТАТА СЕДНИЦА се одржа на ден 30.09.2024 година. За работа на оваа седница беше предложена 1 точка на дневен ред— Советнички прашања.**

**ЧЕТИРИЕСЕТ И ШЕСТАТА СЕДНИЦА се одржа на ден 30.09.2024 година. За работа на оваа седница беа предложени 47 точки на дневен ред. Дневниот ред беше дополнет со 1 Предлог Одлука. Советот усвои 1 Програма,5 Решенија и 41 Одлука. Советот не усвои 1 Предлог Одлука.**

Комисија за Верификација, избори и изменување - Беа предложени 6 точки на дневен ред и истите беа усвоени.

Комисија за јавни и комунални дејности - Беше предложена 1 точка на дневен ред. Бидејќи немаше кворум, седница на Комисијата не се одржа.

Комисија за општествени дејности - Беа предложени 2 точки на дневен ред. Бидејќи немаше кворум за работа, комисијата не се одржа.

Комисија за урбанизам - Беа предложени 38 точки на дневен ред. Бидејќи немаше кворум за работа, Комисијата не се одржа.

Комисија за финансии и буџет - Беше предложена 1 точка на дневен ред. Седница на Комисијата не се одржа..

**Во периодот од 01.07.до 30.09.2024 година Советот одржа 4 седници.**

**За работа на сите седници беа предложени вкупно 192 точки.**

**Дневниот ред беше дополнет со 2 точки, а беше повлечена 1 точка.**

**Советот усвои вкупно 191 точки и тоа 165 Одлуки, 19 Програми, 1 Заклучок и 5 Решенија.**

**Советот не усвои 2 Предлог Одлуки.**

**ЧЕТВРТО ТРОМЕСЕЧИЕ**

**ЧЕТИРИЕСЕТ И СЕДМА СЕДНИЦА се одржа на ден 31.10.2024 година.За работа на оваа седница беа предложени 18 точки на дневен ред. Дополнување на дневниот ред е направено со 3 точки. Советот усвои 19 Одлуки и 2 Програми**.
Комисија за заштита на животна средина – Беше предложена 1 точка на дневен ред.
Комисија за јавни и комунални дејности – Беше предложена 1 точка на дневен ред. Бидејќи немаше кворум, седница на комисија не се одржа.
Комисија за урбанизам – Беа предложени 14 точки на дневен ред. Бидејќи немаше кворум, седница на комисија не се одржа.
Комисија финансии и буџет – Беа предложени 3 точки на дневен ред. Бидејќи немаше кворум, седница на комисија не се одржа.

**ЧЕТИРИЕСЕТ И ОСМА СЕДНИЦА се одржа на ден 14.11.2024 година. За работа на оваа седница беа предложени 25 точки на дневен ред. Дневниот ред беше дополнет со 1 точка. Советот усвои 17 Програми и 9 Одлуки.**
Комисија за заштита на животна средина – Беше предложена 1 точка на дневен ред и истата беше усвоена.
Комисија за јавни и комунални дејности - Беа предложени 13 точки на дневен ред. Бидејќи немаше кворум, седница на Комисијата не се одржа.
Комисија за млади и спорт – Беше предложена 1 точка на дневен ред и истата беше усвоена.
Комисија за општествени дејности - Беа предложени 9 точки на дневен ред и истите беа усвоени од членовите на Комисијата.
Комисија за финансии и буџет - Беа предложени 19 точки на дневен ред. Членовите на Комисијата усвоија 14 точки, а 5 не се усвоија.

**ЧЕТИРИЕСЕТ И ДЕВЕТТА вонредна седница се одржа на ден 26.11.2024 година. За работа на оваа седница беше предложена 1 точка на дневен ред. Советот усвои 1 Одлука.**

**ПЕДЕСЕТТА СЕДНИЦА се одржа на ден 04.12.2024 година. За работа на оваа седница беа предложени 75 точки на дневен ред. Советот усвои 44 Одлуки, 2 Заклучоци, 28 Нацрт Програми и 1 Годишна Програма**.
Комисија за еднакви можности помеѓу мажите и жените – Беше предложена 1 точка на дневен ред и истата беше усвоена.
Комисија за заштита на животна средина – Беа предложени 2 точки на дневен ред. Бидејќи немаше кворум, седница на Комисијата не се одржа.
Комисија за јавни и комунални дејности – Беа предложени 29 точки на дневен ред. . Бидејќи немаше кворум, седница на Комисијата не се одржа.
Комисија за млади и спорт – Предложени беа 4 точки на дневен ред и истите беа усвоени од членовите на Комисијата.
Комисија за општествени дејности – Беа предложени 21 точка на дневен ред и истите беа усвоени од членовите на Комисијата.
Комисија за туризам и ЛЕР – Беа предложени 4 точки на дневен ред. Бидејќи немаше кворум, седница на Комисијата не се одржа
Комисија за урбанизам – Беа предложени 8 точки на дневен ред. Бидејќи немаше кворум, седница на Комисијата не се одржа.

Комисија за финансии и буџет - Беа предложени 69 точки на дневен ред. Бидејќи немаше кворум, седница на Комисијата не се одржа.

**ПЕДЕСЕТ И ПРВА СЕДНИЦА се одржа на ден 25.12.2024 година. За работа на оваа седница беа предложени 82 точки на дневен ред. Советот усвои 42 Одлуки и 40 Програми**

Комисија за еднакви можности помеѓу мажите и жените – Беше предложена 1 точка на дневен ред и истата беше усвоена.

Комисија за заштита на животна средина - Бидејќи немаше кворум, седница на Комисијата не се одржа.

Комисија за јавни и комунални дејности – Беа предложени 30 точки на дневен ред. Членовите на Комисијата усвоија 22 точки, а 8 не се разгледуваа бидејќи немаше претставници.

Комисија за млади и спорт – Предложени беа 2 точки на дневен ред и истите беа усвоени од членовите на Комисијата.

Комисија за општествени дејности – Беа предложени 14 точки на дневен ред и истите беа усвоени од членовите на Комисијата.

Комисија за туризам и ЛЕР – Беа предложени 3 точки на дневен ред и истите се усвоени.

Комисија за урбанизам - Бидејќи немаше кворум, седница на Комисијата не се одржа.

Комисија за финансии и буџет - Бидејќи немаше кворум, седница на Комисијата не се одржа.

Во периодот од 01.10.до 31.12.2024 година Советот одржа 5 седници.
За работа на овие седници беа предложени вкупно 201 точка.
Дневниот ред беше дополнет со 4 точки на две седници.
Советот усвои вкупно 205 точки и тоа 115 Одлуки, 60 Програми, 2 Заклучоци, 28 Нацрт Програми.

**Советот одржа 15 седници – 14 редовни и 1 вонредна седница во периодот од 01.01.до 31.12.2024 година.**
**За работа на сите седници беа предложени вкупно 592 точки.**
**Дополнување на дневен ред имаше со 9 точки на 5 седници**
**Од дневен ред беше повлечена 1 точка.**
**Советот усвои вкупно 597 точки и тоа 467 Одлуки, 90 Програми, 4 Заклучоци, 5 Решенија, 28 Нацрт Програми.**
**Советот не усвои 3 Предлог Одлуки.**

## И З В Е Ш Т А Ј

За реализираните расходи од Буџетот на Општина Охрид,
програма А0- Совет на Општина Охрид за период 01.01-31.12.2024 година

Согласно востановената пракса за транспарентност во трошењето на буџетот, во продолжение даваме приказ на позначајните зафаќања- трошоци во овој квартал за програмата Совет во која се предвидени средства за нормално функционирање на оваа институција. Во рамките на Буџетот на општина Охрид за 2024 година за програмата А0 - Совет на Општина Охрид, одобрени се средства во висина од 141.469.000,оо денари. Реализираните расходи во висина од 139.177.766,оо денари се распределени по потставки во зависност од

утврдената намена. Позначајните зафаќања и исплати во овој квартал се образложени подолу во текстот, како што следува:

Од вкупно реализираните расходи, заклучно со третиот квартал 2024 година, за плати и надоместоци за советници исплатени се 7.490.212,оо денари.

За наведениот период во делот за членарини во странски организации исплатени се вкупно 54.080,оо денари кон Организацијата за светско културно наследство членарина за 2024 година и 1.069.284,оо ден. членарина кон домашни организации- Зелс 514.280,оо ден и 555.004,оо ден.кон Југозападен плански регион. Од програмата Совет како директна финансиска помош согласно барањата на јавните претпијатие за субвенционирање на дел од нивните трошоци од контото субвенции за јавни комунални претпријатија трансфериран е вкупен износ од 32.700.000,оо ден. итоа, за ЈП „Водовод“ 15.998.950,оо ден. за ЈП „Градски Пазар“ 8.100.000,оо ден. за ЈП „Нискоградба“ 1.500.000,оо ден. и 6.201.050,оо ден. кон ЈП „Градски Гробишта“ и 900.000,оо ден. кон ЈП „Охридски Комуналец“.

Посебна категорија на која Општина Охрид ѝ посветува особено внимание се учениците и студентите, со цел поттикнување на младите за достигнување на што поголеми успеси а опфаќајќи дел од доделените средства за учебната 2023-2024 година од одобрените средства со Буџетот во програмата Совет за 2024 за стипендии исплатени се вкупно 756.000,оо денари.

По основ плаќање по судски решенија, средства кои беа предвидени во оваа програма, средства предвидени за конечна и целосно раздолжување на општината како и евентуални нови судски иврошни решенија, во опфатениот период исплатени се 87.827.800,оо ден.

Во анализираниот период од контото други трансфери исплатени се вкупно 8.578.571,оо денари од кои износ 2.014.429,оо денари исплатени согласно потпишаниот меморандум со ЈЗУ Општа болница Охрид за помош за новородено дете, износ од 1.546.678,оо денари исплатено по решение за членовите на комисијата за донесување на урбанистички планови, 388.652,оо ден. исплатени средства по решение за членовите на комисијата за унапредување и заштита на правата на пациентите како и 57.335,оо ден. за парична помош согласно решение на комисијата за доделување ваков тип на средства како и 4.285.825,оо ден. субвенции за линиски превоз, средства предвидени во буџетот за тековната година а се однесуваат за исплата на субвенции за претходната година.

Советот на Општина Охрид за периодот од 01.01.2024 година до 31.12.2024 година има извршено 98,38 % од вкупно планираните трошоци во буџетската 2024 година, со напомена дека во вкупниот буџет на програмата голем дел од планираните средства однонсо 87.827.800,оо ден. или 63,29 % од вкупниот буџет на оваа програма беа предвидени за исплата на средства по судски решенија и раздолжување на Општина Охрид, кои се реализираа уште на почетокот на оваа буџетска година.

**Број 08-3254/70** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2025 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ПОМЕЃУ МАЖИТЕ И ЖЕНИТЕ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2024 ДО 31.12.2024 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за еднакви можности помеѓу мажите и жените за периодот од 01.01.2024 до 31.12.2024 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2025 година.

**Број 09 – 3254/154** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2025 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2025 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ПОМЕЃУ МАЖИТЕ И ЖЕНИТЕ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2023 ДО 31.12.2024 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за еднакви можности помеѓу мажите и жените за периодот од 01.01.2024 до 31.12.2024 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3254/71** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2025 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Перчо Божиновски,с.р.**

**ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА РАБОТА НА КЕМ ПОМЕЃУ МАЖИТЕ И ЖЕНИТЕ**
**ЗА ПЕРИОДОТ 01/01/24– 31/12/24**

Во програмата за родовата еднаквост на Општина Охрид се предвидени мерки и активности за реализација на Мисијата и визијата на донесената Стратегија за Родова еднаквост на Општина Охрид 2020-2024 со детално објаснати и разработени цели на делување.

Реализацијата на планираните работилници и активности се одвиваа согласно предвидените програмски активности на КЕМ како и непредвидени програмски активности како учество на претставници на КЕМ и општински координатори и заменици кооординатори на покана на институции, здруженија на граѓани коии ја работат и обработуваат родовата еднаквост како свое поле на основање и дејствување.

Реализирани активности :

- Во организација на UN WOMAN и амбасадите на Швајцарија и Шведска КЕМ помеѓу мажите и жените и општинските координатори заменици присуствуваа на дводневна работилница во Маврово на тема: „Родово буџетирање и родово одговорни програми за работа на општините“.

- Работилница за родови индикатори; организатор УН Вомен- ментор Мемет Мемети Учесници Општински Координатор, заменик Координатор, членови од интерсекторска група
- Медиумска Кампања во периодот од 25-ти Ноември до 10 –ти Декември во рамки на Кампањата“ 16 дена активизам против родово базирано насилство “.

Финансиски дел од Извештајот на КЕМ помеѓу мажите и жените за период од 01.01.2024 до 31.12.2024 година

- Предвидените финансиски средства во Програмата за работа на КЕМ не се реализирани.
  Планираните програмски активности беа финансирани од страна на организаторите на активностите.

**Број 08-3254/72** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2025 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР ЗА 2024 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Годишниот Извештај за слободен пристап до информации од јавен карактер за 2024 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2025 година.

**Број 09 – 3254/155** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2025 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 37 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Сл.весник на РМ“ бр.13/06, 86/08, 6/10, 42/14, 148/15, 55/16 и 64/18), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), член 18 и 84 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2025 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР ЗА 2024 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Годишниот Извештај за слободен пристап до информации од јавен карактер за 2024 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3254/73** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2025 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Перчо Божиновски,с.р.**

Согласно член 36 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Сл. весник на Р.С.М. бр.101/2019) Општина Охрид ул„ Димитар Влахов“ бр 53 Охрид, тел 046 262 492 факс 046 262 493 Службеното лице Марина Здравеска, го подготви следниот

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**

**(од 1.01.2024 до 31.12.2024)**

До општина Охрид во текот на изминатата 2024 година се поднесени вкупно 50 барања за слободен пристап до информации од јавен карактер. Барањата се поставени најмногу од невладини организации, и тоа 27 барања се поставени од здруженија на граѓани петнаесет барања се поставени од физички лица и осум од медиуми.

Со барањето се поставени вкупно 90 прашања од кои најголемиот дел 40 се прашања за секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште, 20 прашања се за секторот за финансиски прашања, 10 прашања се за одделението за инспекциски надзор, 7 за секторот за комунален развој улици и сообраќај, 5 се за секторот за животна средина, 5 за човечки ресурси, 3 за секторот за млади и невладини.
Општина Охрид на сите примени барања има изготвено одговор.

Барателите на пет барања незадоволни од одговорите, вложиле Жалби, а од Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер ги усвоиле сите 5 жалби, по што од општината се преиначени 5 решенија.

**Согласно обврските кои ги има општина Охрид за објавување на линкови со потребни информации за општината и нејзиниот делокруг на работа, општината согласно член 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, истите редовно ги ажурира. Овие податоци се во прилог понатака како следи:**

1. податоците од неговите надлежности кои ги извршува, односно му се утврдени со закон, **https://ohrid.gov.mk/wp-content/uploads/2017/08/Statut_Opstina_Ohrid_final_21.pdf**

2. основните податоци за контакт со имателот на информацијата и тоа: назив, адреса,
телефонски број, број на факс, е-маил адреса и адресата на интернет страницата,
**https://ohrid.gov.mk/%d0%bf%d1%80%d0%be%d1%84%d0%b8%d0%bb-%d0%bd%d0%b0-%d0%be%d0%bf%d1%88%d1%82%d0%b8%d0%bd%d0%b0%d1%82%d0%b0/**

3. податоците за функционерот или одговорното лице кај имателот на информацијата
(биографија, податоци за контакт и друго),

**https://ohrid.gov.mk/%d0%b3%d1%80%d0%b0%d0%b4%d0%be%d0%bd%d0%b0%d1%87%d0%b0%d0%bb%d0%bd%d0%b8%d0%ba/**

4. основните податоци за контакт со службеното лице за посредување со информации и тоа: име и презиме, е-маил адреса и телефонски број,

**https://ohrid.gov.mk/%d0%bf%d1%80%d0%b8%d1%81%d1%82%d0%b0%d0%bf-%d0%b4%d0%be-%d0%b8%d0%bd%d1%84%d0%be%d1%80%d0%bc%d0%b0%d1%86%d0%b8%d0%b8-%d0%be%d0%b4-%d1%98%d0%b0%d0%b2%d0%b5%d0%bd-%d0%ba%d0%b0%d1%80%d0%b0%d0%ba%d1%82/**

5. основните податоци за контакт со лице овластено за заштитено внатрешно пријавување и тоа: име и презиме, е-маил адреса и телефонски број,

**Не**

6. список на лица вработени кај имателот на информацијата со позиција, службен емаил и службен телефон,

**https://ohrid.gov.mk/%d0%be%d1%80%d0%b3%d0%b0%d0%bd%d0%be%d0%b3%d1%80%d0%b0%d0%bc/**

7. законите кои се однесуваат на надлежноста на имателот на информации, поврзани со регистарот на прописи објавени во службеното гласило,

**https://ohrid.gov.mk/%d0%be%d1%80%d0%b3%d0%b0%d0%bd%d0%be%d0%b3%d1%80%d0%b0%d0%bc/**

8. прописите што во рамките на својата надлежност ги донесува имателот на информацијата во вид на подзаконски акт: правилници (правилник за внатрешна организација, правилник за систематизација на работните места, правилник за заштитено внатрешно пријавување и друго), уредби, наредби, упатства, планови, програми, решенија и други видови акти за извршување на законите и други прописи, кога за тоа се овластени со закон,

**https://ohrid.gov.mk/wp-content/uploads/2017/08/Organizacija_delokgruk_opstinska_administracija.pdf**

**https://ohrid.gov.mk/wp-content/uploads/2017/08/Pravilnik_sistematizacija_opstinska_administracija.pdf**

**https://ohrid.gov.mk/wp-content/uploads/2017/08/KODEKS_ZA_ADMINISTRATIVNITE_SLUZBENICI.pdf**

9. органограм за внатрешна организација,

**https://ohrid.gov.mk/%d0%be%d1%80%d0%b3%d0%b0%d0%bd%d0%be%d0%b3%d1%80%d0%b0%d0%bc/**

10. стратешки планови и стратегии за работа на имателите на информации,

**https://ohrid.gov.mk/%d0%be%d1%80%d0%b3%d0%b0%d0%bd%d0%be%d0%b3%d1%80%d0%b0%d0%bc/**

**https://ohrid.gov.mk/%d0%be%d0%b4%d0%b4%d0%b5%d0%bb%d0%b5%d0%bd%d0%b8%d0%b5-%d0%b7%d0%b0-%d0%bb%d0%be%d0%ba%d0%b0%d0%bb%d0%b5%d0%bd-%d0%b5%d0%ba%d0%be%d0%bd%d0%be%d0%bc%d1%81%d0%ba%d0%b8-%d1%80%d0%b0%d0%b7%d0%b2%d0%be/#1553071622073-4e2d715b-f19c**

11. годишни планови и програми за работа,

**https://ohrid.gov.mk/%d1%81%d0%bb%d1%83%d0%b6%d0%b1%d0%b5%d0%bd-%d0%b3%d0%bb%d0%b0%d1%81%d0%bd%d0%b8%d0%ba/**

**https://ohrid.gov.mk/%d1%81%d0%bb%d1%83%d0%b6%d0%b1%d0%b5%d0%bd-%d0%b3%d0%bb%d0%b0%d1%81%d0%bd%d0%b8%d0%ba/**

12. годишен Буџет и завршна сметка,

**https://ohrid.gov.mk/%d0%b1%d1%83%d1%9f%d0%b5%d1%82-%d0%b8-%d1%80%d0%b5%d0%b2%d0%b8%d0%b7%d0%b8%d1%98%d0%b0/**

13. годишни финансиски планови по квартали и програми за реализација на буџетот,

    **Не**

14. ревизорски извештај**,**

**https://ohrid.gov.mk/%d0%b1%d1%83%d1%9f%d0%b5%d1%82-%d0%b8-%d1%80%d0%b5%d0%b2%d0%b8%d0%b7%d0%b8%d1%98%d0%b0/**

15. видови услуги кои ги даваат имателите на информации (информации за физичката
    достапност за остварување на услугите и информации за е-услугите, податоците за
    законските основи, називот на услугите, документите и податоците потребни за
    остварување на секоја од услугите, механизмите за правна заштита и други релевантни
    податоци),

**https://ohrid.gov.mk/%d1%84%d0%be%d1%80%d0%bc%d1%83%d0%bb%d0%b0%d1%80%d0%b8/**

16. тарифници за надоместоци за издавање на реални акти

**https://ohrid.gov.mk/%d1%84%d0%be%d1%80%d0%bc%d1%83%d0%bb%d0%b0%d1%80%d0%b8/**

17. начинот на поднесување на барање за пристап до информации (начин на
    поднесување усно и писмено барање за пристап до информации, како и барање поднесено
    по електронски пат),

**https://ohrid.gov.mk/%d0%bf%d1%80%d0%b8%d1%81%d1%82%d0%b0%d0%bf-%d0%b4%d0%be-%d0%b8%d0%bd%d1%84%d0%be%d1%80%d0%bc%d0%b0%d1%86%d0%b8%d0%b8-%d0%be%d0%b4-%d1%98%d0%b0%d0%b2%d0%b5%d0%bd-%d0%ba%d0%b0%d1%80%d0%b0%d0%ba%d1%82/**

18. целокупната документација за јавните набавки, за концесиите и за договорите за
    јавно-приватно партнерство,

**https://ohrid.gov.mk/%d1%98%d0%b0%d0%b2%d0%bd%d0%b8-%d0%bd%d0%b0%d0%b1%d0%b0%d0%b2%d0%ba%d0%b8/**

19. предлог на програми, програми, ставови, мислења, студии и други слични документи кои се однесуваат на актите од надлежноста на имателот на информации соопштенија до јавноста за работи преземени од нивната интернет страница во согласност со законските надлежности, информативни билтени, службени гласила ако се обврска согласно закон и друго,

**https://ohrid.gov.mk/**

**https://ohrid.gov.mk/%D1%81%D0%BB%D1%83%D0%B6%D0%B1%D0%B5%D0%BD-%D0%B3%D0%BB%D0%B0%D1%81%D0%BD%D0%B8%D0%BA/**

20. извештаи за работа кои ги поднесуваат до органите надлежни за спроведување контрола и надзор,

**https://ohrid.gov.mk/**

21. статистички податоци за работата, како и други информации, акти и мерки со кои се влијае на животот и работата на граѓаните и кои произлегуваат од надлежноста и работата на имателот на информации

**Не**

22. други информации кои произлегуваат од надлежноста и работата на имателот на информацијата.

**https://ohrid.gov.mk/**

**Забелешка: Пристапот до линковите може да содржи одредена промена, но истиот во целост е поставен на доменот** www.ohrid.gov.mk

**Број 08-3254/74** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2025 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО 2024 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2024 ДО 31.12.2024 ГОДИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште во 2024 година

за периодот од 01.01.2024 до 31.12.2024 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2025 година.

**Број 09 – 3254/156**
**14.03.2025 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2025 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А
### ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО 2024 ГОДИНА ЗА ПЕРИОД ОД 01.01. ДО 31.12.2024 ГОДИНА

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на програмата за уредување на градежно земјиште во 2024 година за период од 01.01. до 31.12.2024 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3254/75**
**14.03.2025 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски,с.р.**

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ОД 01.01.2024 ДО 31.12.2024 година**
**ПРОГРАМА ФА**
**ПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА 2024 година**

Во временскиот период на кој се однесува предметниот извештај, стручните служби на општина презедоа обврски и активности за реализација на зацртаните проекти во Програмата за уредување на градежно земјиште за 2024 година.

Покрај подготвителните работи, изработката на технички спецификации, проекти, предмер пресметки како основ за успешно спроведување на зацртаните проекти, во овој период од 01.01 до 31.12 спроведени се и низа активности во насока на подобрување на комуналната и патната инфраструктура во градот.

Имено,

Врз основа на спроведените ставки за јани набавки и склучените договори, во извештајниот период спроведени се следните активности:

1. Извршено е санирање и крпење на дел од ударните дупки во градот;
2. Извршено е поплочување на предвидените тротоари како и санација на одредени оштетувања на истите;
3. Спроведени се активности за санација на оштетување на други јавни површини(плоштад мини маркет, рекреативна патека Канал-парк, рекреативна патека канал, Бул.Македонски Просветители, Бул.Туристичка);
4. Продолжени се активностите за изградба на канализационен систем во г.Лакочереј;
5. Спроведени се завршни активности за ул.7-ми Ноември;
6. Проширување на водоводните линии во градот и руралните средини;
7. Доиградба на канализациони системи(с.Лескоец, Велгошти, Рача и други градски улици);
8. Заменета е водоводна линија на улиците Анастасија Узунова и Дејан Војвода;
9. Извршени се асфалтирања на пристапни улици во с.Куратица, Вапила, Ливоишта, Косел, Лескоец, Велгошти, Рача)
10. Извршена е рехабилитација на 8(осум) градски краци на улици ;
11. Во соработка со јавните претпријатија спроведени се активности за подобрување и реконструкција на водоводните линии и канализационите мрежи.

Во овој период, согласно надлежностите на јавните претпријатија изготвени се планови за делување во буџетската 2024 година. Дел од тие планови согласно расположливите средства се реализирани или се во тек на реализација.

Заложбата за подобрување на водоснабдувањето како и подобрувањето на канализациски и атмосферски одводи и поплочување на пристапни патеки и површини, со ненамален интензитет се одвива и во овој извештаен период.

Сериозен проблем при реализација на програмите, очигледно претставува неспремноста на економските оператори од аспект на обезбедување на човечки ресурси за навремено и квалитетно завршување на обврските. Недостигот на стручна работна сила како тренд на државата, несомнено делува на програмските активности на општината.

Финансиските показатели прикажани во овој извештај соодејствуваат со динамичкиот план на реализација на активностите и компаративно се на задоволителен степен во однос на претходните години.

Финансиските податоци за потрошени и реализирани средства по намена и локалитети дадени се во следната табела:

## 1. ПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА 2024 година

### А. НАДОМЕСТОК ЗА ЕКСПРОПРИЈАЦИЈА , ПЛАЌАЊЕ СТАРИ ОБВРСКИ И ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ДОПОЛНИТЕЛНИ СРЕДСТВА

| Ред.бр | Опис | Предвидени средства | Извршено 01.01.2024 31.03.2024 | Извршено 01.04.2024 30.06.2024 | Извршено 01.07.2024 30.09.2024 | Извршено 01.10.2024 31.12.2024 | Вкупно 01.01.2024 31.12.2024 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Средства за експропријација на земјиште за отварање на пристапни патишта и улици согласно урбанистички планови и издадени одобренија за градба * | 2.790.000,оо | 1.652.000,оо | 2.230.000,оо | 2.950.000,оо | | 6.832.000,оо |
| 2 | Обврски за плаќање по спогодби и договори по основ на експропријација извршена во | 3.800.000,оо | | | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | претходни години | | 958.000,оо | 1.250.000,оо | 650.000,оо | | 2.858.000,оо |
| ВКУПНО | | **6.590.000,оо** | **2.610.000,оо** | **3.480.000,оо** | **3.600.000,оо** | | **9.690.000,оо** |

*Во тековната година согласно спроведените активности склучени се договори за експропријација на износ 6.832.000,оо денари. Согласно склучените договори исплатата на надоместок по основ експропријација кон сопствениците е регулиран на рати. По тој основ во 2024 година исплатени се 2.790.000, оо денари. Остатокот на предвидените средства со одлука на Советот на Општина Охрид е пренаменет.

### Б. ИЗГОТВУВАЊЕ НА ПРОЕКТНО ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, ЕЛАБОРАТИ И ДРУГИ ДОКУМЕНТИ

| Ред.бр | Опис | Предвидени средства | Извршено 01.01.2024 31.03.2024 | Извршено 01.04.2024 30.06.2024 | Извршено 01.07.2024 30.09.2024 | Извршено 01.10.2024 31.12.2024 | Вкупно 01.01.2024 31.12.2024 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | **Изработка на проектна и техничка документација** | | | | | | |
| 1.1. | Изработка на проектно - техничка документација за изградба, реконструкција, санација и одржување на улична патна мрежа | 1.300.000,оо | | 1.292.454,оо | | | 1.292.454,оо |
| 1.2. | Изработка на проектно - техничка документација за изградба на водоводна мрежа, резервоари и друга опрема | 350.000,оо | | 326.000,оо | | | 326.000,оо |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.3. | Изработка на проектно - техничка документација за изградба и реконструкција на канализациони и атмосферски системи | 600.000,оо | | 441.567,оо | 99.380,оо | 42.000,оо | 582.947,оо |
| 1.4. | Стручна ревизија на проекти | 200.000,оо | | | 5.000,оо | 68.300,оо | 73.300,оо |
| 1.5 | Изработка на елаборати за заштита на животна средина при изготвување на проекти | 150.000,оо | | | | 48.000,оо | 48.000,оо |
| 1.6 | Изработка на геодетски елаборати | 200.000,оо | | | | | |
| 1.7 | Вршење на стручен надзор на изградба, реконструкција и одржавање на објекти | 300.000,оо | 52.400,оо | 73.200.оо | 42.300,оо | 47.200,оо | 215.100,оо |
| 1.8 | Трошоци за лабараториско испитување на квалитетот на материјали и консултански услуги | 250.000,оо | 33.040,оо | | | 52.000,оо | 85.040,оо |
| 1.9 | Средства за изработка на идејно решение за реконструкција на крајбрежен појас од градски плоштад до канал Студенчишта * | 500.000,оо | | | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.10. | Изработка на проектно техничка документација за изградба на велосипедска патека * | 500.000,оо | | | | | |
| ВКУПНО : | | **4.350.000,оо** | **85.440,оо** | **2.133.221,оо** | **146.680,оо** | **257.500,оо** | **2.622.841,оо** |

*1.9 и 1.10 Во тековната 2024 година врз основа на утврдените средства објавени се огласи за избор за изработувачи на проектната документација. Во тековната не се реализирани исплати на финансиски средства .

**В.УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО УРБАНИ СРЕДИНИ**

**В. 1 АСФАЛТИРАЊЕ И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦИ И ПРИСТАПНИ ПАТИШТА ВО УРБАНИ СРЕДИНИ**

| Ред.бр. | Опис | Предвидени средства | Извршено 01.01.2024 31.03.2024 | Извршено 01.04.2024 30.06.2024 | Извршено 01.07.2024 30.09.2024 | Извршено 01.10.2024 31.12.2024 | Вкупно 01.01.2024 31.12.2024 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Реконструкција на ул. „ 7 – Ми Ноември “( од Егејска до кружна раскрсница – активности 2024 година) | 21.470.000,оо | 9.449.934,оо | 2.247.327,оо | 9.772.739,оо | | 21.470.000,оо |
| 2. | Реконструкција на кружна раскрсница Здружение на возачи | 5.500.000,оо | | | | 3.850.000,оо | 3.850.000,оо |
| 3. | Исплата на средства за градежни активности на ул.„ 7 – ми Ноември “ | 5.920.000,оо | | | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | завршени заклучно со 31.12.2023 година | | | 5.920.000,оо | | | 5.920.000,оо |
| 4. | Реконструкција на раскрсница ул. „ 7 ми – Ноември“ со ул. „Егејска“ до влез поранешно Братство | 600.000,оо | | 580.000,оо | | | 580.000,оо |
| 5. | Изградба на ул. „Гоце Делчев“ од ул. „Распаќе “до пресек со ул.„ Ариф Мустафа “ на износ 37.000.000,оо * | | | | | | |
| 6 | Реконструкција на улици во населба Гоце Делчев – бараки | 1.000.000,оо | | | | | |
| 7. | Изградба и реконструкција на паркинг места | 500.000,оо | | 500.000,оо | | | 500.000,оо |
| 8. | Асфалтирање на краци на ул. „ Ристо Чадо “ | 1.500.000,оо | | | | 1.460.000,оо | 1.460.000,оо |
| 9. | Реконструкција на улица „ Анастасија Узунова“ | 1.500.000,оо | 732.000,оо | 768.000,оо | | | 1.500.000,оо |
| 10. | Реконструкција на краци на ул. „ Абас Емин “ | 1.000.000,оо | 425.000,оо | 575.000,оо | | | 1.000.000,оо |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 11. | Асфалтирање на краци на ул. „130 “ | 1.000.000,оо | | 1.000.000,оо | | | 1.000.000,оо |
| 12. | Асфалтирање на дел од ул. „ Македонски Просветители“ и крак од ул. „ Дејан Војвода“ | 3.000.000,оо | | | | 1.730.000,оо | 1.730.000,оо |
| 13. | Реконструкција на дел од улица Мирче Ацев со краци кои се спојуваат со истата улица | 1.200.000,оо | | | | 1.200.000,оо | 1.200.000,оо |
| 14. | Асфгалтирање, тампонирање и реконструкција на пристапни улици за објекти за кои се издадени одобренија за градба или е спроведена постапка за легализација | 3.800.000,оо | | | | 3.600.000,оо | 3.600.000,оо |
| 15. | Спроведување на припремни постапки за асфалтирање на улици, краци и пристапни патеки * | 11.746.312,оо | | | | | |
| ВКУПНО | | **59.736.312,оо** | **10.606.934,оо** | **11.590.327,оо** | **9.772.739,оо** | **11.840.000,оо** | **43.810.000,оо** |

*Во точка 5 степенот на исплата и реализацијата на посочениот инфраструктурен објект се во надлежност на ТАВ и Владата на РСМ.
* Средствата се обезбедени согласно Одлука на Совет бр. 13720/14 од 14.11.2024 година . Во тековната 2024 година со оглед на краткиот период до завршување на буџетската година спроведена е само постапка за избор на економски оператор за спроведување на договорот на јавната набавка .
Во 2024 година не се реализирани активности.

**В.2. ПОПЛОЧУВАЊЕ И ОДРЖАВАЊЕ НА ТРОТОАРИ И УЛИЦИ ВО УРБАНИ СРЕДИНИ**

| Ред.бр. | Опис | Предвидени средства | Извршено 01.01.2024 31.03.2024 | Извршено 01.04.2024 30.06.2024 | Извршено 01.07.2024 30.09.2024 | Извршено 01.10.2024 31.12.2024 | Вкупно 01.01.2024 31.12.2024 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Реконструкција и поплочување на тротоар на дел од ул. „Димитар Влахов“ со хортикултурно уредување | 3.500.000,оо | | 3.469.198,оо | | | 3.469.198,оо |
| 2. | Преуредување на камени плочки на улици „ Цар Самоил “ , „ Илинденска“ , ул. „ Кочо Рацин“ , Климентов Универзитет и други патеки во стариот дел на градот | 3.200.000,оо | 225.594,оо | 520.539,оо | 618.000,оо | 1.760.000,оо | 3.124.133,оо |
| 3. | Реконструкција на постојни тротоари на дел од улица „Македонски Просветители“и крак „Дејан Војвода“ ( простор пред пожарна и полиција ) | 1.500.000,оо | | | | 790.000,оо | 790.000,оо |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 4. | Преуредување на постојни тротоари и пешачки патеки на подрачје на град Охрид | 1.500.000,оо | 410.000,оо | 744.133,оо | 220.000,оо | 106.000,оо | 1.480.133,оо |
| ВКУПНО | | **9.700.000,оо** | **635.594,оо** | **4.733.870,оо** | **838.000,оо** | **2.656.000,оо** | **8.863.464,оо** |

**В.3 ИЗГРАДБА , УРЕДУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ДРУГИ ЈАВНИ ПОВРШИНИ**

| Ред.бр. | Опис | Предвидени средства | Извршено 01.01.2024 31.03.2024 | Извршено 01.04.2024 30.06.2024 | Извршено 01.07.2024 30.09.2024 | Извршено 01.10.2024 31.12.2024 | Вкупно 01.01.2024 31.12.2024 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Санација и изградба на потпорни ѕидови во Општина Охрид | 2.000.000,оо | 572.000,оо | | | 1.364.000,оо | 1.936.000,оо |
| 2. | Одржување и санација на пешачки патеки,јавни површини и платоа | 1.500.000,оо | 364.000,оо | 895.000,оо | 95.000,оо | 107.000,оо | 1.461.000,оо |
| 3. | Изградба на систем за наводнување на постојни жардињери на ул. 7- ми Ноември | 410.000,оо* | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ВКУПНО | **3.910.000,oo** | **936.000,oo** | **895.000,oo** | 95.000,oo | **1.471.000,oo** | **3.397.000,oo** |

**В.4. ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ ВО УРБАНИ СРЕДИНИ**

| Ред.бр. | ОПИС | Предвидени средства | Извршено 01.01.2024 31.03.2024 | Извршено 01.04.2024 30.06.2024 | Извршено 01.07.2024 30.09.2024 | Извршено 01.10.2024 31.12.2024 | Вкупно 01.01.2024 31.12.2024 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Изградба на водоводни линии за доизградба на водоводен систем согласно издадени одобренија за градба и извршени легализации | 8.700.000,оо | 2.184.890,оо | 815.110,оо | | 5.270.000,оо | 8.270.000,оо |
| 2. | Реконструкција на водоводна линија на ул. „Дејан Војвода “ | 2.500.000,оо | | 345.610,оо | | 2.108.000,оо | 2.454.610,оо |
| 3. | Исплата на извршени активност за реконструкција на водоводна линија од средна потисна зона * | 5.000.000,оо | | | | | |
| 4. | Изведба на девијација на водоводна линија на улица Гоце Делчев | 1.300.000,оо | | | | 1.300.000,оо | 1.300.000,оо |
| ВКУПНО: | | **12.500.000,оо** | **2.184.890,оо** | **1.160.720,оо** | | **8.678.000,оо** | **12.023.610,оо** |

*Средствата од точка 3 се обезбедни од Министерство за животна средина .

**В.5. ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ФЕКАЛНИ И АТМОСФЕРСКИ КАНАЛИЗАЦИОНИ МРЕЖИ ВО УРБАНИ СРЕДИНИ**

| **Ред.бр.** | **ОПИС** | **Предвидени средства** | **Извршено 01.01.2024 31.03.2024** | **Извршено 01.04.2024 30.06.2024** | **Извршено 01.07.2024 30.09.2024** | **Извршено 01.10.2024 31.12.2024** | **Вкупно 01.01.2024 31.12.2024** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Изградба на улична фекална и атмосферска канализација на постојни мрежи во Општина Охрид согласно реализација на урбанистички плански документации и издадени одобренија за градба | 6.000.000,оо | 1.630.395,оо | 2.730.000,оо | 480.000,оо | 1.075.000,оо | 5.915.395,оо |
| 2. | Исплата на средства за изведени работи за изградба на на атмосферска канализациона мрежа на ул. „ 7 ми Ноември “ – заклучно со 31.12.2023 година | 8.100.000,оо | 5.500.000,оо | 2.500.000,оо | | | 8.000.000,оо |
| 3. | Изградба на атмосферска канализациона мрежа на ул. „ Петрино “ | 500.000,оо | | | | 470.000,оо | 470.000,оо |
| 4. | Изградба на атмосферска канализациона мрежа на ул. „ Васил Главинов “ | 1.000.000,оо | | | | | |
| 5. | Нивелирање и санација на канализциони шахти, сливници и промена на капаци | 1.000.000,оо | 208.000,оо | 285.000,оо | 303.000,оо | 173.000,оо | 969.000,оо |
| 6. | Изградба на атмосферска канализација на ул. “ Гоце Делчев“ | 6.500.000,оо | 1.185.000,оо | 4.094.016,оо | 1.220.984,оо | | 6.500.000,оо |
| ВКУПНО: | | **23.100.000,оо** | **8.523.395,оо** | **9.609.016,оо** | **2.003.984,оо** | **1.718.000,оо** | **21.854.395,оо** |

**Г.УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО РУРАЛНИ СРЕДИНИ**

**Г.1. АСФАЛТИРАЊЕ И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦИ И ПРИСТАПНИ ПАТИШТА ВО РУРАЛНИ СРЕДИНИ**

| Ред.бр. | Опис | Предвидени средства | Извршено 01.01.2024 31.03.2024 | Извршено 01.04.2024 30.06.2024 | Извршено 01.07.2024 30.09.2024 | Извршено 01.10.2024 31.12.2024 | Вкупно 01.01.2024 31.12.2024 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Изградба, одржување и реконструкција на улична патна мрежа во с. Велгошти | 3.500.000,оо | 1.563.000,оо | 1.930.000,оо | | | 3.493.000,оо |
| 2. | Изградба и реконструкција на улична патна мрежа во с. Лескоец | 1.500.000,оо | 623.000,оо | 870.000,оо | | | 1.493.000,оо |
| 3. | Изградба и реконструкција на улична патна мрежа во с. Рача и Велестово | 1.200.000,оо | 765.000,оо | 425.000,оо | | | 1.190.000,оо |
| 4. | Изградба и реконструкција на улична патна мрежа во с. Коњско и Шипокно | 1.000.000,оо | 464.000,оо | 520.000,оо | | | 984.000,оо |
| 5. | Изградба и реконструкција на улична патна мрежа во с. Пештани | 1.000.000,оо | | | | 963.000,оо | 963.000,оо |
| 6. | Изградба и реконструкција на улична патна мрежа во рурални средини | 1.500.000,оо | 1.500.000,оо | | | | 1.500.000,оо |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 7. | Спроведување на припремни постапки за асфалтирање улици, краци и пристапни патеки во рурални средини | 11.000.000,оо* | | | | | |
| ВКУПНО | | **20.700.000,оо** | **4.915.000,оо** | **3.745.000,оо** | | 963.000,оо | **9.623.000,оо** |

* Средствата се обезбедени согласно Одлука на Совет бр. 13720/14 од 14.11.2024 година . Во тековната 2024 година со оглед на краткиот период до завршување на буџетската година спроведена е само постапка за избор на економски оператор за спроведување на договорот на јавната набавка .
Во 2024 година не се реализирани активности.

**Г.2. ПОПЛОЧУВАЊЕ И ОДРЖАВАЊЕ НА ТРОТОАРИ И УЛИЦИ ВО РУРАЛНИ СРЕДИНИ**

| **Ред.бр.** | **Опис** | **Предвидени средства** | **Извршено 01.01.2024 31.03.2024** | **Извршено 01.04.2024 30.06.2024** | **Извршено 01.07.2024 30.09.2024** | **Извршено 01.10.2024 31.12.2024** | **Вкупно 01.01.2024 31.12.2024** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Поплочување и одржавање на улици, тротоари, и други површини во рурални средини ( с. Куратица ; с. Велгошти; с. Лескоец; с. Горно и Долно Лакочереј; с.Коњско; с. Пештани ;с. Рача ,с.Елшани) | 2.500.000,оо | 430.000,оо | 926.000,оо | 585.000,оо | 473.000,оо | 2.414.000,оо |
| ВКУПНО | | **2.500.000,оо** | **430.000,оо** | 926.000,оо | 585.000,оо | 473.000,оо | 2.414.000,оо |

**Г.3. ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ И ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО РУРАЛНИ СРЕДИНИ**

| Ред. Бр. | ОПИС | Предвидени средства | Извршено 01.01.2024 31.03.2024 | Извршено 01.04.2024 30.06.2024 | Извршено 01.07.2024 30.09.2024 | Извршено 01.10.2024 31.12.2024 | Вкупно 01.01.2024 31.12.2024 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Изградба на каптажа за вода во с. Коњско | 250.000,оо | | | | | |
| 2. | Набавка со монтажа на пумпа за вода во с. Шипокно | 440.000,оо | | | 377.357,оо | | 377.357,оо |
| 3. | Поправка и санација на постојни водоводни мрежи во рурални средини | 1.000.000,оо | 275.000,оо | 423.000,оо | 181.000,оо | 110.500,оо | 989.500,оо |
| 4. | Изградба на отворени канали со пропусти | 2.000.000,оо | | | | 1.860.000,оо | 1.860.000,оо |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 5. | Изградба на фекална канализациона мрежа во с. Горно и Долно Лакочереј | 26.250.000,оо | 9.583.228,оо | | | 6.750.000,оо | 16.333.228,оо |
| 6. | Доизградба на дел од фекална канализациона мрежа во рурални средини | 3.000.000,оо | 751.800,оо | 921.000,оо | 510.000,оо | 750.000,оо | 2.932.800,оо |
